Саша Гавриќ и Јасмина Чаушевиќ



ОД ДЕМЕДИКАЛИЗАЦИЈА ДО ИСТОПОЛОВИ БРАКОВИ:

ПОНОВАТА ИСТОРИЈА НА ХОМОСЕКСУАЛНОСТА И ТРАНСРОДОВОСТА НА ЗАПАДЕН БАЛКАН

Саша Гаврић и Јасмина Чаушевић

ОД ДЕМЕДИКАЛИЗАЦИЈА ДО ИСТОПОЛОВИ БРАКОВИ:

ПОНОВАТА ИСТОРИЈА НА ХОМОСЕКСУАЛНОСТА И ТРАНСРОДОВОСТА НА ЗАПАДЕН БАЛКАН

Од демедикализација до истополови бракови:
Поновата историја на хомосексуалноста и трансродовоста на Западен Балкан

ИЗДАВАЧ
Фондација Отворено општество – Македонија

ЗА ИЗДАВАЧОТ
Фани Каранфилова-Пановска Фондација Отворено општество – Македонија

АВТОРИ
Саша Гаврић
Јасмина Чаушевић

ПРЕВОД И ЛЕКТУРА
ДП Абакус

СТРУЧНА РЕДАКЦИЈА
м-р Наташа Бошкова

Дизајн на електронско издание
КОМА дизајн студио

Наслов на оригиналот:
Od demedikalizacije do istospolnih brakova:
Novija istorija homoseksualnosti i transrodnosti Zapadnog Balkana

Издавач:
Buybook
Радићева бр. 4, Сараево
Тел: + 387 33 550-495
Факс: + 387 33 550-496
redakcija@buybook.ba
www.buybook.ba
Buybook
Туринина бр. 7, Загреб
Тел: + 385 98 232-813
info@buybook.hr

Copyright © Saša Gavrić i Jasmina Čaušević, 2020.
Copyright © за изданието на босански, хрватски и српски јазик, Buybook, 2020.
Сите права се задржани. Ниту еден дел од оваа книга не смее да се репродуцира
во каква било форма без претходна согласност од издавачот.

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска
библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

316.837(497-15)(091)

ГАВРИЌ, Саша
Од демедикализација до истополови бракови [Електронски извор] : поновата
историја на хомосексуалноста и трансродовостана Западен Балкан/ Саша Гаврић
и Јасмина Чаушевић. - Скопје : Фондација Отворено општество - Македонија, 2021
Начин на пристапување (URL): https://fosm.mk/publikacii/ - аТекст во
PDF формат, содржи [107] стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на
изворот на ден 24.02.2021. - Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. [100-102]

ISBN 978-608-218-324-4

1. Гл. ств. насл. 2. Чаушевић, Јасмина [автор]
а) Хомосексуалност и трансродовост -- Западен Балкан -- Историја
б) ЛГБТИ-движење -- Западен Балкан -- Историја

COBISS.MK-ID 53249029

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на авторит е и на ниту еден начин не може да се смета
дека ги одразува гледиштата на Фондацијата Отворено општество – Македонија.

Саша Гавриќ и Јасмина Чаушевиќ

ОД ДЕМЕДИКАЛИЗАЦИЈА ДО ИСТОПОЛОВИ БРАКОВИ:

ПОНОВАТА ИСТОРИЈА НА ХОМОСЕКСУАЛНОСТА И ТРАНСРОДОВОСТА НА ЗАПАДЕН БАЛКАН

Скопје, 2021 година

Содржина

Предговор 7

Белешка на авторите 8

Вовед 9

1. СОЦИЈАЛИЗАМ И „ПРОТИВПРИРОДЕН БЛУД“: ОДНОСОТ КОН ХОМОСЕКСУАЛНОСТА ДО 1990 14

1.1 Историски и општествени околности 14

1.2 Постепена либерализација: Партија, држава и хомосексуалност 16

1.3 Постепена либерализација 2: Сексологија, уметност и медиуми 20

1.4 Пред крајот на една епоха: Почетоци на геј и лезбискиот активизам во осумдесеттите 24

Библиографија 28

2. НИШТО ВЕЌЕ НЕ Е ИСТО: ДЕВЕДЕСЕТТИТЕ 29

2.1 Историски и општествени околности 29

2.2 Светска здравствена организација: Хомосексуалноста веќе не е болест 32

2.3 Невидливо признавање: Декриминализација на хомосексуалноста 34

2.4 Стапување на сцена: Трансродовост 35

2.5 Развој на геј-лезбискиот активизам 37

Библиографија 41

3. ЕВРОПЕИЗАЦИЈА И ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА:
РАЗВОЈ НА ЛГБТИ-ДВИЖЕЊЕТО И ПРАВАТА ПО 2000 42

3.1 Историски и општествени околности 42
3.2 ЛГБТИ-правата се човекови права:
Развој на стандарди за човековите права на ЛГБТИ-луѓето 45
3.3 Активизам според западни стандарди:
Основање и развој на здруженија на ЛГБТИ 48
3.4 Излегување на улица:
Прајд, паради и маршеви на гордоста 52
3.5 Законска заштита под надворешен притисок:
Закони за забрана на дискриминацијата 56
3.6 Законска заштита под надворешен притисок 2:
Кривични дела од омраза и семејно насилство 61
3.7 Законска заштита под надворешен притисок 3:
Права на трансродовите луѓе 66
3.8 Освојување на јавниот простор:
Поп-култура, медиуми и уметност 70

Библиографија 78

4. ЛГБТИ-ПРАВАТА ВО ТРЕТАТА ДЕЦЕНИЈА ОД
НОВИОТ МИЛЕНИУМ: ПРЕДИЗВИЦИ, ПРЕЧКИ, ПОТЕНЦИЈАЛ 80

4.1 Идентитетски политики 80
4.2 Нови форми на организирање на ЛГБТИ-движењето 82
4.3 Поголема видливост, поголемо прифаќање? 85
4.4 Љубов е љубов: Истополови заедници и бракови 89
4.5 Демедикализација на трансродовоста
и на небинарните идентитети 92
4.6 Нови букви кон ЛГБТ:
И за интерсексуалноста 93
4.7 Политичка хомофобија:
Стара десница, нови напади 94

Библиографија 98

Поговор 100

Хронологија на настаните: ЛГБТИ низ поновата историја 102

За авторот и авторката 104

ПРЕДГОВОР

Таа видливост што нè прави најранливи
е изворот на нашата најголема сила.

ОДРИ ЛОРД

жена, црнкинка,
поетеса, лезбијка,
мајка, активистка

Едно неодамнешно истражување на глобалните ставови кон хомосексуалноста (Pew Research Center, 2019) покажало дека постои силна корелација помеѓу богатството и развиеноста на земјата, од една страна, и прифаќањето на хомосексуалноста во општеството, од друга страна. Земјите од Западен Балкан не биле дел од ова истражување, а нам најблиските земји кои се вклучени, Бугарија и Турција, се рангирани релативно ниско на скалата на прифаќање.

Како стои Западен Балкан, ниту богат ниту развиен, каде што секоја другост е проблематична, во однос на прашањето за хомосексуалноста и трансродовоста? Дел од одговорите ќе ги најдеме во книгата „Поновата историја на хомосексуалноста и трансродовоста на Западен Балкан", од авторите Саша Гавриќ и Јасмина Чаушевиќ.

Книгата сведочи за три децении исклученост, дискриминација и насилство, но подеднакво сведочи и за значајниот нормативен и општествен напредок благодарение на истрајноста, одлучноста и храброста на голем број ЛГБТИ активистки и активисти. Според меѓународните статистики, ЛГБТИ-луѓето многу почесто се мета на кривични дела од омраза во споредба со која било друга малцинска група. Дотолку повеќе, нивната борба треба да се цени и поддржува независно од тоа колку е постигнато досега. А постигнато е многу, можеби многу повеќе отколку во некои други демократски процеси во регионот, имајќи ја предвид закоренетоста на предрасудите поврзани со хомосексуалноста и со трансродовоста.

Воопшто не се сомневав дека Саша и Јасмина ќе направат добар преглед на борбата за правата на ЛГБТИ-луѓето во регионот, но морам да признам дека не очекував книгата да биде толку живописна и дека ќе се чита во еден здив. „Поновата историјата на хомосексуалноста и трансродовоста на Западен Балкан" има потенцијал да стане задолжително четиво за оние кои, наспроти актуелните трендови, и натаму веруваат дека еднаквоста, достоинството и праведноста им припаѓаат на сите луѓе.

Добрила Говедарица, извршна директорка
Фонд Отворено општество БиХ

БЕЛЕШКА НА АВТОРИТЕ

Оваа книга е, пред сè, наменета за сите оние кои ги интересира хронологијата на развојот на правно-политичкиот однос на општеството и на државата кон ЛГБТИ-заедниците на Западен Балкан, од моментот кога хомосексуалноста престанала да се смета за болест до денешен ден, триесет години подоцна. Ја пишувавме во стил што не е академски (гер. Fachbuch), туку повеќе може да се одреди како публицистички (гер.Sachbuch). Сепак, имајќи предвид дека нашиот приод кон работата го засновавме на собирање литература, архивска граѓа и документација, ги почитувавме сите научни стандарди за подготовка на една ваква книга.

Нашата намера не беше да понудиме оригинално научно дело, туку книга која го собира знаењето од претходните 30 години и на тој начин нуди избран поглед на минатото. Станува збор за прегледна книга која им овозможува на читателите/ките да се запознаат со главните идеи, но и со авторите/ките кои подлабоко се занимавале со одредени теми, прашања и проблеми. Изворите што ги користевме се наведени по секое поглавје.

Како што сугерира самиот наслов, се занимававме со историјата, но не правевме историски анализи бидејќи не ги познаваме методите за историско обработување на минатото. Историјата за која станува збор овде не е научна дисциплина во потесна смисла на зборот, туку генерален поим што се однесува на пишувањето за минатите настани. Минатото го обработивме како средство, бидејќи нашата цел беше да напишеме книга за поновата историја на хомосексуалноста и трансродовоста на Западен Балкан. Се трудевме, со ентузијазам и со посветена работа, да го надминеме недостигот на лична историографска стручност во процесот на пишување и толкување на граѓата. Југославија не ја претставивме како изразено тоталитарна држава во нејзиниот однос кон хомосексуалноста бидејќи фактите што ги собравме и ги претставивме овде не ја потврдуваат таквата теза. Избегнувавме романтизирање на приказната за Југославија, но и нејзина еднострана критика, особено онаа што доаѓа од етнонационалистичкиот дискурс по нејзиното распаѓање.

Работата на оваа книга беше, меѓу другото, и ескапизам во време на пандемија и разни несигурности во општеството. Она што беше многу поважно од личните искушенија при работата на оваа книга, е идејата дека ЛГБТИ и квир-луѓето, особено помладите, треба да ја знаат својата историја – истрајноста, гордоста и другите борби за признавање на правото на достоинствен живот. Со оглед на тоа дека собравме богата граѓа за историјата на ЛГБТИ и за темите поврзани со ЛГБТИ, користената литература што ја наведуваме по секое поглавје, исто така, претставува и преглед на научните дела, разгледаните книги и текстови што биле напишани и објавени во земјите од Западен Балкан. Овде се повикуваме на одделни делови од тие книги, додека оние кои сакаат подлабоко и поцелосно да се информираат за одредени периоди или теми, ги упатуваме да ги пребараат нашите извори, а истражувачкиот пат сигурно ќе ги однесе подалеку.

Саша Гаврић и Јасмина Чаушевић

ВОВЕД

Деведесеттите години од 20 век почнаа, по многу работи, со најважниот настан од современата историја на хомосексуалноста. Имено, на 17 мај 1990 година, на 43-тото собрание на Светската здравствена организација во Женева, е усвоена десеттата ревизија на Меѓународната класификација на болестите и сродните здравствени проблеми, скратено МКБ-10, која содржи шифри за болести, симптоми, патолошки наоди, општествени околности и надворешни причинители на повреди или болести. Од долгиот список кодови и шифри е отстранета класификацијата која ќе ги смени животите на милиони геј-мажи, лезбијки и бисексуалци, па и квир-луѓе, ширум светот. МКБ-10 експлицитно нагласува дека „сексуалната ориентација, сама по себе, не треба да се смета за нарушување". Тоа беше првпат, по Втората светска војна, Светската здравствена организација да воведе ваков квалификациски список на болести и нарушувања, во кој хомосексуалноста не е наведена како болест.

Овој историски факт ја поттикна идејата на едно место да ги собереме референтните дела и да направиме преглед на она што се случувало во претходните триесет години на просторот кој се означува со разни имиња, а ние во книгата го означуваме како Западен Балкан. Како се развивала современата историја на хомосексуалноста, но и на трансродовоста, во државите од Западен Балкан? Што сè влијаело врз демедикализацијата и декриминализацијата на хомосексуалноста? Како се развивал ЛГБТИ-активизмот на овие простори во овој период? Како се развивала правната заштита и кои области ги опфатила? На кој начин процесите за демократизација и европеизација на Западен Балкан влијаеле врз животите на ЛГБТИ-луѓето? Ова се само некои од прашањата по чиишто одговори трагавме пишувајќи ја оваа книга.

Без оглед на тоа што полибералниот дел од југословенската јавна сфера, преку културата, уметноста, сексологијата, па и преку медиумите, отворил патеки за нормализација на хомосексуалноста преку научно втемелени факти, популарни песни, филмови и позитивни новинарски текстови, а геј-лезбиската уметничка и медиумска продукција станувала сè побогата и поразнолика, отстранувањето на хомосексуалноста од списокот на болести во 1990 година поминало речиси незабележано-како во Југославија, така и во Албанија. Ова воопшто не нè изненади, бидејќи во тие години обете држави минуваа низ најдлабоките промени по Втората светска војна. Многу пред нејзиното крваво распаѓање, Југославија наголемо беше во фаза на трансформација од еднопартиски во повеќепартиски политички систем, од планска во пазарна економија, од федерација во независност на одделните републики. И Албанија минувала низ сеопфатна трансформација од една од најзатворените социјалистички држави во млада либерална демократија. Притоа, доаѓа до целосно распаѓање на рамката што ги гарантира економските и социјалните права во формата во која овие две земји дотогаш ги познавале.

Во третиот милениум, делумно поради своите историски засновани специфичности и предноста пред остатокот од Југославија, како и поради поддршката од Западна Европа, Словенија и Хрватска успеаја да се приклучат на Европската Унија, додека другите новонастанати постјугословенски држави – Босна и Херцеговина, Црна Гора, (Северна) Македонија, Србија, а подоцна и Косово, како и Албанија, го започнаа бесконечно долгиот пат кон демократизација, транзиција, европеизација, интеграција во ЕУ и реформи. Овие држави сè уште се наоѓаат на овој пат и минуваат низ слични промени. Поради историскиот контекст, заедничкото минато и поврзаноста, во книгата неретко се упатува на настаните во Словенија и во Хрватска, но бидејќи овие две држави имале поинаков економски и општествено-политички развој, како и поради нивните специфичности, не само во последните 30 години туку и претходно, при собирањето на податоците и во самиот текст се фокусиравме на поновата историја на хомосексуалноста и трансродовоста во Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово, Северна Македонија и Србија – шест држави кои денес го сочинуваат таканареченото регион на Западен Балкан. Намерата ни беше да согледаме низ какви промени минале лезбиските, геј, бисексуалните, транс и интерсексуалните заедници во овие шест држави и каков бил патот до демедикализација и декриминализација на хомосексуалноста, до постепена законска заштита од насилство и од дискриминација врз основа на сексуалната ориентација, а подоцна и врз основа на родовиот идентитет и половите карактеристики.

Во последните 30 години, ЛГБТИ-заедниците во овие шест држави минале низ големи промени, а 2020 година ја користиме само како момент кога можеме да се осврнеме на минатите настани за да ги научиме лекциите и да ги предвидиме промените во блиската идната. Иако во фокусот на книгата е период од 30 години, т.е. од одлуката на Светската здравствена организација во 1990 година, па сè до август 2020 година, заради обезбедување поширока слика и следење на линијата на промената, книгата ја почнавме со периодот по Втората светска војна. Оттука, во првото поглавје даваме осврт на односот на социјалистичка Југославија и социјалистичка Албанија кон хомосексуалноста. Поглавјето укажува на постепениот процес на либерализација и на различните приоди што ги имале Словенија и Хрватска споредено со другите југословенски републики. Во ова поглавје го прикажуваме и тоа дека наративите во Југославија и во Албанија, во голема мера, биле фокусирани на хомосексуалноста, додека прашањата за трансродовост и интерсексуалност не се поставуваат, што на крајот на краиштата не е случај и во остатокот од Европа. Следејќи ја реалната слика за времињата со кои се занимаваме, прашањата за транс и интерсексуалните лица ги воведуваме хронолошки, со зголемена видливост на овие теми во 90-тите години, и особено дури во третиот милениум, што значи дека тие се воведени подоцна во книгата. Невидливоста на прашањата на транс и интерсексуалните лица е само одраз на времето, а никако на нашето занемарување на овие идентитети и заедници. Сепак, во самиот наслов свесно одлучивме да ја изоставиме интерсексуалноста, имајќи на ум дека овде сепак станува збор за краток преглед на специфични места од современата историја на хомосексуалноста и трансродовоста.

Содржината на книгата е направена според хронолошкото менување на главните општествено-политички околности, онака како што ги поставува мејнстрим културата и политиката. По воведниот дел, во кој се осврнуваме на социјалистичка Југославија и на социјалистичка Албанија (прво поглавје), книгата е поделена во три дела (второ, трето и четврто поглавје). Второто поглавје го обработува периодот на 90-тите

- период на војни и разградување, кој ќе има амбивалентно влијание врз самите ЛГБТИ-луѓе. 90-тите се години кога се случува демедикализација и декриминализација на хомосексуалноста, но воедно тоа се и години кога нашите општества уништија еден систем за да го заменат со нов, чијашто изградба никогаш не заврши. Во општествата се нормализираат етнонационализми, преку претерано влијание на религијата и ретрадиционализација на ригидните, бинарни дефиниции на родовите улоги и односи, а сè заедно имало големо влијание врз тоа како се третираат хомосексуалноста и трансродовоста во општеството.

Истовремено, 90-тите години се и период кога се појавиле првите геј-лезбиски активистички иницијативи. Третото поглавје од книгата се занимава со периодот од 2000-тите години до денес. Крајот на војните и конфликтите во 2001 година, како и процесите на демократизација на Западен Балкан, заедно со европеизацијата и глобалното прифаќање на правата на ЛГБТИ-луѓето, ќе помогнат и ќе овозможат значаен развој на ЛГБТИ-активизмот. Освен геј-лезбискиот активизам, во граѓанското општество сè поголема видливост добиваат и прашањата што се однесуваат на транс и интерсексуалните лица. Во четвртото поглавје нудиме преглед на одредени теми кои доминираат во јавните наративи, а всушност се стари и се само преобликувани во новиот дискурс на десничарските иницијативи, како и на предизвиците за ЛГБТИ-активизмот денес. Во овој дел не даваме, ниту пак можеме да дадеме конечен одговор на прашањата дали идентитетските политики се целисходни, туку покажуваме дали постои ЛГБТИ-движење на Западен Балкан, како општествено движење според класичното разбирање на овој термин, и претставуваме некои од предизвиците за *родовата идеологија*. Иако сите тие теми се комплексни, ние дадовме кратки рамки во кои ги разгледавме овие прашања, потпирајќи се на современата теоретска мисла.

За да не западнеме во замката заради конкретност да означуваме нешто што во даден момент во реалноста не било видливо во дискурсот, во оваа книга свесно ќе користиме различни термини и кратенки. Во одредени поглавја, кои не ги вклучуваат транс и интерсексуалните прашања, зборуваме за хомосексуалноста, геј-мажите и лезбијките или за сексуалната ориентација. Во случај кога поглавјата ги опфаќаат транс-прашањата, зборуваме за ЛГБТ-луѓе, правата на ЛГБТ-луѓето и родовиот идентитет. Ги користиме востановените термини транссексуалост и транссексуални лица, иако ни е познато дека за терминот *transsexual* се користат и други преводи. На крај, доколку во процесот се вклучени и интерсексуалците, тогаш ја користиме кратенката ЛГБТИ и терминот полови карактеристики. Во ретки ситуации ги вклучуваме и прашања на квир и/или небинарните лица. Поради ограниченото простор и нашата намера преку оваа книга да ги претставиме општите тенденции кои придонеле за развој, за жал не бевме во можност детално да навлегуваме во позицијата на одделни заедници, ниту пак во придонесот на сите поединци/ки, групи и здруженија кои дејствувале и сè уште дејствуваат на овие простори. Иако сметаме дека е важно да се претстават специфичностите на, на пример, лезбиската или геј-заедницата, прашањата за ЛГБТ-заедницата во рамките на ромските заедници или односот меѓу попреченоста и ЛГБТИ-идентитетот, за жал, тоа се теми кои овде не успеавме да ги обработиме. Некои од нашите другарки и другари, кои ја читаа книгата додека таа беше во подготовка, забележаа дека недостига интерсекциски приод кон прашањата за економско-социјалните и работничките права на ЛГБТИ-луѓето. Иако веќе постојат истражувања за овие важни проблеми, ние не се занимаваме со овие прашања бидејќи сметавме дека тие заслужуваат посебна студија и многу поголем простор од оној што може да им го даде оваа книга.

Во книгата како синоними ги користиме синтагмите *права на ЛГБТИ-луѓето и ЛГБТИ-права.* Нагласуваме дека ЛГБТИ-правата не ги разбираме како посебни права, бидејќи правата на ЛГБТИ-луѓето се интегрален и неотуѓив дел од универзалните човекови права. ЛГБТИ-права е израз што го разбираме како правен, идеолошки и политички концепт според кој секое човечко битие, со самиот чин на раѓање, се стекнува со одредени неотуѓиви права. Иако често се користат термините сексуални и родови малцинства, ние свесно не ги користевме. Исто така, следејќи ја временската реалност, Македонија не ја означувавме како Северна до моментот кога таа го смени своето уставно име во 2019 година. Исто така, иако независноста на Косово како држава не е признаена од Србија и од БиХ, поради специфичниот пат во развојот на ЛГБТИ-правата и активизмот, и претходно, а особено по 1999 година, Косово е обработено како посебна единица, без да се навлегува во дебата за тоа дали станува збор за независна држава или не. За потребите на оваа книга, зборот *западни* го подразбираме како политичка одредница, а не задолжително како географска одредница, па затоа секаде го пишуваме со голема буква.

Првиот нацрт во многу работи се разликува од финалната верзија. Наспроти вообичаениот начин на работа, според кој книгата се надополнува со информации во текот на работата, нашиот пат беше обратен. Голем дел од податоците кои иницијално ги вградивме во книгата беа изоставени со секое ново читање, иако стануваше збор за исклучително интересни екскурси, за поконцизно и појасно да ја прикажеме линијата на развој на идеите кои се во фокусот на оваа книга. Според нашето видување, оваа книга е избор на најважните моменти во современата историја на ЛГБТИ на Западен Балкан. Фактот дека не споменуваме одредени настани или појави никако не го намалува нивното значење, туку е одраз на нашата желба оваа книга да ја направиме прегледна и, секако, одраз на позицијата од која ја пишувавме книгата. Повикувајќи се на гледиштето за феминистичката теорија (анг. standpoint theory), мора да ја објасниме и позицијата од која ја замисливме оваа книга. Иако оваа теорија ја застапува тезата дека знаењето е ситуациско, т.е. знаењето никогаш не е неутрално и тоа е производ на општествени, политички и голем број други влијанија и околности, знаењето што го претставивме овде е производ на нашите координати за реалноста. Нашата почетна истражувачка точка во пишувањето за општествените околности кои го обликувале животот на ЛГБТИ-луѓето ги покажува и нашите искуства, знаења, идентитети и практики. Историските и правните факти ги ставивме во општествен контекст, онака како што ни изгледаше дека најреално ја покажуваат патеката на либерализација на односот кон хомосексуалноста и трансродовоста. За жал, некои информации за кои сметавме дека би биле од значење за прикажување на развојот, едноставно не можевме да ги најдеме, со оглед на тоа дека балканската публицистика и академската заедница само ограничено се занимаваат со современата историја на ЛГБТИ-заедницата. Се надеваме дека со книгата успеавме да го покажеме синхронискиот и дијахронискиот развој на односите на одделни делови од општествата кон хомосексуалноста, трансродовоста и интерсексуалноста, преку различни идеолошки парадигми, време и простор.

На крај, поради неможноста да читаме литература на албански јазик, но и поради малиот број книги и текстови кои се занимаваат со Албанија и кои можевме да ги најдеме во базите на англиски јазик кои ни беа достапни, се обративме за помош до новинарот и активист Кристи Пиндери, кој ни ги пренесе своите знаења и ни помогна подлабоко

да го разбереме албанскиот историски и општествен контекст. Му должиме огромна благодарност бидејќи без неговиот придонес толкувањето на настаните во Албанија ќе останеше површно, некаде дури и сосема погрешно, и - се разбира - оскудно. Исто така, им искажуваме голема благодарност на: Селма Алиспахиќ, социолог од Сараево; Бојан Билиќ, професор на Универзитетот во Болоња; Емина Бошњак, извршна директорка на Сараевскиот отворен центар; Слободанка Декиќ, докторантка по антропологија од Белград; Наташа Бошкова, правна советничка во Коалицијата Маргини од Скопје; Хана Ќопиќ, докторантка по антисемитистички студии во Берлин; Франко Дота, историчар и програмски координатор во здружението Загреб прајд; Марко Јуричиќ, активист во организацијата Загреб прајд; Антонио Михајлов, претседател на здружението Субверзивен фронт од Скопје; Горан Милетиќ, директор за Европа, Civil Rights Defenders; Лепа Млаѓеновиќ, лезбиска активистка и феминистка од Белград; Кристиан Ранѓеловиќ, активист за правата на интерсексуалните луѓе, и на Јован Џоли Улиќевиќ, извршен директор на Асоцијацијата Спектра од Подгорица, за нивната солидарност, добронамерност и за времето што го одвоија за да ја прочитаат нашата книга и да дадат драгоцени критики, коментари, увиди и совети за тоа како да ја дополниме. Секој од нив даде голем придонес за подобрување на содржината. Без нивните интервенции во нашиот ракопис, оваа книга немаше да постои, бидејќи навистина не би се осмелиле книгата да ја понудиме за објавување.

1. СОЦИЈАЛИЗАМ И „ПРОТИВПРИРОДЕН БЛУД": ОДНОСОТ КОН ХОМОСЕКСУАЛНОСТА ДО 1990

1.1 Историски и општествени околности

Сложеноста и разликите помеѓу југословенскиот и албанскиот социјализам, во сите работи, па и во нивниот однос кон хомосексуалноста, заслужуваат многу поголем простор од оној што може да го понуди оваа книга. Сепак, овде ќе истакнеме неколку идеи кои ни се чинат важни за да се објасни контекстот кој влијаел врз животите на луѓето, па и врз самите лезбијки, геј-мажи, бисексуални и трансродови луѓе.

Социјалистичка Федерална Република Југославија (СФРЈ) е називот на некогашната држава што ја сочинуваа републиките и автономните покраини, а денес држави: Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Косово и Северна Македонија. СФРЈ била ценета во светот поради својата борба против фашизмот, отпорот кон сталинизмот и членството во Движењето на неврзаните. Таа е создадена по Втората светска војна, како наследник на Кралството Југославија, и постоела речиси 50 години.

За време на Втората светска војна Албанија станала меѓународно боиште, а нацистите се повлекле дури во 1944 година. За целиот тој период Енвер Хоџа станувал сè посилен на челото на комунистичката војска. По Втората светска војна, полуфеудалната Албанија станува индустриска земја, која не му рекла *не* на Сталин, но се повлекла од Варшавскиот пакт и се свртела кон Кина, станувајќи една од најзатворените држави во Европа. За Албанците и Албанките, меѓу другото, тоа значело дека живееле во страв од тајната полиција, дека атеизмот бил задолжителен, дека се одземала земја од богатите, дека некои џамии и цркви се претворале во складишта или во кина и дека огромен број луѓе трпеле тортура од репресивниот режим. Се разбира, сè не било негативно. На жените во оваа земја социјализмот им донел силна еманципација во областа на работата и образованието. Во образовниот систем тие биле застапени подеднакво со мажите и на тој начин се извлекле од мракот на неписменоста. Исто така, Албанија била една од ретките земји во Европа во која речиси половина од работната сила ја сочинувале жени, што било редок случај во светски рамки.

По Втората светска војна, југословенскиот социјализам овозможил модернизација и индустријализација на руралното општество. Многу подоцна официјално ќе се дознае дека тоа се случувало преку задолжувања. Југословенскиот модел на самоуправувачки социјализам, кој бил актуелен во периодот од крајот на 40-тите до 1990 година, е еден од познатите модели во теоријата за самоуправување. По судирот со Сталин во 1948 година, Југославија се одлучила за свој модел на уредување на општествено-

политичките односи и форма на социјализам што се разликува од другите модели во источна Европа. Станува збор за работничко самоуправување, а потоа и за општествено самоуправување како облици на поширокиот политички систем. Со Уставот од 1963 година самоуправувањето во СФРЈ било прогласено за општ систем на управување со општествените работи, а правото на граѓаните и граѓанките за самоуправување е ставено на врвот на списокот на слободи, права и обврски на граѓаните/ките и било прогласено за неповредливо и неотуѓиво. Државниот систем на владеење, од општините, преку републиките и покраините, па сè до федералната власт, бил втемелен на начелата за самоуправување, а највисоките тела на републичката власт ги сочинувале различни совети, заедници и сојузи преку кои граѓаните/ките, барем формално, управувале и ги остварувале своите интереси во сите сфери од животот.

Секоја од југословенските републики, како и покраините, имала специфичен економски и општествен развој во рамките на федерацијата. Импликациите од таквите разлики продолжиле да создаваат сè поголеми разлики и во 80-тите години. Постепената либерализација на репресивните политики кон албанското население на Косово почнала кон крајот на 60-тите, па така, на пример, Албанците и Албанките можеле да заземат позиции во управата и во полицијата, отворен е Универзитетот во Приштина, кој овозможил образование на албански јазик, и овозможено е изразување на албанскиот идентитет во СФРЈ. Сепак, сè поголемата економска криза што ја погодила Југославија, придонела за продлабочување на нееднаквоста меѓу просперитетниот север и посиромашниот југ на земјата.

Во вакво општествено опкружување, со значителни разлики за кои ќе зборуваме во следните поглавја, во Југославија, а особено во Албанија, хомосексуалноста не била тема за која се зборувало во јавноста, а тогаш кога се зборувало, во потесни кругови, таа била означена како нарушување, а хомосексуалците како неморални и болни луѓе. Едно кратко истражување покажало дека во Државниот архив на Албанија сè што се однесувало на хомосексуалноста од 1912 година, кога Албанија станала независна држава, па сè до 1945 година и почетокот на комунистичкото владеење, било архивирано во одделот со назив „Неприроден криминал". Со доаѓањето на комунистите на власт, разновидни документи кои се однесувале на хомосексуалноста почнуваат да се архивираат на пософистициран начин – не во едно досие, како претходно, туку секоја институција имала сопствен оддел во Архивот каде што се собирале информации. Во Албанија, Комунистичката партија продолжила да ја третира хомосексуалноста како кривично дело за кое казната била долготраен затвор. Хомосексуалноста како тема се држела подалеку од вниманието на јавноста, на тој начин што се криел бројот на хомосексуалците кои биле во затворите, а се случувале и лажни обвиненија кои се користеле како моќно оружје за уништување на нечии животи. Или, според зборовите на нашиот соговорник: „Од еден новинар слушнав дека *Сигурими* [тајната служба] ги принудувала хомосексуалците да станат тајни соработници. И една поранешна вработена во Државниот архив рекла дека обвинувањето на некое лице за хомосексуален чин било чест вид уцена, а некои од луѓето кои биле обвинети, во желба да го оттргнат обвинението, станувале соработници на оваа тајна полиција. Доколку ова е вистина, иако мрачна, таа треба да се истражи." Генерално, општеството било агресивно кон хомосексуалците. Таквата ситуација траела во наредните 50 години. Како што покажуваат околностите, кога станува збор за односот кон хомосексуалноста, во Југославија либерализацијата на различните општествени сфери почнала многу порано.

1.2 Постепена либерализација: Партија, држава и хомосексуалност

Не дојдовме до податоци за тоа дали, на пример, работничките совети во рамките на работните организации во социјалистичка Југославија расправале за проблемите поврзани со работниците и работничките со поинаква сексуална ориентација или родов идентитет. Дотолку повеќе што ова би било интересно откритие ако се знае дека комунистичката идеологија немала дециден став за хомосексуалноста, што оставило простор партиските лидери да немаат воедначен однос кон хомосексуалноста.

Колку што ни е познато, првиот докторски труд на темата за социјалните, правните и медиумските истории на хомосексуалноста во социјалистичка Југославија го одбранил хрватскиот историчар и активист Франко Дота во 2017 година. Тука ќе претставиме само дел од неговите наоди. Осврт на тоа како се решавало прашањето на хомосексуалноста меѓу партизаните, за време на Народноослободителната борба во Втората светска војна, дава истакнатиот член на Комунистичката партија на Југославија, Милован Ѓилас, во своите мемоари „Револуционерна војна", каде што ја опишал ситуацијата кога Рифат Бурџевиќ, секретар на санџачкиот комитет на Комунистичката партија на Југославија, рекол дека војниците од српскиот баталјон му откриле дека еден муслиман, инаку добар војник и комунист, е хомосексуалец. Бурџевиќ се двоумел „дали да ја убие таа наказа", а Ѓилас пишува: „Ни јас не ја знаев партиската практика, ниту пак за таквите прашања е пишувано кај Маркс и кај Ленин. Според здравиот разум заклучив дека од такви пороци страдаат и пролетерите, а не само буржоаските декаденти, но и дека такви порочни луѓе не можат да имаат функции, ниту да бидат членови на партијата."[1] Ова отвора простор за претпоставка дека, поради тешките воени околности, партизанските водачи биле малку потолерантни кон хомосексуалните војници, но биле непопустливи внатре во партијата.

Како што покажал Дота, во неколку архиви се сместени голем број судски пресуди донесени против мажи кои се впуштале во истополови односи во периодот пред донесувањето на југословенскиот Кривичен законик во 1951 година. Интересен и уникатен пример е една пресуда од 1950 година во која, покрај некои помали кривични дела поврзани со ситни измами, четири жени од Осиек, кројачки во една задруга, се осудени поради лезбиски односи. Во периодот од 1945 до 1977 година, во Југославија се осудени околу 1.500 мажи, вклучително и со условни казни затвор и со таканаречени административни казни. Во едно интервју што го наведуваме во литературата, Дота наведува информации дека, во истиот период, во Западна Германија се осудени околу 100.000 мажи, во Велика Британија – 70.000, во Италија – 30.000, а во Австрија – 12.000 мажи. Иако Југославија, споредено со другите земји, не се истакнувала по голем број случаи, до донесувањето на југословенскиот Кривичен законик во 1951 година прогонот бил прилично жесток и ширел чувство на страв, несигурност и исклученост кај геј-мажите. Сигурно дека натамошното истражување на оваа тема би било значајно, особено во архивите на БиХ, Црна Гора, Косово, Северна Македонија и Албанија.

---

1 Цитирано според Франко Дота и интервјуата кои се наведени на крајот од ова поглавје.

Во 1949 година, токму во времето на интензивниот прогон на хомосексуалците, во Комунистичката партија на Југославија официјално и на многу високо ниво се расправало за хомосексуалноста. Во југословенското федерално министерство за правда, тогашната партиска и правосудна елита предложила целосна декриминализација на истополовите односи во Југославија, како и изедначување на возраста за согласност за сите доброволни сексуални односи на 14 години. Оваа расправа се водела во контекст на изработката на југословенскиот Кривичен законик. Се расправало за цела низа прогресивни решенија, и тоа врз основа на појдовната идеја дека заштитата на сексуалниот морал е буржоаски, застарен и религиски оптоварен концепт и дека модерното социјалистичко општество нема што да се меша во сексуалниот морал на граѓаните и граѓанките, туку државата и судството треба да ги казнуваат само оние случаи во кои недвосмислено има видлива жртва, односно ситуациите во кои би имало насилство или злоупотреба на конкретно лице. За ова прашање е покрената стручна расправа, во која учествувале десетина институции – правни факултети, судови и полиција. Сепак, поголем дел од правосудната струка на теренот, со важен исклучок на научната заедницата, се спротивставил на идејата за декриминализација и барал кривичното дело „противприроден блуд" да се задржи и во идниот Кривичен законик.

Од денешна перспектива, оваа неверојатно модерна иницијатива на група правосудни експерти/ки можела да била револуционерна доколку во расправата не се вклучило и Министерството за внатрешни работи, кое составило документ во кој се тврди дека хомосексуалците се криминогени елементи, а некои од нив се дури и непријатели на социјализмот, кои ја расипуваат младината. На крајот, Министерството за правда морало да попушти пред полицијата и да остави хомосексуалноста да биде третирана како кривично дело.

Имено, социјалистичка Југославија ги презела одредбите од Кралството Југославија, коешто ги користело тие одредби под влијание на пруското и австриското право, според кое сексуалните односи меѓу мажи се казнувале со пет години строг затвор. Оваа казна се применувала и во првите години по Втората светска војна, во отсуство на нов, социјалистички Кривичен законик. Сепак, максималната казна е намалена од пет на две години затвор и воведена е можност за изрекување условна казна. Новиот Кривичен законик стапил во сила во 1951 година и оттогаш бројот на условни казни во однос на казните затвор почнува да расте, што ние го толкуваме како прв чекор во насока на либерализација на односот кон хомосексуалноста, имајќи го предвид целокупниот општествено-историски контекст. Неколку години подоцна, во 1959 година, законодавците ја намалиле казната на една година.



Петак, 9 март 1951 СЛУЖБЕНИ ЛИСТ ФНРЈ Број 13 — Страна 205

Завођење

Члан 185

(1) Ко лажним обећањем брака наведе на обљубу малолетно женско лице које је навршило четрнаест година,

казниће се затвором од три месеца до две године.

(2) Гоњење се предузима по приватној тужби.

Противприродни блуд

Члан 186

За противприродни блуд између лица мушког пола, учинилац ће се казнити затвором до две године.

(2) Гоњење се може предузети само ако је тако закључен брак поништен из разлога наведених у ставу 1 овог члана.

Омогућавање закључења недозвољеног брака

Члан 192

Председник или овлашћени члан народног одбора или матичар који својом службеном радњом допусти да се закључи брак који је по закону забрањен, ништав или се сматра непостојећим,

казниће се затвором до три године.

Ванбрачни живот са малолетним лицем

Члан 193

(1) Пунолетно лице које у ванбрачној заједници живи са малолетним лицем које је навршило четрнаест

Дали смееме да констатираме дека Кривичниот законик од 1951 година ги декриминализирал лезбиските односи? Сепак ќе се дрзнеме да напишеме дека за време на комунизмот, генерално, но и во поредокот што му претходел, а времето ќе покаже дека ниту наредниот поредок не се однесувал поинаку, на женската хомосексуалност се гледало како на нешто неважно, бидејќи емотивно-еротскиот однос меѓу две жени не се сфаќал како реална закана за патријархалниот систем. Во правничкиот јазик, лезбискиот секс во социјалистичка Југославија, како и во многу други делови на Европа, бил блуднички чин, а не противприроден блуд.

Иако во социјалистичка Југославија казната за хомосексуален чин во однос на казната во Кралството Југославија постепено станувала поблага, во 50-тите години хомосексуалноста се сметала за *буржоаска и изопачена,* односно се сметала за производ на *незаситниот капитализам,* па таквата склоност можела да постои само меѓу декадентните интелектуалци, граѓанската класа, свештениците и неработниците, односно меѓу поединци – расипувачи на здравата работничка младина.

Југословенските медицински и правни експерти, особено во Хрватска и во Словенија, многу рано почнуваат да заговараат формална декриминализација. Како што дознаваме од словенечкиот социолог Роман Кухар, во Словенија уште кон средината на 50-тите години почнуваат да се водат стручни расправи за потребата од декриминализација на хомосексуалноста, па така, во 1956 година, во „Извештајот за проституција и хомосексуалност" пишувало дека хомосексуалците не биле често ставани во затвор, иако „неприродните чинови на блуд меѓу лица од машки пол" биле криминализирани и „поверојатно е [дека] казнените мерки не би спречиле такво однесување".

Угледниот словенечки правник Љубо Бавцон и група автори, во нивниот „Извештај за социјалната патологија" од 1968 година, ја означиле хомосексуалноста како „помалку опасен општествен феномен" и биле против репресивни мерки, односно се согласиле дека хомосексуалноста треба да остане класифицирана и вреднувана како „негативна сексуална активност", но заговарале нејзина декриминализација бидејќи „Југославија е една од ретките земји каде што хомосексуалните контакти меѓу две возрасни лица во кои тие влегуваат своеволно и натаму остануваат криминализирани" и дека репресијата не решава ништо.[2]

2 Целиот пасус е парафраза од текстот на Роман Кухар (2012 год.).

Кон средината на 70-тите години, на една од партиските комисии, политичкиот врв се усогласил дека хомосексуалноста треба да се декриминализира, но дека конечната одлука треба да ја донесе секоја поединечна република и покраина сама за себе. Откако, со Уставот на Југославија од 1974 година, кривичното законодавство им припаднало на републиките и на покраините, во 1977 година членот што го криминализирал сексот меѓу мажи бил исфрлен од кривичните закони на Словенија, Хрватска, Црна Гора и на Војводина. Во Словенија, гореспоменатата расправа уште во 1974 година резултирала со тоа што во рамките на комисијата за донесување на Кривичниот закон на Словенија се расправало на оваа тема. Колку законодавството во Словенија било свесно за реалноста покажува и фактот дека истата 1977 година тоа го криминализирало силувањето во брак, многу порано од другите земји и од светот. Оттука, јасно е дека декриминализацијата не била резултат на активистичка борба, туку одлука на поединечните републички и покраински власти, иако во 70-тите години во Југославија се појавува геј-супкултурата, особено во Љубљана и во Белград.

Во некои места во Југославија имало и обиди за лекување на хомосексуалноста, како што ни кажува литературата – главно во круговите на загрепската и белградската клиничка психотерапија. Како што истакнува хрватскиот активист Марко Јурчиќ, показател за тоа дали во тој период нешто се сметало за болест или не е начинот како се пишува за хомосексуалноста во медицинските учебници и во прирачниците за психијатри. Во книгата ќе се осврнеме на пресудниот пресврт во поимањето на хомосексуалноста, кој се случил во 1973 година, кога Американската асоцијација на психијатри ја отстранила хомосексуалноста од списокот на психички нарушувања, бидејќи се докажало дека хомосексуалноста нема психопатолошки елементи и, оттука, таа не налага лекување. Оваа одлука несомнено го забрзала признавањето на првата на геј-мажите и на лезбијките.

Борбата за престанок на општествениот прогон и на стигматизацијата на хомосексуалците често започнувала одново. Тоа се случило и по смртта на Тито. Имено, постои податок дека по партискиот конгрес во 1985 година, тоа го побарал познатиот театролог од Белград, Јован Ќирилов. Дека сексолошката, па дури и социолошката наука во Југославија биле пред правната, покажува и ставот на најпознатиот југословенски сексолог Маријан Кошичек, која во 1986 година напишала: „Ни се наметнува заклучокот дека не само што хомосексуалноста не е некакво општествено зло, туку и дека е помалку штетна за општеството од хетеросексуалноста".[3]

Сепак, додека во Југославија хомосексуалноста постепено се нормализирала преку сексологијата, медиумите, правото и културата, од друга страна, како што ќе видиме во следниот дел, во јавниот простор во Албанија се воделе други битки. Односот на социјалистичка Албанија кон хомосексуалноста бил изразено негативен, дотолку повеќе што за неа, во јавниот простор, ниту се пишувало ниту се разговарало на поинаков начин отколку како за казниво кривично дело.

3 Цитирано според текстот на Небојша Јовановиќ (2013 год.).

Режимот на Енвер Хоџа ги казнувал истополовите сексуални односи со долги затворски казни, малтретирање, одземање на сите граѓански права и со протерување. Член 137 од Кривичниот закон се однесувал на кривичните дела против општествениот морал и во него пишувало дека педерството, коешто вклучува машки и женски истополови односи, се казнува со загуба на слободата до десет години. Би било важно и интересно детално да се истражат последиците од ваквиот однос кон лезбијките и геј-мажите од тоа време.

1.3 Постепена либерализација 2: Сексологија, уметност и медиуми

Иако во почетокот на 50-тите години во САД хомосексуалноста и комунизмот се означени како голема закана за американскиот начин на живот, Студената војна, меѓу другото, поттикнала и параноја, бидејќи секој можел да биде хомосексуалец исто толку колку што можел да биде комунист, во 60-тите години Југославија сепак се свртува кон Запад, преку зајакнување на односите со Америка. Консумеризмот, во секојдневниот живот, и естетиката, која се движи од соцреализам кон модернизам и авангарда, во културата и уметноста, исто така се сметале за специфичност на југословенскиот социјализам. Глобално гледано, 60-тите и 70-тите години на 20 век навистина биле години на политички кризи, но и години на раѓање на општествени движења – нова левица, студентски движења, феминистичко, па и глобално движење за правата на геј-мажите и лезбијките.

И во Југославија се случуваат промени, иако не толку револуционерни. Во Југославија, хомосексуалноста била патологизирана во медицинските текстови, вклучително и во терапевтската и образовната литература. Повеќето психијатри биле под влијание на канонските текстови од медицинската сексологија, кои хомосексуалноста ја разбирале како биолошка или како психолошка состојба, што пак понатаму влијаело и врз правниот дискурс и врз потребата државата да ја заштити младината од хомосексуалноста.

Сепак, во Југославија постоела област во која, пред тоа да го направи правната наука, дошло до либерализација на односот кон истополов копнеж. Тоа е сексологијата, наука блиска до медицината и до психологијата. Сексологијата се појавила кон крајот на 19 век и имала клучна улога во дефинирањето на хомосексуалноста како еден од облиците на човековото сексуално однесување. Прва книга која била целосно посветена на хомосексуалноста најверојатно бил преводот на книгата „Хомосексуалност" (издавач *Епоха Просвјета*, Загреб, 1968), која ја напишал Лоренцо Виљанеди Рока. Прва книга од југословенски автор целосно посветена на хомосексуалноста е книгата „Во рамките на сопствениот пол", која ја напишал хрватскиот невропсихијатар и сексолог Маријан Кошичек (издавач *Младост*, Загреб, 1986) за која ќе зборуваме подоцна.

Босанскохерцеговскиот теоретичар Небојша Јовановиќ дава уникатен увид во занимавањето со хомосексуалноста во сексолошката литература во социјалистичка Југославија. „Голем број сексолошки изданија пишувале за хомосексуалноста и на тој начин во јавноста биле претставени различни, понекогаш заемно спротивставени

информации и ставови за истополовоста, по правило артикулирани преку термини за нејзината општествена (не)прифатливост. Се разбира, излишно е да се зборува за тоа дека доминантните дискурзивни струи во сексологијата биле хетеронормативни до степен до кој хетеросексуалното семејство со деца не било доведено во прашање како истовремено најтемелното и највозвишеното достигнување на општеството. Сепак, тоа не значи дека сите југословенски сексолози ја омаловажувале и ја осудувале хомосексуалноста, како нешто што повлекува казна, превенција или лекување. Дотолку повеќе, некои влијателни сексолошки дела директно се спротивставиле на законската дискриминација на „противприродниот блуд" меѓу мажите и, може да се претпостави, придонеле во отстранувањето и непримeнувањето на параграфот 186."

Во првата многу популарна книга од сексолошката литература во социјалистичка Југославија, книгата „Полов живот" на Никола Палиќ од 1953 година, на почетокот на едно поглавје пишува дека спорот околу хомосексуалноста е решен во клучната точка – хомосексуалноста е непатолошка категорија, иако сè уште не се знае кој е нејзиниот причинител. Па така, Палиќ вели: „Во кривичните законици на многу земји, и на Запад и на Исток, нема 'параграф за хомосексуалците'. Науката сè уште не дала веродостоен одговор на прашањето што предизвикува појава на хомосексуален полов нагон. На нас останува да ја разбереме суштината на таа појава дадена од природата и да не ја гледаме како болест. Болеста треба да се лекува, а овде не помага никакво лекување."[4]

Без оглед на ова, во еден дел од Југославија законот престанал да ги гони хомосексуалците дури 25 години по книгата на Палиќ, а во друг дел дури 40 години подоцна, додека дел од општеството никогаш не престанал да фрла стигма на истополовата љубов. Дека во општеството се случувала промена дознаваме и преку текстот на Јовановиќ, во кој се вели дека Кошичек бил поттикнат да ја напише книгата „Во рамките на сопствениот пол" со тоа што „во последно време, хомосексуалноста станува сè погласна: таа сè поупорно бара право за слободно изразување". Кошичек ја критикува квалификацијата на хомосексуалноста како перверзија, како и хетеронормативното гледиште кое го промовира половиот нагон како нагон за одржување на видот. Понатаму, Јовановиќ наведува:

„Кошичек предупредува дека проституцијата, сексуалното насилство, сексуално преносливите болести, проблемите со бременоста, и родоскврнавењето врз деца, по правило, се тесно и почесто поврзани со хетеросексуалноста. Инсистирајќи на тоа дека „општеството може да има корист од тоа само ако ги прифати сексуалните врски меѓу луѓето од ист пол како природен облик на сексуалниот живот, кој е рамноправен со односот меѓу лицата од различен пол", тој апелира дека на хомосексуалните партнери прво треба да им се даде правото на брак, како и правото да имаат деца, родени од нив или посвоени".

Сето тоа ќе влијае врз формирањето на геј-супкултурата во Југославија. Сè почнува кон крајот на 60-тите, под влијание на сексуалната револуција и ослободувањето на геј-луѓето на Запад, како и релаксирањето на политичката ситуација во Словенија со подемот на економијата. Геј-групата ШКУЦ Магнус, која дејствувала во рамките на Студентскиот културен центар во Љубљана, го организирала првото геј-диско во 1984 година, во просториите на студентскиот алтернативен клуб К4. Геј-вечерите во К4 станале

4 Цитирано според текстот на Небојша Јовановиќ (2013 год.).

важен дел од љубљанската алтернативна сцена, кои ги посетувале луѓе од сите делови на Југославија, па дури и од Италија и од Австрија. На тој начин, преку Љубљана, Југославија ја вклучила геј и лезбиската сцена во социјалниот и во културниот живот. Иако хомосексуалноста и натаму била ограничена претежно на приватни простори, постоеле и јавни места каде што се сретнувале геј-мажи. Во својот текст од 2012 година, Роман Кухар наведува: „Од друга страна, лезбијките никогаш не се среќавале во парковите, сауните или во кои било други јавни простори [...], Фактот дека лезбијките знаеле една за друга (за разлика од геј-мажите) и дека нивните контакти биле ограничени на приватни средби организирани преку огласи во весниците резултирал со одложено формирање на лезбиското движење во Словенија."

Во Југославија, во медиумите почнува да се зборува за хомосексуалноста уште во раните 70-ти години. Медиумското претставување на хомосексуалноста во словенечките весници во периодот од 1970 до 2000 година го анализирал словенечкиот социолог Роман Кухар, примарно препознавајќи низа репетитивни механизми за негативна стереотипизација (сексуализација, медикализација, поврзување со ХИВ/СИДА, инсистирање на таинствената нарав на хомосексуалноста) којашто, иако во нееднаков размер, е проследена со обиди за нормализација, главно преку асимилација во хетеросексуалната матрица. Ниту загрепските весници немале проблем да објавуваат фотографии од истополови бакнежи. Од крајот на 70-тите, текстовите на Весна Кесиќ и други ангажирани новинарки и новинари донеле вести за хомосексуалноста во сè попозитивна слика, па така и во медиумите почнува, редовно и врз основа на научни наоди, да се укажува на тоа дека не станува збор за никакво психичко нарушување. На пример, високотиражниот загрепски неделник *Вјесник у сриједу,* во 1970 година пренел фоторепортажа од првиот одржан Прајд, без негативни тонови. Под насловот„ Ново сексуално востание во Њујорк", редакцијата ги проследила фотографиите со тврдење дека „овие денови, илјадници борбени хомосексуалци и лезбијки одржале весел протестен митинг против законот и општествените норми".[5] Потсетуваме дека во 1970 година, во речиси сите американски сојузни држави, па и во Њујорк, хомосексуалниот чин бил казниво дело.

Музичката сцена нуди обилен материјал за истополовата љубов. Во втората половина на 70-тите години се објавуваат песни, жанровски многу различни, кои ги обработуваат лезбиската и геј-љубовта и страста. Останува дилемата дали тоа навистина била намерата на авторите/ките на песните или ЛГБТ-заедницата отпосле им дала такво значење. Овде ќе наведеме неколку познати примери. „Некид јечаци" на *Прљаво казалиште* („Јас сум за слободна машка љубов"), експлицитно лезбиската „Моја пријатељица", песна на групата *Ксенија* од Риека („Мажите сакаат да ја допираат/Мажите сакаат да ја сокријат/Од мене/ Мажите сакаат со неа да сонуваат/Мажите сакаат со неа да спијат/Без мене"), како и „Преживјети" на *КУД Идиоти* („Ти си мој најдобар другар/Некому кур, некому муда), „Ана" на групата *Видеосекс* („Ана, ти добро знаеш/Тоа што ми го правиш е забрането кај нас"), како и песната на Мухарем Сербезовски „Рамо, Рамо" („Во темнина сега живеам сам, ко згаснат сончев плам, зошто ти замина, подобар живот најде, но сепак се надевам и ти викам врати се, врати ми се Рамо, иста судба делиме"). Од друга страна, многу песни кои настанале во 80-тите го исцртуваат мејнстим контекстот во општеството, стереотипите,

5 Парафразирано според интервјуата на Франко Дота.

предрасудите и стигматизацијата на лезбиската и на геј-популацијата: „Ретко те виџам са девојкама" на *Идоли*, која ја продуцирал Горан Бреговиќ („Ретко те гледам со девојки/А те гледам секој ден/Ретко те гледам со девојки/А никогаш не си сам/Околу тебе само момчиња/Фини се ама знај/Гласини брзо се шират/А кога ќе пукнат, тука е крајот") и „Јави ми" на *Забрањено пушење* („Кога од мрачна улица бадијалџија ќе ти викне/ сакаш газови аџија/ Мене секогаш можеш да ме викнеш/ О, јави ми, јави ми, јас ќе чекам"). Во 1981 година, групата *Шарло Акробата* ја претставила песната „Балада о чврстим грудима". Иако таа никогаш не е објавена на плоча, во 1981 година „Баладата" ја отпеале Душан Којиќ Која и Александар Берчек во филмот „Дечко кој ветува" на режисерот Миша Радивојевиќ („Јас не сакам најдобра девојка/Јас сакам да ти се вратам/Зошто ти си мој/Јас сакам да ти се вратам/Зошто јас сум твој/Ти си мој"). Сепак, барем во БиХ, за апсолутна геј-лезбиска химна која ја слави слободата на избор, и во тоа време и денес, се смета традиционалната босанска севдалинка „Снијег паде на бехар, на воче" („Секој нека го љуби тој што го сака").

Показател за тоа дека во културата во Југославија бил отворен простор за геј-луѓето да можат да се изразат, да ги искажат своите желби и вредности, да се чувствуваат слободни, е еден од најважните настани од тој период – љубљанскиот фестивал Магнус: Хомосексуалност и култура, одржан во 1984 година. Како овој фестивал на геј и лезбиска култура можел да биде перципиран во јавноста покажува писанието на гореспоменатиот сексолог Кошичек, кој инаку имал позитивен став кон хомосексуалноста. Како што наведува Небојша Јовановиќ, сепак „ваквите ставови не го спречиле да осуди одредени облици на геј-активизам, претставувајќи ги како милитантни и вулгарни хомосексуалци кои „настапуваат провокативно, наметливо, па и нападно, [што] само ја зголемува одбивноста на околината кон нив", и така го зајакнуваат негативниот стереотип според кој тие, пред и по сѐ, всушност се 'развратници'".

Уметничката и медиумската продукција на геј-лезбиски теми била особено богата во Словенија. Сепак, и односот кон хомосексуалноста бил обележан со линии на разлика меѓу северот и југот, бидејќи слободни простори забрзано се отворале во Словенија, нешто помалку во Загреб и во Белград, додека во БиХ, Црна Гора, на Косово, во централна Србија и во Македонија воопшто не се документирани некакви значајни форми на видливост на хомосексуалноста. Оваа невоедначена либерализација и доцнењето на јужните делови зад северните ќе продолжи и подоцна, и токму тоа е една од причините зошто во овој преглед на современата историја на ЛГБТИ на Западен Балкан не ги обработуваме околностите во Хрватска и во Словенија, бидејќи тие имале поинаква динамика на развој во однос на видливоста и правата, во споредба со другите држави што настанале по распаѓањето на Југославија.

Во Албанија, апсолутно не можело да стане збор за каква било видливост на геј-темите во уметноста и во медиумите. Како што дознавме од активистот Кристи Пиндери, знаци за некакви трендови на генерална либерализација на општествените конвенции се појавиле на 11-тото издание на Фестивалот на песни во 1972 година, на кој пејачите и пејачките носела облека што била пошарена и поразнолика, а музиката била посложена и со џез призвуци. Комунистичкиот режим не го толерирал тоа и повеќето уметници кои учествувале на фестивалот биле уапсени.

1.4 Пред крајот на една епоха: Почетоци на геј и лезбискиот активизам во осумдесеттите

Во текот на 80-тите години се живеело во новоизградени куќи и станови, кои се купувале на кредит или се добивале од претпријатијата. За Југословените/ките кредитот бил поволен, но државата се задолжувала (не само кај Меѓународниот монетарен фонд), што довело и до економска криза во 80-тите. Сепак, генерално гледано, во секојдневниот живот таа криза не се перципирала како криза, па 80-тите биле врвот на идејата дека социјализмот е најефикасниот и најхуманиот економски систем. Образованието и здравството сè уште биле бесплатни, а државата секуларна. Последниот југословенски премиер, Анте Марковиќ, заговарал *нов социјализам* и трансформација на Југославија во ефикасна држава, а идејата за создавање нови држави сè уште се чинела невозможна.

Уште пред распишувањето на првите повеќепартиски парламентарни избори, во Словенија и во Хрватска почнува да се создава активистичката геј и лезбиска сцена, југословенските феминистки тесно соработуваат со лезбиските активистки, а сè повеќе се размислува и за фактот дека социјализмот, во неговата актуелна форма, не е идеална идеолошка парадигма. Југославија во ништо не доцни зад Западот: првите големи фестивали се организираат во Љубљана од 1984 година, во Белград, Љубљана или во Загреб се продуцираат радиоемисии што ги водат геј-луѓе или што се однесуваат на геј-лезбиски теми, а заедницата ширум Југославија наоѓа сопствени начини да се сретнува и да се дружи. Некои геј-мажи и лезбијки се запознаваат и преку огласи во еротски весници, се дружат на приватни забави и се запознаваат во т.н. крузинг-зони во поголемите градови, како што се парковите и јавните тоалети.

Работејќи на овој дел од книгата наидовме на недостиг на материјал со кој се документираат случувањата во одредени делови од Југославија. Имено, во овој временски период сосема сигурно имало геј-лезбиски случувања и во БиХ, Црна Гора, Македонија и на Косово, но за тоа постојат само спорадични пишани траги. И покрај огромната репресија, несомнено е дека и во социјалистичка Албанија постоел некаков вид геј-лезбиска заедница.

Во 80-тите години, феминистките и лезбијките од Белград редовно се среќавале во феминистичката група Жени и општество, која имала сестринска група со истото име во Загреб. Во предговорот на зборникот „Сестринство и единство", во кој се обработува темата за (пост)југословенскиот лезбиски активизам, Лепа Млаѓеновиќ, белградска активистка и една од првите аутирани лезбијки во Југославија, малку романтично се присетува: „На сестринската линија Љубљана-Загреб-Белград, за првпат во Југославија, со убавина се изустени зборовите 'лезбијки' и 'лезбејки'. Тоа беше кон крајот на 80-тите, кога почнавме да се организираме во феминистички групи. [...] Во 80-тите години, во Југославија вљубувањето во жени одело паралелно со првите феминистички согледувања дека сите жени се изложени на машко насилство. Освен машкото насилство, моравме да се справуваме и со општествените очекувања за зачувување на хетеросемејството, кое во тој историски период немаше услови да ја разбере лезбиската

љубов, туку ја отфрлаше или евентуално ја премолчуваше. Лектирите кои моравме да ги читаме не знаеја ништо за лезбијките...."[6]

Кон крајот на 80-тите години, феминистичкиот активизам уште повеќе се развива. Во Љубљана, Загреб и во Белград, феминистките отвориле СОС-линии и формирале списанија (меѓу кои и *Карета* и *Феминистичке новине*). Како дел од тие случувања, во 1987 година е основана првата лезбиска група во Словенија, ЛЛ – Лезбичин Лилит. Лезбијките од Белград одржуваат *ад-хок* лезбиски дискусии во рамките на феминистичките групи Жени и општество, а лезбиските прашања се разгледуваат и на југословенските феминистички средби.

Лепа Млаѓеновиќ се присетува: „Во декември 1987 година, феминистките од словенечката феминистичка група Лилит одлучија да го организираат првиот југословенски феминистички собир во Љубљана. На оваа возбудлива конференција се собраа околу четириесет активистки. Имаше многу теми, но две беа целосно нови за сите нас, па и за целата дотогашна историја: машкото насилство врз жените и лезбиската љубов. Дотогаш, овие две појави не беа на дневниот ред на социјалистичките теми што ги нарекувавме 'женско прашање'. Овојпат, во програмата имаше неколку лезбиски теми што ги водеа Сузана Тратник, активна во организирање на лезбијките во Љубљана, и Слаѓана Марковиќ од Белград."

Сепак, за да не го романтизираме минатото и за да се потсетиме на тоа колку класата била одредувачки елемент за идентитетот, наведуваме една случка од собирот во Љубљана во 1987 година. Значи, на љубљанскиот лезбиски собир, една од најпознатите хрватски и југословенски феминистки, Лидија Склевицки, зборувала за лезбијка од работничката класа која одлучила да се аутира за време на дискусијата одржана во Загреб, во 1981 година, во рамките на огранокот на Социолошкото друштво на Хрватска Жени и општество. Високообразованите лезбијки „кои можеле да си дозволат тоа да ја поднесат стигмата на лезбијството", бидејќи „на некој начин, биле дел од елитата во општеството", не покажале солидарност со лезбијката која работела како дактилографка. Со причина може да се постави прашањето колку сите овие активистички иницијативи сепак биле фокусирани на црвената буржоазија, т.е. на образованата и добростоечката елита во југословенскиот социјализам, без контакти со лезбиската и со геј-заедницата во рамките на работничката класа и во некои други слоеви на општеството.

Феминистките, лезбиските и геј-групите што биле формирани на љубљанскиот универзитет, како и радиоемисијата што се емитувала од Загреб, „Фригидна утичница", го охрабриле создавањето на првата лезбиска група во Хрватска – Лила иницијатива. Лезбијките-феминистки од Хрватска, кои дејствувале и во активностите на ШКУЦ ЛЛ, како и во женската група Трешњевка, иницирале средби во Загреб на кои учесниците, меѓу другото, расправале и за лезбиските прашања. Лила иницијативата, основана кон средината на 1989 година, престанала да постои веќе во мај 1990 година, непосредно по повеќепартиските избори. Имено, како и многу други организации, Лила го изгубила просторот во кој работела.

---

6 Овој, но и следните пасуси, се цитирани според збирката на трудови која ја уредуваа Бојан Билиќ и Марија Родоман (2018 год.).

Посебен феномен претставува споменатата радиоемисија „Фригидна утичница". Имено, првите јавни расправи за хомосексуалноста во Југославија, заедно со геј и лезбискиот фестивал во Љубљана, започнале во радиоемисијата на Тони Марошевиќ, „Фригидна утичница", на загрепското *Омладинско радио*. Авторот на емисијата која се занимавала со различни маргинални општествено-политички теми отворено бил геј. Во неколку наврати, Марошевиќ јавно рекол дека поради емисијата бил повикан на состанок во Сојузот на комунистите на Хрватска, кој му предложил да формира геј и лезбиски огранок на партијата. „Фригидна утичница", која се емитувала во 1985 година, била пречекана со медиумско негодување од страна на загрепскиот *Вечерњи лист*, и веднаш потоа била прекината, иако *Омладинското радио* продолжува со прогресивниот начин на известување за општеството, политиката и културата, приклучувајќи се кон трендот на највлијателните списанија од тоа време кои ја уживале склоноста на Сојузот на комунистите и Сојузот на социјалистичката младина – пред сè *Полет*, а потоа и весниците *Старт* и *Данас*.

Потврда дека југословенскиот геј и лезбиски активизам бил препознаен и видлив наоѓаме во историјатот на ИЛГА Ворлд – меѓународна асоцијација за правата на лезбијките, геј-мажите, бисексуалците, транс и интерсексуалните луѓе. Дознаваме дека во ноември 1987 година, ИЛГА организирала регионален состанок за Источна и Југоисточна Европа, во Будимпешта, чијшто домаќин била неформална група унгарски активисти/ки. На состанокот присуствувале 30 геј-мажи и лезбијки, а се разговарало на теми поврзани со правната и социјалната положба на лезбијките и геј-мажите во Чехословачка, Демократската Република Германија, Унгарија, Полска, Романија и Југославија, како и за превенција и тестирање за ХИВ/СИДА, како и за соработка меѓу лезбиските и геј-групите од Источна и Југоисточна Европа. Исто така, во април 1990 година е организирана четвртата регионална конференција за Источна и Југоисточна Европа, во Лајпциг, на која учествувале 30 лезбијки и геј-мажи од Полска, Источна Германија, Југославија, Чехословачка и СССР, како и 20 гости од Западот. Учеството на активисти од Западен Балкан ќе продолжи и во текот на 90-тите години.

За тоа како сериозните југословенски политички превирања се прекршувале врз геј-лезбискиот активизам, најдобро говори еден настан поврзан со веќе споменатиот љубљански филмски фестивал на геј и лезбиски филм. Како што дознаваме од текстот на Роман Кухар, било планирано четвртиот по ред фестивал да се одржи на 25 мај 1987 година, денот кога се одбележувал роденденот на поранешниот претседател на Југославија, Маршалот Јосип Броз Тито. Белградскиот дневен весник *Политика* известил дека „никој во Љубљана не е вознемирен поради собирањето на хомосексуалците" и дека „се чини дека никому не му пречи што фестивалот почнува на 25 мај". Исто така, авторот ги информирал читателите за неверојатниот факт дека во Љубљана „на хомосексуалците не се гледа како на нешто што треба да биде предмет на мајтапење и исмевање. На хомосексуалноста се гледа како на лична работа." Факт е дека геј-лезбискиот фестивал закажан на роденденот на Тито во Белград е сфатен како провокација и е злоупотребен како средство во веќе постоечката политичка тензија помеѓу Белград и Љубљана. Во тоа време веќе постоеле сомнежи дека Словенија има намера да излезе од југословенската федерација, а фестивалот бил употребен како соодветно средство за притисок врз словенечката влада. Кога избил скандалот, под притисокот на југословенската влада, словенечката републичка влада објавила соопштение за јавноста, наведувајќи дека организацијата на таков фестивал

претставува закана по здравјето на населението во Љубљана. Набрзо потоа, Одборот за здравство и социјална заштита објавил соопштение дека власта треба да го забрани планираниот собир, и тоа не само затоа што е опасен од чисто здравствени причини, туку и поради можните економски последици што би можеле да влијаат врз туризмот во Југославија. Одборот сметал дека таквиот собир ќе ги спречи *обичните* туристи да доаѓаат во Југославија. Се претпоставувало дека учесниците на фестивалот не планираат само да разговараат за темата на фестивалот, туку и да ја практикуваат.

Стравувајќи од тоа дека Југославија би можела да стане *ветена земја за педерите,* босанскиот седмичен магазин *Ас* сугерирал дека секој стрејт Југословен треба да носи ознака на која пишува „Топли браќа. Фала, не!" Словенечките медиуми реагирале поразлично. Известувањата главно биле во корист на геј и лезбиското движење, истовремено обидувајќи се да ја деконструираат СИДА-та како геј-болест. Скандалот со фестивалот во 1987 година покажал како преку создавање на морална паника може да се активира темелна хомофобија во општеството, но и како хомосексуалноста може да се користи и да се искористи за политички цели. Ова е можеби прв пат геј-мажите и лезбијките да се најдат во позиција во која политичките противници се пресметувале преку нивните тела и животи. Сведочиме, а за тоа ќе стане збор понатаму во книгата, дека ваквите инструментализации на сексуалната ориентација и родовиот идентитет се случуваат до денешен ден.

Кога станува збор за Албанија, ниту во доцните 80-ти нема почетоци на активизам, ниту преку неформални иницијативи или групи, ниту преку постоење на, на пример, тајни места за собирање. Од аспект на активистичкото дејствување, нашиот соговорник Кристи Пиндери го опишува овој период како период во кој владеел апсолутен мрак, и додава: „Сепак, постоеле јавни личности кои се дрзнувале на некакво квир-однесување во јавноста. Без навлегување во шпекулации за сексуалната ориентација или за родовиот идентитет на тие луѓе, важно е да се разбере дека кога јавни личности се однесуваат на начин кој од перспектива на микросоциологијата се смета за предизвикување на општествените норми, тие стануваат референтна точка за оние луѓе кои не живеат според хетеронормативните принципи и кои во нив гледаат некаков вид сопствени претставници во јавноста. Знам, на пример, за Панајот Каначи, најславниот албански балетски кореограф, кој не бил оженет (со ова не се инсинуира ништо), живеел во центарот на Тирана и имал манири нетипични за неговиот пол – однесување, начин на говор, одење, глас и сите други елементи на родово изразување коишто некогаш, а и денес, се доживуваат како манири на небинарните лица. До крајот на животот бил почитуван, никогаш немал проблеми, барем не јавно. Соживотот со и толеранцијата кон уметниците со нетипични манири била и сè уште е фасцинантна."

Библиографија

Bojan Bilić(priredio, 2016): LGBT Activism and Europeanisation in the Post-Yugoslav Space: On the Rainbow Way to Europe. London: Palgrave Macmillan.

Bojan Bilić i Marija Radoman (priredili, 2018): Sestrinstvo i jedinstvo. (Post)jugoslo(a)venski lezbe(i)jski aktivizam. Novi Sad: Meditteran Publishing.

Bojan Bilić i Sanja Kajinić (priredili, 2016): Intersectionality and LGBTI Activist Politics. Multiple others in Serbia and Croatia. London: Palgrave Macmillan.

Franko Dota (2017): Javna i politička povijest muške homoseksualnosti u socijalističkoj Hrvatskoj (1945.-1989), Zagreb: Filozofski fakultet, doktorski rad.

Jasmina Čaušević (priredila, 2014): LGBT čitanka 3. Identiteti, aktivizam, parvo. Sarajevo: Sarajevski otvoreni centar.

Jasmina Čaušević i Saša Gavrić (2012, priredili): Pojmovnik LGBT kulture. Sarajevo: Sarajevski otvoreni centar.

Marie JanineCalic (2019): A History of Yugoslavia. West Lafayette: Purdue University Press.

Marko Jurčić (2012): Povijest LGBTIQ aktivizma u Hrvatskoj, u Aida Spahić i Saša Gavrić (Fpriredili): Čitanka LGBT ljudskih prava, Sarajevo: Sarajevski otvoreni centar.

Nebojša Jovanović (2013): Seksologija, muška homoseksualnost i film u socijalističkoj Jugoslaviji, u Lada Duraković i Andrea Matošević (priredile): Socijalizam na klupi: jugoslavensko društvo očima nove postjugoslavenske humanistike. Pula/Zagreb: Srednja Europa/Sveučilište Jurja Dobrile u Puli.

Xhensila Kadi (2014): The approach towards gay marriage in the Albanian legislation and society, Academicus International Scientific Journal, Issue 9, 79-92.

Roman Kuhar (2012): Topla braća, hvala ne! Historija slovenskog gej i lezbijskog pokreta, u Aida Spahić i Saša Gavrić (2012, priredili): Čitanka LGBT ljudskih prava, Sarajevo: Sarajevski otvoreni centar.

Интервјуа и онлајн написи:

Bio jednom protivprirodni blud. Kako se kažnjavala homoseksualnost u Jugoslaviji (2015):http://www.e-novine.com/drustvo/120844-Kako-kanjavala-homoseksualnost-Jugoslaviji.html

Info sesija: Između tradicije i seksualne modernosti: homoseksualnost u socijalističkoj Jugoslaviji (2016):https://lgbti.ba/info-sesija-izmedu-tradicije-i-seksualne-modernosti-homoseksualnost-u-socijalistickoj-jugoslaviji/

Intervju dr. sc. Franko Dota: Žrtve progona homoseksualaca u Jugoslaviji trebaju postati dio našeg sjećanja (2017):https://www.crol.hr/index.php/politika-aktivizam/8989-intervju-dr-sc-franko-dota-zrtve-progona-homoseksualaca-u-jugoslaviji-trebaju-postati-dio-naseg-sjecanja

Intervju Franko Dota: Biti gej u SFRJ, zbog 'protuprirodnog bluda' osuđeno oko 500 muškaraca (2016): https://www.crol.hr/index.php/kultura/7447-biti-gej-u-sfrj-zbog-protuprirodnog-bluda-osudeno-oko-500-muskaraca

Ivana Dračo (2013): LGBT pjesme sa prostora bivše Jugoslavije (i neke kasnije). https://lgbti.ba/lgbt-pjesme-sa-prostora-bivse-jugoslavije-i-neke-kasnije/

Neprirodni blud koji podriva temelje socijalisticke Hrvatske (2010): https://www.jutarnji.hr/vijesti/neprirodni-blud-koji-podriva-temelje-socijalisticke-hrvatske/2211960/

Sidita Kushi (2015): Gendered legacies of Communist Albania: a paradox of progress. https://www.opendemocracy.net/en/5050/gendered-legacies-of-communist-albania-paradox-of-progress/

Веб-страница:

https://ilga.org/ilga-history

2. НИШТО ВЕЌЕ НЕ Е ИСТО: ДЕВЕДЕСЕТТИТЕ

2.1 Историски и општествени околности

Деведесеттите години донеле големи промени во Европа. Источна и Западна Германија се обединија, Варшавскиот пакт се распадна и започна долгиот процес на политичка и економска транзиција на земјите од Средна и Источна Европа, кој ќе резултира со големото проширување на Европската Унија од 2004 година. Овие промени ќе имаат свој одек и во земјите од Западен Балкан.

Она што започнало во 80-тите, ќе заврши во почетокот на 90-тите. Се менуваат индивидуалните устави на републиките во состав на Југославија, но и уставот на Албанија. Новите устави овозможиле одржување повеќепартиски избори и воведување пазарна економија. Доаѓа до рушење на економско-социјалните системи. Во југословенските републики се одржуваат референдуми и за само две години социјалистичка Југославија ќе ја снема од мапата на Европа.

Во поранешна Југославија започнува времето на војни и други конфликти – 1991 година во Словенија, а потоа следуваат и војните во Хрватска (1991-1995), Босна и Херцеговина (1992-1995) и на Косово (1998-1999).

Во Албанија, граѓанските немири, иако од поинаква природа од југословенските, етничките војни и судири во текот на 1997 година ги однеле животите на стотици цивили, припадници на полицијата и војската.

Она што се случило во почетокот на 90-тите, Лепа Млаѓеновиќ го објаснува на резимиран и прецизен начин во нејзиниот текст во книгата "Сестринство и единство", зборник за триесетте години лезбиски активизам во пост-југословенскиот простор: „Кога падна Берлинскиот ѕид, на 9 ноември 1989 година, цела Источна Европа, па и Југославија, беа зафатени од нов ентузијазам, со многу политички иницијативи. Алтернативната култура, студентските весници, концептуалната уметност, еколошкото движење, рок групите... сето тоа веќе наголемо беше на сцената. [...] Таа година, лезбијките и геј-мажите од Белград почнаа да се организираат во групата Аркадија, а во Љубљана се одржа шестото издание на геј и лезбискиот филмски фестивал. Феминизмот се ширеше низ Југославија, ние патувавме за да се сретнеме една со друга, разговаравме и инсистиравме на сестринство. Но, вестите од државните ТВ-дневници зборуваа за мачната реалност – за победата на националистичките партии на републичките избори." И тогаш, кон средината на 1991 година, започна војната. „Ги прекинавме југословенските

феминистички средби. Југославија веќе не постоеше, а наскоро ги снема и автобусите и возовите и автопатиштата и братството и единството до Загреб, Љубљана, Сараево. Границите беа затворени, исто како и телефонските линии. Вестите известуваа за жртвите од фронтот, а малку подоцна и за силувања во војната."

Првите повеќепартиски избори во БиХ, што се одржаа во 1990 година, на власт донесоа три национални политички партии кои ги претставуваа трите доминантни етнички групи во БиХ (Босанците, Хрватите и Србите) и го уредуваа политичкиот живот во земјата. По прогласувањето на независноста на Словенија и на Хрватска, кон крајот на февруари 1992 година, се организираше референдум за независноста на БиХ, која е прогласена на 5 април истата година, по што почнуваат да се појавуваат сè поголеми тензии, а во април 1992 година започнува војната. До потпишувањето на Дејтонскиот мировен договор, во декември 1995 година, во БиХ се случува масовно кршење на човековите права, вклучително и воени злосторства против цивилното население, силувања, протерувања и геноцид. Повеќе од 105.000 државјани/државјанки на БиХ ги загубија животите, а речиси милион бегалци никогаш не се вратија од странство. Во 1996 година почнува бавен процес на обнова и враќање.

Во 90-тите години, и остатокот од Југославија (Србија и Црна Гора), исто така, минува низ мрачен период. Под автократската управа на Милошевиќ, Србија и Црна Гора учествуваат во војните во Хрватска и во БиХ, а подоцна се свртуваат кон Косово. Сепак, на микро ниво, постојат и позитивни приказни. Во Белград се појавуваат антивоени групи, а есента 1991 година феминистките ја основаат антимилитаристичката иницијатива Жени во црно, за да протестираат против српскиот режим, а од година во година студентите/ките помасовно ќе излегуваат на улиците. Токму од овие структури произлегуваат и првите српски геј-лезбиски групи, Аркадија и Лабрис. За време на војните што ја разорија поранешна Југославија, во новооснованите мејнстрим граѓански организации за човекови права немало место за правата на лезбијките и геј-мажите, како што објаснува Лепа Млаѓеновиќ: „затоа што центрите биле концентрирани на воените злосторства, бегалците и на спротивставување на националистичката идеологија". Движењата за отпор против Милошевиќ не создале простор за барањата на геј-лезбиската заедница.

Власта на Милошевиќ ќе го доживее својот тотален колапс на Косово, водејќи апартхејдски режим во текот на 90-тите години, но и војна и брутално етничко чистење на косовските Албанци кон крајот на 90-тите. Војната на Косово запира дури со интервенцијата на НАТО-силите во 1999 година, по што Албанците и Албанките се враќаат во своите разурнати домови, а уште една последица на фаталната српска политика е тоа што косовските Срби, кои веќе биле малцинство од аспект на бројноста, во голема мера го напуштаат Косово. Со доаѓањето на привремената административна мисија на ОН, т.н. УНМИК, започнува нова фаза на самостоен развој во оваа поранешна југословенска покраина. Промените на Косово не запираат тука.

Во 1992 година, Македонија ќе се најде во ситуација кога сите републики, освен Црна Гора, прогласиле независност, па и таа самата излегува од Југославија. Иако ја напуштила заедничката држава на мирен начин, нејзиниот пат не бил ни малку едноставен. Целосниот економски колапс, изолацијата и непризнавањето од страна на меѓународната заедница поради блокадата и ембаргото што ѝ го наметнала Грција, ја доведуваат оваа поранешна југословенска република во незавидна ситуација. Барањата за рамноправен статус на Албанците во Македонија дополнително ја

усложнуваат ситуацијата. Ранливоста на општеството посебно се покажува на почетокот на 2000-тите години, кога доаѓа до судир меѓу албанските бунтовници и македонските безбедносни структури.

Во почетокот на 90-тите години, дури и најизолираната комунистичка земја во Европа, Албанија, минува низ транзиција. Доаѓа до уставни реформи, до воведување повеќепартиски систем и либерализација на економијата. И во Албанија, 90-тите години биле време на економски колапс, граѓански немири и автократски тенденции. Можеби најлошата ситуација дошла во 1997 година, кога се случуваат масовни протести и немири кои однеле неколку стотини животи. Сепак, споредено со социјалистичкиот режим, во 90-тите години Албанија станува простор на слобода.

Во воени, поствоени и генерално транзициски околности, периодот на обнова и економски промени, но и на константни меѓуетнички тензии и ретрадиционализација на општеството, немало многу простор за алтернативни струи и за ЛГБТ-активизам. Помасовното присуство на ЛГБТ-темите во општествениот мејнстрим ќе следува дури подоцна. Објаснувајќи го општествениот контекст во кој живееле ЛГБТ-луѓето во БиХ, основачката на Здружението Кју од Сараево, Светлана Ѓурковиќ, повикувајќи се на нацртот на Декларацијата на босанскохерцеговската геј-лезбиска асоцијација, во 2007 година напиша: „Оваа декларација понуди историски приказ, именувајќи ги комунизмот, војната, национализмот, поствоената происламска авторитарна влада, економијата и бројните скандали поврзани со полицијата, политичките партии и со владата, како пречки за организирање на лезбијките, бисексуалците и геј-мажите: за лезби-геј луѓето 1997-1998 беа олицетворение на колапсот на нивното општествено движење, години на отворено исфрлување на геј-мажите од војската, затворање на кафулето кое било познато како место за собирање на лезби-геј луѓе и години на неразумни контроли што ги спроведувала владата во врска со организирањето." Напоменуваме дека, за жал, босанскохерцеговската геј-лезбиска асоцијација никогаш не е регистрирана како организација.

Ситуацијата сликовито ја опишува и цитатот од „Извештајот за лезбијките во Југославија" што го напишала Јелица Тодосијевиќ, а го објавил Меѓународниот одбор за правата на геј-мажите и лезбијките (IGLHRC) во 1995 година: „Да се биде лезбијка во Југославија значи воопшто да не постоиш. Не постоиш легално, не постоиш нелегално. Ти си навредлив збор, лош лик од евтин роман или хероина на полноќниот порнофилм на третиот канал на белградската телевизија. Да бидеш жена која сака жена значи да живееш тешко и во страв. [...] Во Југославија, жената се вреднува според нејзиниот маж. Ако го избере начинот на живот што го сака, таа се осудува самата себеси на бескрајна битка за сопствениот интегритет."[7] Овој опис може да се пренесе на сите други држави од Западен Балкан во 1995 година.

7 Цитирано според текстот на Ирена Диола, во зборникот на Бојан Билиќ и Марија Радоман (2018 год.).

2.2 Светска здравствена организација: Хомосексуалноста веќе не е болест

На глобално ниво, 90-тите години од 20 век почнаа со централниот настан од современата историја на хомосексуалноста. Како што напишавме во воведот на оваа книга, на 17 мај 1990 година заврши 43-тото собрание на Светската здравствена организација во Женева, на кое е изгласана десеттата ревизија на Меѓународната класификација на болестите и сродните здравствени проблеми (МКБ-10). МКБ-10 ја сочинуваат шифри за болести и симптоми, патолошки наоди, општествени околности и надворешни причинители на повреди и болести. Изработката на МКБ-10 започнала во 1983 година, а првата примена е дури четири години по нејзиното изгласување. Од долгиот список кодови и шифри за првпат е отстранет еден код што бил невидлив за пошироката јавност на Балканот, но ќе го смени животот на милиони геј-мажи, лезбијки, бисексуалци и квир-луѓе ширум светот. ICD-10 експлицитно нагласува дека „сексуалната ориентација, сама по себе, не треба да се смета за нарушување". За првпат откако, по Втората светската војна, Светската здравствена организација го вовела овој квалификациски список болести и нарушувања, хомосексуалноста престанува да се означува како болест.

На ниво на Обединетите нации, на оваа измена ѝ претходеле децении промени на национално ниво. Откако во 1973 година, Колеџот на психијатрите на Австралија и Нов Зеланд, како највисоко тело што ја регулира работата на психијатрите на национално ниво, ја отстранил хомосексуалноста од списокот болести, дошло до промени и во САД. Од 1952 година Американската асоцијација на психијатрите (АПА) објавува Дијагностички и статистички прирачник за ментални нарушувања (ДСМ-прирачник), чијашто прва верзија ја наведува хомосексуалноста како нарушување на личноста. Како што се зајакнувало американското геј и лезбиско движење кон крајот на 60-тите години, така протестите се насочуваат кон односот на АПА кон хомосексуалноста. Во 1970 година, геј-активисти упаднале на конгресот на АПА во Сан Франциско, прекинувајќи ги говорниците и протестирајќи против нивните дискриминаторски гледишта. Веќе наредната година, активистите од движењето Фронт за ослободување на геј-луѓето (Gay Liberation Front) продолжиле со протестите, со нов упад на конгресот на АПА. Анегдотата вели дека активистот за првата на геј-луѓето, Френк Камени, го зграпчил микрофонот и порачал: „Психијатријата е отелотворение на непријателот. Психијатријата поведе немилосрдна војна за наше истребување. Денес јас вам ви објавувам војна." Ваквите активистички акции биле дел од пошироко антипсихијатриско движење кое се појавило во 60-тите години, доведувајќи го во прашање легитимитетот на психијатриските дијагнози. Соочени со податоците од психијатриските истражувања на Алфред Кинси и Евелин Хукер, во 1973 година, на годишната конференција, АПА расправала за тоа дали хомосексуалноста треба да биде дел од номенклатурата на АПА. Пододборот за номенклатура водел друга расправа за тоа што се подразбира под ментално нарушување и заклучил дека хомосексуалноста не ги исполнува тие критериуми. Во декември 1973 година, и управниот одбор на АПА ја потврдува таквата одлука, отстранувајќи ја хомосексуалноста од ДСМ-прирачникот. Од денешна перспектива, помалку шокантен е податокот дека одлуката на управниот одбор морала да биде потврдена во

форма на референдум од самото членство на АПА. Така, 58% од членовите на АПА ја поддржале одлуката на управниот одговор. Денес би било незамисливо членови на некое стручно здружение преку гласање да се изјаснуваат за научни факти. Во шестото издание на ДСМ-прирачникот од 1974 година, хомосексуалноста веќе не се наведува како нарушување, а позитивното влијание од оваа одлука наскоро ќе се почувствува насекаде низ светот. Сепак, и покрај одредени еманципаторски чекори направени за време на социјализмот во Југославија, оваа одлука нема посебно влијание врз стручната јавност.

Во земјите од Западен Балкан, потврдата на одлуката на Светската здравствена организација од 1990 година дошла дури во 2000-тите години. Дека истополовата ориентација не е болест пишувало во дописот што Психијатриската секција при Српската лекарска комора на 14 мај 2008 година го испратила до белградската лезбиска организација Лабрис, како одговор на нивното прашање. Следуваат слични изјави од лекарските комори во другите држави.

Триесет години подоцна, во 2020 година, добра вест доаѓа и од Албанија. Во мај, управниот одбор на Здружението на психијатрите ја забранил практиката за т.н. конверзивна терапија, за која долго се расправало, препознавајќи го проблемот што е присутен ширум светот децении наназад. Конверзивната терапија се користи за промена или за сузбивање на личната сексуална ориентација или родовиот идентитет. Иако е симболичен чин без правни последици, оваа одлука е важна бидејќи ја води Албанија кон целосна забрана на конверзивната терапија, вклучително и на рекламирање на истата, како што направиле Германија и Малта, со воведување кривични одредби во законската рамка. Конверзивната терапија е присутна и во другите држави на Балканот и во цела Европа, па нејзината забрана е препознаена како нов предизвик и од страна на европската чадор-организација за правата на ЛГБТИ – ИЛГА Европа, која во својот Индекс на виножитото (анг. Rainbow Index) ги оценува сите држави во однос на тоа дали законски ги забраниле новите форми на психијатриско малтретирање на ЛГБТИ-луѓето.

Иако од 1990 година хомосексуалноста веќе не е на списокот на нарушувања, десеттата ревизија на МКБ од истата година донела значајна реорганизација на квалификацискиот систем, вклучувајќи и нови родови дијагнози. Под нарушувања на однесувањето на возрасните лица и нарушувања на личноста се појавила нова категорија нарушувања на родовите идентитети, која вклучувала дијагнози како што се транссексуализам, трансвестизам на двојни улоги, нарушување на родовиот идентитет во детството и други нарушувања на родовиот идентитет. Системот продолжил да ги означува трансродовите и транссексуалните лица како болни, што ќе се смени дури во 2019 година, а за што ќе стане збор подоцна.

17 мај 1990 година останал запаметен како еден од најважните денови за современото ЛГБТИ-движење. Ширум Балканот и низ целиот свет овој ден се одбележува од 2005 година, прво како Меѓународен ден на борбата против хомофобијата, а денес како Меѓународен ден на борбата против хомофобијата, бифобијата, интерсексизмот и трансфобијата (англиска кратенка IDABIHOT). Воедно, тоа е ден кога властите, медиумите и граѓанските организации посветуваат големо внимание на прашањето за дискриминација и насилство врз ЛГБТИ-луѓето.

2.3 Невидливо признавање: Декриминализација на хомосексуалноста

Деведесеттите години носат голем број контрадикторности. Од една страна, со војните во поранешна Југославија и со транзициските процеси доаѓа до ретрадиционализација на општеството, ригидно разбирање на родовите улоги и односи и сè поголема доминација на хомофобичните гледишта на традиционалните верски заедници во општеството. Ваквото опкружување е сè освен поволно за геј-мажите, лезбијките, бисексуалните и трансродовите луѓе. Од друга страна, 90-тите години останале запаметени како деценија во која сите земји од Западен Балкан ги декриминализирале хомосексуалноста и истополовите машки односи, т.е. кога е направен првиот чекор кон трансформација на правните системи, од прогон кон правна заштита за геј-луѓето.

Како што нагласивме во првото поглавје, од самите почетоци на социјалистичка Југославија односот кон хомосексуалноста не бил еднозначен, ниту пак можело да се зборува за силен прогон или за непрекината репресија. По првите пет-шест години, притисокот на полицијата попушта, судењата се сè поретки и доаѓа до одредено релаксирање и либерализација. За сето тоа време, во стручните кругови, а повремено и во јавноста, се водат расправи за смислата и за целисходноста на казнувањето на истополовиот секс. Се зголемува бројот на истакнати интелектуалци, сексолози и правни експерти кои ја заговараат неопходноста на декриминализацијата и активно се ангажираат околу тоа, пишуваат научни трудови и излегуваат со такви предлози во печатените медиуми. Со новиот југословенски устав од 1974 година, кривичното право станува надлежност на републиките и на автономните покраини. Се усвојуваат републички и покраински кривични закони, а во 1977 година доаѓа до бришење на кривичното дело доброволен „противприроден блуд" од кривичните закони на Словенија, Хрватска, Црна Гора и на социјалистичката автономна покраина Војводина.

По распадот на Југославија, преку усвојување нови кривични закони, Словенија, Хрватска и Црна Гора само ја потврдуваат претходната одлука дека прашањето за доброволен однос меѓу двајца мажи не е тема со која треба да се занимаваат кривичните закони. Иако во научната и во активистичката литература, но и во публикациите на меѓународните организации, често може да се најде информација дека Босна и Херцеговина ја декриминализирала хомосексуалноста во постдејтонскиот период, со усвојувањето на кривичните закони од страна на нејзините федерални единици, Република Српска во 1996 година и Федерацијата Босна и Херцеговина во 1998 година, до вистинска декриминализација сепак дошло за време на социјалистичка Југославија. Во 1991 година, Собранието на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина ги изгласало измените на Кривичниот закон и го избришало делото доброволен „противприроден блуд". За жал, во стручната литература не можевме да најдеме информации зошто токму тогаш доаѓа до декриминализација, но востановено е мислењето дека се работи за задоцнето усогласување со одлуките на другите југословенски републики. 1991 била година на либерализација, воведување на плурализмот и граѓанските права во уставниот поредок на БиХ, па може да се претпостави дека во тој бран бил модернизиран и кривичниот закон.

Декриминализацијата во Србија, денешна Северна Македонија, Албанија и на Косово, се одвивала во друг контекст. Во 1990 година, Војводина и Косово го губат автономниот

статус и од тој датум на територијата на цела Србија, како и во Војводина и на Косово, повторно се применува Кривичниот закон на Социјалистичка Република Србија, вклучително и одредбата за противприроден блуд. Во 1994 година, во најмрачниот период од режимот на Милошевиќ, додека Србија, меѓу другото, учествувала во војните во Хрватска и во Босна и Херцеговина, дошло до измена на кривичниот закон и декриминализација на хомосексуалноста. До оваа промена дошло без каква било јавна дебата. Декриминализацијата е потврдена со усвојувањето на новиот Кривичен законик во 2005 година.

Албанија и Македонија ја декриминализирале хомосексуалноста во 1995 и во 1996 година. И во овие земји измените се случиле без голема дебата и видливост во јавноста. За разлика од промените што настанале за време на социјалистичка Југославија, овие декриминализации се делумно направени и под меѓународен притисок, имајќи ги предвид интеграциските процеси на овие земји во Советот на Европа и нивното пристапување кон Европската конвенција за човековите права. Косово, под управа на Привремената административна мисија на Обединетите нации на Косово (УНМИК), во 2003 година ќе добие привремен Кривичен законик, со кој се потврдува декриминализацијата на хомосексуалноста, што ја усвоило Собранието на Србија во 1994 година.

Можеме да заклучиме дека процесот на декриминализација, во повеќето држави од Западен Балкан, е навистина резултат на делумни промени на ставовите во редовите на правната и медицинската професија, но и резултат на меѓународен притисок, особено поради пристапувањето во Советот на Европа. Декриминализацијата не се јавува како резултат на значајни општествени промени, како што било случај во некои држави од Западна Европа. Во текот на 80-тите години, а и подоцна, речиси и не се воделе судски постапки, па оттука декриминализацијата *де факто* не донела голема промена во секојдневието на геј-мажите, бисексуалците и транс-луѓето. Дискриминаторските ставови и насилството останале. Поголем дел од населението и натаму сметале дека геј, бисексуалните и транс-луѓето се болни и дека тие треба да ја чуваат својата сексуална ориентација или родовиот идентитет во нивните четири ѕида.

2.4 Стапување на сцена: Трансродовост

Иако повремено се појавувале и за време на социјализмот, во 90-тите години транс-прашањето и транс-луѓето станувале сè повидливи, и тоа паралелно, преку медицината, медиумите и културата. Тие ќе станат особено видливи во Белград, т.е. генерално во Србија.

Желимир Жилник, српски режисер, во 1995 година го снимил филмот „Задник од мермер" („Marble Ass") во кој Вјеран Миладиновиќ Мерлинка ја одиграла главната улога на транссексуална работничка која со својата пријателка Санела живее во предградие на Белград, сонувајќи за подобар живот и смирувајќи ги, тешејќи ги и еманципирајќи ги своите многу насилни клиенти. Меѓу другото, филмот бил прикажан и на филмскиот фестивал Берлинале во Берлин, каде што ја освоил главната награда во геј-лезбиската

филмска програма – Teddy Award. Инаку, на *Јутјуб* постои снимка од емисијата „Ставови" на ТВ *Нови Сад Плус* од 1997 година во која гостуваат Мерлинка и Санела, во тоа време означувани како трансвестити, веројатно поради недостиг на соодветен термин, т.е. транс-жени. Емисијата е снимана пред публика во студио и, гледано надвор од контекстот, сè изгледа сосема вообичаено и нормализирано.

Значи, од 1990 година хомосексуалноста веќе не е на списокот на нарушувања, па десеттата ревизија на МКБ од истата година содржи значајна реорганизација на квалификацискиот систем, вклучително и нови родови дијагнози. Се воведува изразот „нарушување на родовиот идентитет". Преку клинички приоди кон транссексуалноста се развива систем за дијагностицирање и критериуми, кои го вклучуваат и прашањето за сексуалната привлечност кон истиот пол, начинот на облекување и идентификувањето со одреден пол кај децата и слично. Трансродовите и транссексуалните лица и натаму добиваат лекови, а група медицински експерти во Белград прави промена на полот по хируршки пат, како што тоа колоквијално се нарекувало.

Дека Западен Балкан има вековна традиција на отстапување од постојниот бинарен родов систем покажува и традицијата на т.н. вирџини или „заветувани девици", на албански јазик *burrnesha* или *virgjinéshë*. Според овој обичај, кој има свои корени во толкувањето на средновековното право, и кој денес е присутен во Албанија и во пограничните делови на Црна Гора, Косово и Северна Македонија, во семејствата кои немаат машко дете, едно од женските деца, на барање на родителите или на пошироката заедница, ја презема улогата на маж, заветувајќи се на целибат, носејќи машка облека и однесувајќи се како маж. Овде станува збор за класична општествено конструирана појава, со цел да се смени родовиот идентитет на женско лице за да се вклопи во патријархалните очекувања. Со вирџините се занимавале антрополози, но и уметнички работници/чки, па така настанале филмови и книги, меѓу кои и документарецот во продукција на каналот *Нешнел џиографик* во рамките на серијалот „Табу" од 2002 година. Социјалистичка Албанија активно не ја сузбивала, ниту пак ја охрабрувала оваа појава, со што оваа средновековна традиција опстојала до денешен ден. Се проценува дека денес во Албанија живеат неколку десетици вирџини. Дека не станува збор само за албанска традиција потврдува веста од 2016 година, кога медиумите во регионот известиле за смртта на последната црногорска вирџина, Стана Церовиќ. Филмот на српскиот режисер Срѓан Карановиќ „Вирџина" од 1991 година ја приближил оваа тема на пошироката јавност. Иако денес трансродовите лица живеат со поинакво разбирање на родот и родовите улоги, важно е да се сочува сеќавањето на оваа традиција.

Транс-активизмот, како што ќе видиме во следното поглавје, нема да добие значајно место во почетоците на активизмот од 90-те години, кои фокусот го ставиле на потребите и правата на геј и лезбиската заедница. Во 90-тите години, државите од Западен Балкан ниту правно ниту општествено не ги препознаваат транс-луѓето, и на тој начин поттикнуваат невидливост, но и стигматизација и насилство, што во крајна линија доведува до системска дискриминација на транс-луѓето, бидејќи не постојат закони кои се однесуваат на промена на името и личните податоци, ниту пак постои пристап до здравствените права. До појавата на општествените и политичките промени, кои барем малку ќе ја унапредат позицијата на родово неконформните, трансродовите и транссексуалните луѓе, ќе треба да поминат уште дваесетина години.

2.5 Развој на геј-лезбискиот активизам

Политичката и економската либерализација на Западен Балкан со себе ги носи и почетоците на создавањето на активистичкото движење. Се прават мали чекори во насока на создавање граѓанско општество и застапување за човековите права на ЛГБТ-луѓето, од кои повеќето се фокусирани на геј-мажите и лезбијките, со ограничено разбирање за потребите и правата на бисексуалните и транс-луѓето. Се разбира, централните настани се сведуваат само на Белград, имајќи предвид дека другите делови од Западен Балкан минуваат низ војни и поствоена обнова или, едноставно, им недостига масовност, од кои пак поизлегуваат различни активистички групи, па и оние за унапредување на правата на ЛГБТ-луѓето.

Донекаде под влијание на настаните во прогресивната Љубљана, белградскиот активизам ги бележи своите почетоци на состаноците во познатиот белградски хотел Москва во 1990 година. На собирите на активистите и активистките, во почетокот на 1991 година, се формира Аркадија, групата за афирмација на човековите права и културата на лезбијките и геј-мажите. Првата акција на Аркадија било писмо, испратено до сите геј и лезбиски организации и групи, во кое отворено се осудува радикализацијата на општеството и милитаризмот. Секако, основната цел на ова здружение била декриминализација на хомосексуалноста, а неговите тогашни активности биле сведени на застапување во медиумите и на неколку протести поради политичка злоупотреба на хомосексуалноста. Аркадија нема свои простории, ниту постојани финансиски извори, а нивните протести речиси исклучиво ги пренесувале независните медиуми и неколку феминистички публикации во Белград.

Активистите и активистките од Аркадија често давале изјави за медиумите, пишувале за весниците, учествувале во телевизиски и радиоемисии и соработувале во емисијата „Ди Геј", која се емитувала на белградското радио *Б-92*, како и во емисиите на други радиостаници, кои во неколку наврати, во рамките на вечерната програма, како тема ја имале хомосексуалноста. Со оглед на тоа дека е основана за време на распаѓањето на СФРЈ и за време на почетокот на војните, активистите и активистките од Аркадија постепено го освојувале јавниот простор. Веќе во 1991 година, за првпат е одбележан 27 јуни, Меѓународниот ден на гордоста, во знак на сеќавање на Стоунволската револуција во Њујорк. Тој ден е организирана трибина во Младинскиот дом во Белград, на тема геј и лезбиски активизам, култура и уметност. Иако предизвикал внимание во јавноста, овој собир поминал без ниту еден инцидент. Но, со поголемата видливост во јавноста, геј-лезбискиот активизам се соочил и со поголем отпор, кој вклучувал и физички напади.

Во 1993 и 1994 година, Аркадија објавила две изданија на истоимениот билтен, кои содржеле теми како што се: јавното декларирање на лезбијките/геј-мажите, одбележувањето на Меѓународниот ден на гордоста, декриминализацијата на хомосексуалноста, а големо внимание било посветено и на СИДА-та. Во рубриката за култура се објавени кратки прикази за геј и лезбиски книги, поезија, автентични приказни за лезбиско аутирање (јавно излегување и декларирање како геј), материјали од одржаните работилници и, на крајот, анкета за тоа што мислат белграѓаните и белграѓанките за лезбијките. Билтенот е печатен во 350 примероци. Во рамките на

белградскиот Центар за женски студии се основани лезбиски студии, кои биле активни во периодот од 1994 до 1997 година, на кои предавачи биле Лепа Млаѓеновиќ, Зорица Мршевиќ, Риа Конвенс од Белгија, Ингрид Фоекен и Ања Муленбелт од Холандија и Крис Корин од Велика Британија. 1994 година била генерално важна за геј-активизмот во Србија. Освен тоа што дошло до декриминализација на доброволниот хомосексуален однос, Аркадија е конечно регистрирана како формално здружение на граѓани во Министерството за правда на Сојузна Република Југославија, по неколкугодишно одбивање на властите да го регистрираат оваа здружение.

Во март 1995 година е основана групата за лезбиски права Лабрис, која првично дејствувала во рамките на Аркадија, а потоа се осамостоила. Целта на Лабрис била зајакнување на лезбијките, работа на зголемувањето на лезбиската видливост и поврзување со лезбиските групи ширум Европа. Активистките се собирале во просториите на белградските здруженија на жени, како што се Центарот за женски студии, Автономниот женски центар и Жени во црно, организирајќи состаноци и работилници и работејќи на медиумската промоција на лезбиските права. Во рамките на својата работа, во 1995 година организацијата Лабрис започнала со издавање сопствени весници, кои излегувале до 2012 година, а наредната година објавила книга поезија и спровела истражување за степенот на хомофобија и лезбофобија во Србија. Фактички, Лабрис е најстарата ЛГБТИ-организација на Западен Балкан, која во континуитет дејствува 25 години во корист на лезбиските и пошироките ЛГБТИ-заедници во Србија.

Со доаѓањето на интернетот на Балканот, во 1998 година е креиран веб-сајтот Gay-Serbia.com, како веб-портал за ЛГБТ-заедницата во Србија и Црна Гора, но и пошироко. По примерот на овој веб-сајт, особено по 2000 година, подоцна се отвораат портали и во сите други земји од Западен Балкан. Истата година започнала и Кампањата против хомофобијата, за унапредување на позицијата на лезбијките и геј-мажите во Белград, како активистичка иницијатива која имала за цел да се застапува за правата на геј-мажите и лезбијките.

И покрај ваквите активистички почетоци, реалноста била многу помрачна. Во какви околности живееле ЛГБТ-луѓето во Србија покажуваат сеќавањата за две убиства. Веќе споменатата Мерлинка (Вјеран Миладиновиќ Мерлинка) последната година од животот ја поминала живеејќи во опсерваториумот на белградската тврдина Калемегдан, каде што се занимавала и со сексуална работа, а во 2002 година го напишала автобиографскиот роман „Синот на Тереза". Убиена е на 22 март 2003 година, а за нејзиното убиство, и покрај судскиот процес и очигледната вина, сторителот не бил казнет поради наводен недостиг на докази. Еве како еден од најчитаните дневни весници во Србија, *Блиц*, пишувал за убиството на Мерлинка: „Вјеран Миладиновиќ во нашата јавност прв се декларираше како трансвестит. Секогаш носеше женска облека, мини здолништа, високи потпетици и шминка, наведувајќи дека со години, главно на ул. Гаврило Принцип во близина на пазарот Зелен венец, дава сексуални услуги на разни клиенти од машки пол. Се зборуваше дека негови клиенти се луѓе од различна возраст, од малолетници до господа во години, како и дека меѓу нив има многу семејни луѓе и личности од нашиот јавен живот. Сепак, тој никогаш не именуваше ниту еден негов клиент. Во последно време, се зборуваше дека се повлекол од работата, и дека ја нашол 'љубовта на својот живот'. Беше еден од главните ликови во филмот на Желимир Жилник 'Marble Ass', а со овој режисер соработуваше и на филмот 'Убави жени шетаат низ градот'." Убиството на Вјеран Миладиновиќ Мерлинка, тогаш можеби најпознатото транс-лице од Балканот,

остана неразрешено и по завршувањето на судската постапка. Судскиот совет го ослободил обвинетиот од обвинение за делото убиство.

Дејан Небригиќ бил првиот јавно аутиран геј-маж во Србија. Во 90-тите години, тој им се приклучил на мировните движења откако ја одбил мобилизацијата, кажувајќи му на военото психијатар дека е геј. Бил активист, писател и театарски критичар, а студирал филозофија. Во 1990 година, Дејан Небригиќ заедно со лезбиската активистка Лепа Млаѓеновиќ и со уште дваесетина активисти, учествувал во основањето на веќе споменатата прва геј и лезбиска организација во Србија, Аркадија. Тој е еден од основачите и соработниците на антимилитаристичкото мировно списание *Пацифик*, каде што во текот на 1992 и 1993 година ја уредувал секцијата за геј-мажи и лезбијки. Во 1993 година се приклучил на мировната организација Жени во црно и го уредувал списанието *Жене за мир*. Во 1998 и 1999 година работел како извршен директор на Кампањата против хомофобија. Ноќта на 29 декември 1999 година, на неговиот 29-ти роденден, Дејан Небригиќ е брутално убиен од Милан Лазаров, поранешен партнер и син на мажот кого Небригиќ во почетокот на 1999 година го пријавил за загрозување на личната безбедност.

Во 90-тите години, мејнстрим медиумите во Србија, впрочем како и секаде на Западен Балкан, сензационалистички известувале за ЛГБТ-темите, најчесто пренесувајќи скандали во врска со сексуалната ориентација на познати луѓе од светот на шоу-бизнисот. Други примери за известувања се однесуваат на кривични дела и убиства, исто така со примена на сензационалистички пристап. Од белградскиот магазин *Време*, во 1999 година дознаваме дека еден геј-маж бил ставен во лудница од страна на психијатар по нивната расправија и дека само благодарение на брзата реакција на активистите кои стоеле зад Кампањата против хомофобија, тоа лице било спасено од присилна хоспитализација.

Во таа смисла, и на Косово е забележан случај на сензационалистичко известување. Како што косовските активистки Мирвет Бајрами и Влора Красниќи бележат во еден текст: „Во раните 90-ти, редакцијата на еден од најпознатите весници на Косово (*Коха Диторе*) добива необичен имејл во кој се споменува венчавка на две жени. Сите биле шокирани. Венчавката е одржана во Нови Сад, Војводина, и како што пишувало во имејлот, во брак стапиле Игбале Р., Албанка од Косово, и Рејчел од Англија." Игбале Ругова продолжила со своето дејствување на Косово и станала една од централните фигури во женското движење на Балканот.

Година дена пред декриминализацијата на хомосексуалноста во Албанија, во 1994 година се основа првата активистичка група Геј-луѓе од Албанија (Gays of Albania), што е исклучително важен и храбар граѓански чин. Активизмот и натаму бил повеќе во приватната сфера, а ретките медиумски гостувања предизвикувале високо ниво на бес и говор на омраза во општеството. Таква била и ситуацијата во 1995 година, кога основачот на оваа активистичка група дал интервју за дневниот весник *Коха Јоне*. Во текот на 90-тите години постела и мала група многу млади поети, кои се обиделе да воспостават оаза на авангардно опкружување во Албанија. Еден од нив бил поетот Илир Белиу, кој живеел во голема сиромаштија и е пронајден мртов во својата 30-та година. Во новинарските кругови бил познат фактот дека тој е хомосексуалец. Кристи Пиндери наведува дека ниту денес, 20 години по неговата смрт, не може да се пронајде ништо за неговиот приватен живот. За време на својот живот тој објавил само една

книга со поезија, а уште две се објавени по неговата смрт. Како омаж на овој поет, нашиот соговорник Кристи Пиндери специјално за оваа книга преведе еден стих на Илир од албански на англиски јазик:

Për në ishullin e njeriut / Towards the island of man
duke udhëtuar, / traveling,

pata frikë / i got scared

mos më vërente i vdekuri, / being seen by the dead man,

dhe u struka / and I hid

në ekzistencë./ in the existence.

Ситуацијата поврзана со ЛГБТ-активизмот во 90-тите години е севкупно мрачна и во голем дел ограничена на случувањата во Белград. Во другите регионални центри во БиХ, Црна Гора, Македонија, Албанија и на Косово, ЛГБТ-заедниците постојат и опстојуваат, но главно меѓу *своите четири ѕида.* За жал, не најдовме белешки за значајни настани или поголеми активистички групи.

Библиографија

Damir Banović i Vladana Vasić (2013): Seksualna orijentacija i rodni identitet: pravo i praksa u BiH. Sarajevo: Sarajevski otvoreni centar.

Myrvete Bajrami/Vlora Krasniqi (2012): LGBT pokret na Kosovu, u Aida Spahić i Saša Gavrić (priredili): Čitanka LGBT ljudskih prava, Sarajevo: Sarajevski otvoreni centar.

Bojan Bilić i Marija Radoman (priredili, 2018): Sestrinstvo i jedinstvo. (Post)jugoslo(a)venski lezbe(i)jski aktivizam. Novi Sad: Meditteran Publishing.

Jelisaveta Blagojević i Olga Dimitrijević (priredile, 2004): Među nama. Neispričane price gej i lezbejskog života. Beograd: Hartefakt Fond.

Jack Dreschner (2015): Queer diagnoses revisited: The past and future of homosexuality and gender diagnoses in DSM and ICD, u International Review of Psychiatry, October 2015; 27(5): 386–395.

Svetlana Đurković (2007): Nevidljivo Q? Pitanje ljudskih prava i potreba LGBTIQ osoba u Bosni i Hercegovini. Sarajevo: Udruženje Q.

Sonja Gočanin: Počeci LGBTI organizovanja u Srbiji – Pismo iz Sloveniije koje je pokrenulo istoriju, u Jelisaveta Blagojević/Olga Dimitrijević (2014, priredile): Među nama. Neispričana priča gej i lezbejskog života. Beograd: Hartefakt Fond.

Michael Kirby (2000): Psychiatry, Psychology, Law and Homosexuality – Uncomfortable Bedfellows, u Psychiatry, Psychology and Law, 7, 2, 139-149.

Marija Savić (2011): Istorija LGBT aktivizma u Srbiji u Saša Gavrić/Lejla Huremović/Marija Savić (priredili): Čitanka lezbejskih i gej ljudskih prava. Sarajevo: Sarajevski otvoreni centar i Fondacija Heinrich Boell.

UNDP (2017): Being LGBTI in Eastern Europe. Serbia Country Report.

Интервјуа и онлајн написи:

Intervju dr. sc. Franko Dota: Žrtve progona homoseksualaca u Jugoslaviji trebaju postati dio našeg sjećanja (2017):https://www.crol.hr/index.php/politika-aktivizam/8989-intervju-dr-sc-franko-dota-zrtve-progona-homoseksualaca-u-jugoslaviji-trebaju-postati-dio-naseg-sjecanja

Preminula poslednja crnogorska virdzina (2016): https://www.blic.rs/vesti/drustvo/preminula-poslednja-crnogorska-virdzina/fw1hyqy

Stephen ViderandDavid S. Byers (2015): A Half-Century of Conflict Over Attempts to 'Cure' Gay People. https://time.com/3705745/history-therapy-hadden/

3. ЕВРОПЕИЗАЦИЈА И ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА: РАЗВОЈ НА ЛГБТИ-ДВИЖЕЊЕТО И ПРАВАТА ПО 2000

3.1 Историски и општествени околности

На Западен Балкан, новиот милениум носи големи промени и постојани турбуленции. Потпишувањето на Охридскиот рамковен договор во август 2001 година, меѓу претседателот на Македонија и лидерите на четирите најголеми политички партии на етничките Македонци и на етничките Албанци, става крај на последниот вооружен судир на Балканот. Периодот на војни и вооружени конфликти во поранешна Југославија, кој започна во 1991 година, заврши во Македонија, во 2001 година.

Во Србија, долгоочекуваните демократски промени се случиле во 2000 година. Под притисок од големите демонстрации, Слободан Милошевиќ признава дека ги изгубил изборите за претседател на Сојузна Република Југославија. Коалицијата „Демократска обнова на Србија" извојува тесна победа. Во јануари 2001 година, Зоран Ѓинѓиќ станува премиер на Србија. Во Србија се шири дух на оптимизам, што има големо влијание врз ЛГБТ-активизмот. Времето покажа дека овие промени не биле одржливи. Во следните две децении, Србија минува низ различни политички успеси и падови, а во 2012 година сегашниот претседател на Србија и претседател на Српската напредна партија ги поставува темелите на својата повеќегодишна власт. И покрај притисокот од опозицијата, доминацијата на Вучиќ врз политичките процеси во Србија е неспорна.

По општите избори што се одржаа есента 2000 година, на власт во Босна и Херцеговина доаѓа Демократската алијанса за промени, коалиција предводена од мултинационалната Социјалдемократска партија на БиХ. Под притисок на меѓународната заедница, за првпат по војната, на власт не се национални партии (бошњачката Партија за демократска акција, Српската демократска партија и Хрватската демократска заедница на БиХ), а Демократската алијанса за промени ја формира државната влада со тогашните умерени српски партии: Сојузот на независните социјалдемократи и Партијата за демократски прогрес. Оваа промена беше краткотрајна, бидејќи веќе во 2002 година власта одново ја преземаат националистичките партии, и тоа не е променето до денес. Босанскохерцеговскиот консоцијациски политички систем репродуцира националистичка идеологија, па така на власт одново се враќаат национални, десничарски и партии од десниот центар. По 2006 година, кога меѓународната заедница носи одлука да ја сведе активноста на Високиот претставник на минимум, без мешање во дневнополитичките случувања, наметнување закони и отстранување на непожелните политичари од политичката сцена, во БиХ настапува фаза на стагнација и на општо

назадување. Оттогаш доминираат националистичка политика, вонинституционално одлучување и коруптивни политички практики. Изостануваат долгоочекуваните уставни реформи, а од денешна перспектива БиХ никогаш не биле подалеку од суштински реформи.

По НАТО-бомбардирањето на Сојузна Република Југославија и усвојувањето на Резолуцијата на ОН бр.1244, кон крајот на 1999 година, на Косово се воспоставува управа на Обединетите нации. Српската цивилна власт, полиција и војска се повлекуваат и фактички се создава независен политички систем, со привремен устав, институции и правен систем. Косово добива сопствено собрание, претседател, влада, судство и локална самоуправа. По неуспешните преговори меѓу Белград и Приштина, под менторство и со голема поддршка од западните сили, на почетокот на 2008 година Собранието на Косово прогласува независност и истата година го усвојува сопствениот Устав. Воедно, тоа е единствениот устав на Западен Балкан кој експлицитно забранува дискриминација врз основа на сексуалната ориентација. Во првите години по прогласувањето на независноста, новата држава е признаена од голем број членки на Обединетите нации, но тој процес почнува да стагнира по 2015 година. Откако неколку држави дополнително го повлекуваат нивното признавање, бројот на држави кои имаат дипломатски односи со Косово се движи околу 110. Косово не е дел од Советот на Европа, ОБСЕ и Обединетите нации, што претставува посебен предизвик кога станува збор за целосна примена на стандардите за заштита на човековите права, коишто ги развиле овие и други меѓународни организации. Иако веќе со години се најавува сеопфатен договор помеѓу Белград и Приштина со посредство на Европската Унија и под притисок од САД, до денес не е постигнат таков договор, но потпишани се важни секторски спогодби.

Споменатиот Охридски рамковен договор од 2001 година става крај на конфликтот и Македонија пристапува кон уставни промени кои овозможиле консоцијациски политички систем во оваа држава. Оттогаш до денес, на власт секогаш е коалиција предводена од левичарскиот Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) или коалиција предводена од Внатрешно македонската револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ). Од 2008 година, нивен партнер од спектарот на албанските партии е Демократска унија за интеграција. ВМРО-ДПМНЕ и Никола Груевски владеат во Македонија од 2006 до пролетта 2017 година, кога доаѓа до повторна смена на власта. Со доаѓањето на СДСМ, Македонија и Грција го решаваат спорот стар речиси три децении и во 2019 година Македонија добива ново име на државата – Северна Македонија. ЛГБТ-заедницата го памети владеењето на ВМРО-ДПМНЕ по обидите во Уставот бракот да се дефинира како заедница на еден маж и една жена, по ограничената правна заштита без експлицитно споменување на сексуалната ориентација и родовиот идентитет и по непроцесуирањето на повеќе хомофобични напади врз ЛГБТИ Центарот за поддршка во Скопје.

Биполарната поделба на политичкиот спектар не е присутна само во Северна Македонија. Слична ситуација има и во Албанија, каде што по падот на социјалистичкиот систем борбата за власт се води меѓу коалициите што ги предводат десничарската Демократска партија и левичарската Социјалистичка партија, па така, во просек, на секои осум години доаѓа до смена на власта. Албанија успешно се трансформирала од најзатворената држава во Европа во земја која минува низ транзиција кон модерна

демократија. И покрај тоа што е членка на НАТО-сојузот, власта во Тирана е под постојан притисок од опозицијата и критика од страна на меѓународната заедница.

Единствена држава во која не дошло до смена на власта во целиот период кој го опфаќа оваа книга е Црна Гора.[8] Демократската партија на социјалистите на Црна Гора, на чело со Мило Ѓукановиќ, е на власт од првите повеќепартиски избори во 1990 година. Оваа партија минала низ различни транзиции и во континуитет, заедно со коалициските партнери, владее со оваа држава сè до 2020 година. Самостојноста на Црна Гора, црногорскиот национализам, евроатлантските интеграции и целосното одвојување од политиката на Белград се неколку од столбовите кои доминираат во политиката. Голем удел во остварувањето еднаквост за ЛГБТ-луѓето во оваа држава ќе има и целосната посветеност на интеграциите во ЕУ. Иако станува збор за традиционално општество со конзервативно разбирање на родовите улоги и на родовата рамноправност, оваа земја демонстрира завиден напредок во однос на правата на ЛГБТИ-луѓето. За тоа повеќе ќе зборуваме во следните поглавја.

Во 2003 година, на самитот во Солун, Европската Унија ја потврдува претходната одлука и испраќа јасна порака дека местото на земјите од Западен Балкан е во европското семејство. Оттогаш па до денес, со значајна поддршка од западните сили, само Хрватска успеа да ги исполни условите за членство и во 2013 година стана 28 членка и последна држава примена во ЕУ. Другите шест земји од Западен Балкан, кои се примарен предмет на нашата книга, и натаму остануваат дел од интеграцискиот процес, иако се далеку од полноправно членство. Моќта на интеграциите во ЕУ, со примена на таканаречената условеност (анг. conditionality), е значително ослабена, додека во научните студии и извешти на меѓународните организации балканските земји сè повеќе се препознаваат како неуспешни држави (анг. failed states), заробени држави (анг. captured states), нелиберални демократии (анг. illiberal democracies), изборни автократии (анг. elected authocracy) или хибридни режими (анг. hybrid regimes). Сите политички промени и турбуленции имаат големо влијание и врз нивото на заштита на човековите права на ЛГБТИ-луѓето, како и врз нивното секојдневие.

8 За време на уредувањето на оваа книга, во Подгорица се одвиваа преговори меѓу опозициските политичари, чијшто исход потенцијално ќе биде смена на власта. Голема е веројатноста дека Демократската партија на социјалистите на Црна Гора ќе се најде на опозициските клупи во Собранието на Црна Гора.

Табела: Напредокот на земјите од Западен Балкан во евроатлантските интеграции

	Албанија	БиХ	Црна Гора	Косово	Северна Македонија	Србија
Членство во Советот на Европа	1995	2002	2007	-	1995	2003
Членство во НАТО	2009	Акциски план за членство 2018	2017	-	2020	Нема намера да стане членка
Спогодбата за стабилизација и асоцијација со ЕУ влегува во сила	2009	2015	2010	2016	2004	2013
Статус на земја-кандидатка	2014		2010		2005	2012
Отпочнување на преговорите со ЕУ	2020		2012		2020	2014

3.2 ЛГБТИ-правата се човекови права: Развој на стандарди за човековите права на ЛГБТИ-луѓето

Се покажало дека 90-тите години биле важни за декриминализација на хомосексуалноста и престанок на медикализацијата на геј-луѓето, додека 2000-тите биле години кога, на меѓународно ниво, конечно се развиваат и се разработуваат стандарди за заштита и промоција на човековите права на лезбијките, геј-мажите, бисексуалците, трансродовите и интерсексуалните луѓе, а работата на невладините организации од Западен Балкан во голем дел се темели на овие стандарди.

На ниво на Обединетите нации, во периодот по Втората светска војна, се усвоени различни универзални документи кои се однесуваат на човековите права, како што се: Меѓународниот пакт за граѓански и политички права или Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права (обата донесени во 1966 година), Конвенцијата за елиминирање на сите форми на расна дискриминација (1966), Конвенцијата за

елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените (1979) или Конвенцијата за правата на детето (1989), поставувајќи ги темелите за национални политики и закони. Сепак, важно е да се нагласи дека ниту една од овие спогодби експлицитно не ги споменува сексуалната ориентација, родовиот идентитет и половите карактеристики. Од 2006 година, почнуваат да се водат дискусии за правата на ЛГБТИ-луѓето, кои вклучуваат резолуции и заеднички изјави на Генералното собрание и на Советот за човекови права. Истите сведочат за постепено присуство на расправите за правата на ЛГБТИ-луѓето во рамките на телата на ОН. Сепак, најголем успех претставува именувањето Независен експерт за заштита од насилство и дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во 2016 година, од страна на Советот за човекови права при ОН. По 2010 година, и прашањата за правата на интерсексуалците постепено стануваат тема за која се разговара во рамките на Комитетите на ОН.

Во недостиг на посебен документ кој систематски воспоставува стандарди за заштита и промоција на човековите права на ЛГБТИ-луѓето, во ноември 2006 година група независни експертки и експерти за човекови права ги изработила Јогјакарта принципите (анг. Yogyakarta Principles), документ кој детално ги толкува и ги разработува постојните општи стандарди за човековите права и ги толкува низ перспективата на сексуалната ориентација и родовиот идентитет. Документот е именуван по местото каде што се одржува експертскиот состанок, градот Јогјакарта во Индонезија. Принципите се надополнети во 2017 година, така што сега ги вклучуваат и прашањата поврзани со родовото изразување и половите карактеристики, со цел да се обезбеди подобра заштита на трансродовите и интерсексуалните луѓе. Јогјакарта принципите го објаснуваат она што е очигледно, а тоа е дека сите права од документите на ОН важат и за ЛГБТ-луѓето, вклучително и принципот на еднаквост и недискриминација, правото на лична сигурност, слободата на изразување, здружување и собирање, слободата на движење, правото на приватен и семеен живот, како и економските, социјалните и културните права. Иако овој документ не е усвоен од страна на Генералното собрание или Советот за човекови права при ОН, него редовно го користат и го цитираат различни комитети и специјални известувачи на ОН, како и ЛГБТИ-активистки/ти ширум светот. Неспорно е дека овие принципи придонеле за поинклузивно разбирање на човековите права и за разбирањето дека, кога станува збор за ЛГБТИ-луѓето, тие не можат да се применуваат селективно. Документот, генерално, наиде на позитивен прием, но без оглед на неговата необврзувачка форма, тој бил напаѓан од владите на државите кои имаат дискриминаторски закони кон ЛГБТИ-луѓето, особено одредени држави во Африка и во Азија.

Ситуацијата е малку подобра кога станува збор за стандардите на ниво на Советот на Европа. Секако, централна улога во тоа одиграл Европскиот суд за човекови права во Стразбур кој, во 80-тите и особено, во 2000-тите, утврдил дискриминација врз основа на сексуалната ориентација и родовиот идентитет во десетина случаи. Случаите како *Норис против Ирска* (1988) ќе воспостават стандард за задолжителна декриминализација на истополовите односи меѓу полнолетни мажи. Многу други случаи ќе го потврдат и правото на јавно собирање и здружување, правото на законско регулирање и заштита на истополовите животни заедници (случаи како *Шалк и Копф против Австрија* и *Олиари и др. против Италија*), како и самото право на родов идентитет и правно признавање на родовиот идентитет без стерилизација на транс-луѓето.

Меѓу многуте ЛГБТИ-случаи кои се нашле пред Судот во Стразбур, има и еден случај од регионот на Западен Балкан: *Икс против поранешната југословенска Република*

Македонија, во кој е донесена пресуда на почетокот на 2019 година. Во овој случај, транс-маж, кој од две специјалистички клиники во Белград добил дијагноза за „транссексуалност" и започнал хормонска терапија, не бил во можност да ги промени ознаката за пол и единствениот матичен број во своите лични документи. И покрај повеќекратните жалби и судски процеси, неговото барање било одбиено. Судот утврдил дека му е повредено правото на приватен живот, загарантирано со член 8 од Европската конвенција. И покрај активистичкото застапување, Северна Македонија не успеала да направи соодветни измени на правната рамка. На споменатото лице му е овозможена промена на ознаката за пол, но законот останува нејасен за сите идни случаи. Во следниот период може да се очекуваат и други случаи од Западен Балкан, имајќи предвид дека сè повеќе ЛГБТИ-луѓе, групи и парови се одлучуваат за стратешко судско застапување, со цел да дојде до законски промени врз основа на добиените тужби.

Во 2010 година, Министерскиот совет при Советот на Европа ја усвоил Препораката CM/Rec(2010)5 на Советот на министри/министерки на државите-членки за мерките за сузбивање на дискриминацијата врз основа на сексуалната ориентација или родовиот идентитет. Иако се работи само за препорака, овој документ на најсистематски начин го дефинира она што државите-членки на Советот на Европа мора да направат кога стануува збор за заштита од дискриминација и насилство, семеен живот, приспособување на полот, но и еднаквост во областите на вработување, образование, здравство, домување и спорт. Досега, државите-членки двапати известуваа за преземените мерки. Во државите од Западен Балкан овој документ често се користи за застапување за конкретни мерки и промени. Последната Стратегија за унапредување на квалитетот на животот на ЛГБТИ-луѓето во Црна Гора за периодот 2019-2023 се повикува на оваа препорака, додека првата стратегија за периодот 2013-2018 беше целосно базирана на неа.

За земјите од Западен Балкан од голема важност се и стандардите на Европската Унија. Повелбата на Европската Унија за темелните права од 2000 година експлицитно забранува дискриминација врз основа на сексуалната ориентација. Воедно, тоа е еден од ретките меѓународни документи кои како основа врз која се забранува дискриминацијата ја споменуваат и сексуалната ориентација. Во 2000 година е донесена и Директивата 2000/78/ЕС за воспоставување општа рамка за еднаков третман при вработување и извршување на занимањата. Стандардите од оваа директива се преземаат и се пренесуваат во националното законодавство ширум ЕУ, но на истите мора да се обврзат и државите кои се во процес на пристапување во Европската Унија. Нацрт-директивата за спроведување на принципите за еднаков третман на лицата без оглед на вероисповедта, уверувањата, попреченоста, возраста или сексуалната ориентација, таканаречената Директива за еднаков третман, е изработена уште во 2008 година, и истата е изгласана од страна на Европскиот парламент, но до денес не добила поддршка од Советот на ЕУ, па затоа не може да влезе во сила. За Западен Балкан посебна улога имаат и преговарачките процеси за членство, бидејќи преку преговарачките поглавја на дневен ред се ставаат и правата на ЛГБТИ-луѓето. Како што покажавме во оваа книга, визната либерализација за земјите од Западен Балкан е најдобар пример како Европската Унија успева да услови законски измени.

Во борбата за човекови права на ЛГБТИ-луѓето важна улога одиграла ИЛГА Европа, европска чадор-организација за ЛГБТИ со седиште во Брисел. На многу организации, особено на почетокот на нивното дејствување, ИЛГА Европа им помогнала во градењето на капацитетите, вмрежувањето со институциите на ЕУ, како и со мали парични средства.

ИЛГА Европа одиграла важна улога и во тоа активистките и активистите од Западен Балкан да го сфатат значењето на процесот за интеграција во ЕУ и подобро да ги разберат сите механизми кои постојат на ниво на ЕУ и Советот на Европа.

Сепак, до денешен ден ниту една меѓународна организација не донела сеопфатен и обврзувачки документ, како конвенција, за заштита и промоција на правата на ЛГБТИ-луѓето. Поради ригидните ставови на голем број земји од Африка и Азија, Обединетите нации се далеку од подготовка и донесување на некоја форма на конвенција за елиминирање на сите форми на дискриминација на ЛГБТИ-луѓето, а истото важи и за Советот на Европа. Колку е поделен европскиот континент во врска со спроведувањето прогресивна политика за родова еднаквост, можевме да видиме за време на јавните расправи за ратификација на Истанбулската конвенција во државите од Средна и Источна Европа. Ќе биде потребно време за да се создадат рамки за усвојување сеопфатна и обврзувачка конвенција за ЛГБТИ, а дотогаш активистичките движења на Западен Балкан мора да се потпираат на помалку обврзувачките документи, создавањето политичка волја и застапувањето стратешки случаи пред Судот во Стразбур.

3.3 Активизам според западни стандарди: Основање и развој на здруженија на ЛГБТИ

Во текот на 2000-тите години, ЛГБТИ-активизмот се развива во сите држави од Западен Балкан и станува интегрален дел на граѓанското општество. Во повеќето случаи, активизмот се манифестира преку регистрирани граѓански организации, а во некои случаи и во форма на активистички групи и мејнстрим организации за заштита и промоција на човековите права, кои како една од целите на својата работа го имаат унапредувањето на човековите права на ЛГБТИ-луѓето. Во многу држави, важна улога имале и програмите за борба против ХИВ/СИДА, во чиишто рамки се основани свратилишта во кои се работело со заедницата и се создавал безбеден простор за ЛГБТИ-луѓето. Ова имало особено големо позитивно влијание врз геј-мажите и транс-заедницата. Важна улога ќе имаат и амбасадите, меѓународните невладини организации и развојните програми кои од 2000-тите години ја зголемуваат финансиската помош за ЛГБТИ-проектите. Достапноста на странското финансирање овозможила професионализација на ЛГБТИ-активизмот, но како последица го има и делумното оддалечување на организациите од самата заедница. Сето тоа, на долг рок, ги стави организациите на ЛГБТИ и уште некои организации кои се застапуваат за човековите права во групата на таканаречени *странски платеници,* како што оттогаш ги нарекуваат десничарските и некои други групи од Западен Балкан.

Со основањето на Аркадија и Лабрис во 90-тите години се поставени темелите за ширење на ЛГБТИ-активизмот во Србија. Во 2001 година, од Аркадија се развива и Гејтен-ЛГБТ, која во 2019 година го менува името во Гетен, инспирирана од светот на андрогените битија опишани во книгата на писателката Усула Ле Гвин, „Левата рака на темнината". Гетен го направил геј-лезбискиот активизам инклузивен за транс-заедницата и оваа организација, заедно со Лабрис, денес е најстарата организација во Србија. Се разбира, Србија е местото каде што се појавиле и дејствувале

најверојатно најголемиот број организации и групи. Голем дел од нив, како што е новосадската лезбиска група Излези, дејствувале и надвор од главниот град, особено во Нови Сад, Ниш, Крагуевац и во Шабац. Се основаат специјализирани организации кои се фокусираат на зајакнување на заедницата, но и на застапување пред институциите, организации кои се занимаваат исклучиво со правата на транс-луѓето, интерсексуалците или со лезбијството во ромската заедница. Се јавуваат и исчезнуваат групи и невладини организации кои работат на промоцијата на ЛГБТИК-идентитетот преку уметноста и културата, а Белград станува местото каде што интензивно се работи на академска и на научна промоција на квир-студиите. Сепак, и покрај сите напори, мал број организации навистина успеале да изградат континуитет и упориште внатре во ЛГБТ-заедницата. Работата на повеќето организации се сведувала на ангажманот на неколку клучни активисти, со чиешто излегување од активизмот или заминување од земјата ги снемувало и самите организации. Се разбира, Лабрис е еден од неколкуте најсветли примери за континуитет – без оглед на промените што се случувале во организацијата и во составот на тимот, и покрај падовите и подемите, оваа организација и понатаму продолжува да работи.

Фактот дека Белград денес има два Прајда, официјален и контрапрајд, Прајд инфо-центар кој работи во текот на целата година во самиот центар на градот, месечно списание за ЛГБТ, како и долгогодишен фестивал на ЛГБТ-филм Мерлинка, зборува за значајното присуство на ЛГБТ-животот во српскиот мејнстрим, но и за разноликоста и за идеолошката поделба во самото ЛГБТИ-движење. Од соработката на ЛГБТИ-организациите со другите граѓански организации произлегле конкретни предлози за закони за родовиот идентитет и за регистрирање истополови заедници, многу пред државните институции да помислат да работат на вакви законски решенија, што го покажува и потенцијалот што е присутен во самото активистичко движење во Србија. За ова повеќе ќе зборуваме подоцна.

Во целиот период, ЛГБТИ-активизмот во Црна Гора, Македонија и во Босна и Херцеговина бил под одредено влијание од Србија и од соседните земји. Во 2003 година се основа првата ЛГБТ-организација во Црна Гора, Слободно виножито, која поставува важни темели за заедницата, но не опстојува долго. Во втората деценија од новиот милениум се создаваат и ЛГБТ Форум Прогрес и Квир Монтенегро. Црна Гора е добар пример за тоа како организациите кои, генерално, се занимаваат со човековите права направиле многу за видливоста и за прифаќањето на ЛГБТ-луѓето. Па така, организациите како што е Јувентас од Подгорица спроведуваат значајни основни активности со институциите, но и со самата ЛГБТ-заедница, создавајќи безбеден простор за самостојно развивање на активизмот за ЛГБТИ. Јувентас и организациите собрани околу неформалната Коалиција Заедно за правата на ЛГБТ, биле двигатели на процесот за изработка на првиот владин акциски план за унапредување на положбата на ЛГБТИ-луѓето во Црна Гора. Интересен е и односот на граѓанското општество кон властите. Имено, додека Црна Гора, споредено со другите држави, континуирано се покажува како отворена за човековите права на ЛГБТИ-луѓето, самиот однос меѓу власта и граѓанското општество не е секогаш кооперативен. Преференциите на одредени владини претставници за конкретни граѓански организации и ознаките за *пинквошинг* наишле на остра критика од мејнстрим-активизмот. Иако станува збор за бројно најмалото општество на Балканот, внатре во ЛГБТИ-движењето се појавиле специјализирани организации кои се фокусирани на правата на лезбијките,

бисексуалките и квир-жените (Здружение Стана), како и на правата на транс, интерсексуалните и родово-варијантните луѓе (Асоцијација Спектра). Црна Гора многу рано имала свратилишта и засолништа за ЛГБТИ-луѓе кои се жртви на насилство. Сепак, во последните неколку години, добрата соработка на власта и граѓанското општество покажа конкретни резултати не само во насока на усвојување и спроведување на акциските планови, законите и организирањето безбедни паради на гордоста, туку и кога се во прашање конкретните, специјалистички потреби на ЛГБТИ-луѓето, како што е финансирањето на трошоците за медицинска потврда на родот кај транссексуалците и финансирањето програми за заедницата од јавните буџети на министерствата.

Во исто време кога почнал ЛГБТИ-активизмот во Црна Гора, и во Македонија се формираат првите организации. Во 2003 година е формирана ЕГАЛ (анг. Equality for Gays and Lesbians), а во 2004 година – МАССО. Секоја на свој начин, овие организации ги поставуваат темелите на активизмот. Во текот на 2007 година се формира и Коалицијата за сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници – МАРГИНИ. Заедно со нив, од 2012 година во функција е и ЛГБТИ Центарот за поддршка, како огранок на Хелсиншкиот комитет и ЛГБТ Јунајтед, организација од Тетово, а од 2013 година се јавува и организацијата Субверзивен фронт. Истата година се формира и Националната мрежа за борба против хомофобијата и трансфобијата. Со своето дејствување, Коалицијата МАРГИНИ остварила значајна врска меѓу човековите права на ЛГБТИ-луѓето и сексуалните и здравствените права, како и правата на луѓето кои употребуваат дроги, сексуалните работници/чки и луѓето кои живеат со ХИВ. Субверзивен фронт го заснова своето работење на поддршка на менталното здравје на ЛГБТИ-луѓето, што на многу начини помогнало за зајакнување на маргинализираните заедници и на застапување за подобри политики и практики на институциите. Долгогодишната власт на десничарската коалиција околу партијата ВМРО-ДПМНЕ и постојаните удари врз правата на жените и на ЛГБТИ-луѓето влијаеле врз воспоставувањето силна врска меѓу ЛГБТИ и феминистичкото движење. Па така, во 2014 година е формирана лезбиско-феминистичката група Лезфем, а феминистичките иницијативи стануваат упориште особено за лезбискиот активизам.

Викендот на гордоста во Скопје се одржува од 2013 година, а неговата цел е да создаде простор за презентирање и промовирање на ненормативните форми на светообразување или, со други зборови, односите, афектите, идентитетските позиции, телесните стилови и сензибилитети обележани од хетеронормативниот, националистички и неолиберален капиталистички контекст, како квир, ексцентрични и неуспешни.

Доколку тргнеме од претпоставката дека интерсекционалноста е клучната парадигма преку која се конструираат и перформираат сите идентитетски позиции, вклучително и родовите и сексуалните идентети, со програмата сакаме да понудиме повеќеслојна критика на бинарниот родов систем, хетеронормативноста и националистичката хомофобија, како и на пресечните точки на опресивните дисциплински режими на моќ со класната, етничката припадност, расата и здравјето. Квир-особеноста или настраноста, како почетна идеја на Фестивалот, означува начин на живот, уметност на стилизација на сопствениот и на колективниот живот, политичка алатка и став преку кој се дава отпор против доминантните модели на моќ/знаење со кои одредени сексуални и родови идентитети се оркестрираат и се регулираат како „нормални", додека пак други како „настрани" и „изопачени".

Фокусот на програмата на Викендот на гордоста е насочен кон квир-културните и уметничките перформативни практики, вклучително и визуелните и современите уметнички практики, преку кои се обработуваат теми како што се отелотворувањето, афектот и субјективитетот со посредство на различни медиуми.

Во изминатите четири години во рамките на Фестивалот беа прикажани изложби, инсталации, перформанси, претстави, предавања и дискусии на: Ваџинал Дејвис, Борјана Роса, Касилс, Хелен Барие и Виктор Марзук, Доминик Џонсон, Аереа Негро, Ефемерни исповеди, Дел Ла Грејс Волкено, Дејвид Хојл и Липсинкерс, Иво Димчев, Травис Алабанца, Рон Ејти, Бојчајлд, Рејчел Јанг, ПЕНСИ, Дејвид М. Халперин, Феликс Гонзалез Торес, Полин Бодри и Ренате Лоренц, Кијаун Томас, Стим Рум, Федерика Даури, Карин Мичалски, Велимир Жерновски, Христина Иваноска, Лорен Берлант и многу други.

Во 2004 година, во Босна и Херцеговина е регистрирана првата организација за правата на ЛГБТИ и квир-луѓето - Здружението Кју. Ова здружение произлегло од неформална иницијатива која работела речиси две години. Во тоа време единствената ЛГБТИ-организација во БиХ, Здружението Кју се занимавало со психолошко и правно зајакнување на заедницата, учествувало во националното и меѓународното застапување, се појавувало во медиумите и дејствувало на регионално ниво, во Југоисточна Европа (ЈИЕ Кју-мрежа). Важен и пресвртен момент бил фестивалот Квир Сараево во 2008 година, кој ја соголил подготвеноста на десничарските групи да се организираат и да шират насилство, и неподготвеноста на државата да го заштити фестивалот на квир-културата и уметноста. По некое време, Здружението Кју престанува со активно дејствување и во БиХ почнува период без ниту една организација. Дури во 2010/2011 година, Сараевскиот отворен центар го пополнува овој активистички простор. Организацијата дејствува и денес, комбинирајќи го ЛГБТИ-активизмот со работа на женските и, генерално, на човековите права. Освен нив, моментално се активни и Тузланскиот отворен центар, Фондацијата Цуре (Cure) и Оквир (Okvir) од Сараево, како и Кварт од Приедор. За жал, другите иницијативи кои ќе се појават во Сараево, Мостар, Бихаќ, Тузла и во Бања Лука, нема да опстојат и по неколку месеци или по година-две тие целосно ќе исчезнат од сцената. Појавувањето и исчезнувањето на ЛГБТИ-иницијативите не е само одлика на активизмот во БиХ, туку негова карактеристика и во другите држави од Западен Балкан.

Се разбира, интересен е и развојот на настаните на Косово. По 1999 година, со доаѓањето на управата на ОН, граѓанското општество во пропорционално малото Косово добива голема поддршка. И додека на политичко и законско ниво се одвивале многу прогресивни активности, како што е, на пример, донесувањето на првиот закон за забрана на дискриминација на Западен Балкан уште во 2004 година, кој ја вклучува и сексуалната ориентација како основа за заштита, на ниво на активизмот работите одат малку побавно. Во 2005 година се основа Центарот за социјална еманципација (QESh), кој се регистрирал како посебна организација во 2008 година. На почетокот, овој центар имал слична улога на Здружението Кју во Сараево, дејствувајќи како единствена видлива организација на Косово, и тоа на различни фронтови – од поддршка за жртвите на насилство, па сè до сузбивање на хомофобичните ставови во наставата на Универзитетот во Приштина. Подоцна се организираат и други организации, а мејнстрим медиумските иницијативи и иницијативите за промоција на човековите права, како што се списанието *Косово 2.0* или фестивалот на документарни филмови Докуфест, одиграле важна улога во еманципацијата на општеството. Континуираниот

притисок врз косовската власт од страна на меѓународната заедница ја олеснил работата на сите невладини организации. Денес, организацијата QESh веќе не работи, а на сцената и натаму се Центарот за рамноправност и слобода (CEL) и Центарот за развој на општествените групи (CSGD).

По првите чекори во текот на 90-тите години, во 2000-тите се развива активизам и во Албанија. Притоа, важна улога одиграле и мејнстрим организациите за промоција на човековите права. Па така, во 2008 година, Центарот за човековите права на децата на Албанија (CRCA), Групата за човековите права и албанскиот Хелсиншки комитет заедно го одбележуваат Меѓународниот ден за борбата против хомофобија. Сепак, централна улога имале ЛГБТИ-организациите кои дејствуваат и денес - Алијанса ЛГБТ, ПИНК Амбасада, Про-ЛГБТ и ОМСА. Од 2014 година постои и Стреа, посебно засолниште за ЛГБТИ-луѓето кои се жртви на насилство, кое не прима само лица од Албанија, туку и од соседните држави. Кристи Пиндери вака го резимира активизмот во Албанија. Првиот бран, кој почнал во раните 90-ти, имал мисија да ја декриминализира хомосексуалноста. По него, вториот бран од 1995 година се обидел да направи основно застапување и да ја развие јавната свест. Третиот бран на активизам почнал дури по 2008/2009 година, со основање ЛГБТИ-организации кои имале буџет и вработени и ја предводеле квир-литературата, креирале веб-сајтови, правеле анализи на школските учебници и влегувале во институциите.

3.4 Излегување на улица: Прајд, паради и маршеви на гордоста

Со падот на режимот на Милошевиќ кон крајот на 2000 година, меѓу геј, лезбиските и транс-активистите и активистките се јавува неверојатен оптимизам. По насилството, невидливоста и делумната забрана за работа во текот на 90-тите години, активистите верувале дека доаѓаат подобри времиња.

И така, првата парада на гордоста во Белград е закажана за 30 јуни 2001 година, под слоганот „Има место за сите". Организатори на парадата биле лезбиската организација Лабрис и организацијата Гејтен-ЛГБТ. Иако учесниците уште не биле собрани, дел од учесниците/чките на Плоштадот на Републиката биле нападнати од хулигани и припадници на десничарските организации, меѓу кои имало и членови на движењето Образ, Светосавска младина, навивачи на фудбалските клубови Црвена ѕвезда, Партизан и Рад, како и свештеник од Српската православна црква. На почетокот, малубројните полицајци кои биле присутни не реагирале сè додека и тие не биле нападнати. Повредени биле повеќе од десетина учесници/чки на Парадата на гордоста, но и неколку случајни минувачи, поради претпоставената сексуална ориентација, како и неколку новинарки. Иако изостанала официјална реакција од претставниците на владата, во медиумите се слушнале бројни реакции на невладините организации, но и на истакнати јавни личности. Организирањето на првите паради на гордоста во земјите од Западен Балкан ќе има крвав исход и ќе предизвика целосна изолација на младото ЛГБТ-движење од јавниот живот. ЛГБТИ-заедницата ќе осети на своја кожа дека промените што настанале со доаѓањето на власт на Демократската опозиција на Србија сè уште не биле зрели за да ги заштитат сите граѓани/ки.

Дека може и поинаку, покажале соседите - Љубљана во јули 2001 година и Загреб во 2002 година, кога во овие градови се организираат првите маршеви на гордоста. И покрај насилството и контрапротестите, со присуство на министерството за внатрешни работи и парламентарците/ките, Загреб успешно го организира својот прв марш. Насилството се намалува од година во година, а по 2010 година маршевите стануваат протести против десничарските тенденции во државата, на кои учествуваат и до 10.000 учесници/чки.

По *крвавиот Прајд* од 2001 година, активистките и активистите го најавуваат нова парада во Белград за 2004 година. Подготовките траеле неколку месеци, но прајдот бил откажан од безбедносни причини, како реакција на ескалацијата на насилството на Косово и палењето џамии во Белград и во Ниш, во март 2004 година.

Третиот обид за организирање парада на гордоста во Белград ќе следува дури во 2009 година. Со голема поддршка од меѓународната заедница и јавните личности, како и првата голема медиумска кампања, ЛГБТИ-активистките и активистите работат на подготовките за Прајдот. Закани доаѓаат од сите страни, а Српската православна црква објавува официјално соопштение, нарекувајќи го прајдот „Марш на срамот, марш на Содома и Гомора". Изостанува реакција на обвинителството за заканувачките графити и пораките за насилство во медиумите. Еден ден пред закажаната Парада на гордоста, организаторите соопштиле дека таа нема да се одржи. Како причина е наведено решението на Министерството за внатрешни работи, со кое уредно пријавениот собир во центарот на градот е преместен во предградие, во паркот Ушќе, наводно од безбедносни причини. Мајда Пуача, тогашна активистка од Лабрис и една од членките на организацискиот одбор, изјавила: „Симболиката на оваа манифестацијата насекаде во светот е симболично да се прошета низ центарот на градот и да се покаже дека сме рамноправни граѓани. Не сакаме да шетаме по некоја ливада на Ушќе, тоа не би било марш на гордоста." Така пропаднал и третиот обид за организација на парадата. Уставниот суд на Србија подоцна донел одлука дека овде станува збор за фактичка забрана на Парадата на гордоста.

Првата парада се реализирала во 2010 година. Наспроти илјада учесници/чки на Парадата, се собрале и околу 6.000 хулигани, демолирајќи го градот. Ова насилство било искористено како изговор за забрана на прајдот во 2011, 2012 и во 2013 година. Забраните биле донесени од телата за национална безбедност, издигнувајќи го прашањето за правото на јавно собирање на една малцинска група на ниво на војна или природна непогода. Во 2013 година, третата забрана по ред резултирала со спонтано собирање на активистките и активистите и со одржување на Ноќниот прајд. „Ниту една забрана не може да нè спречи да бидеме она што сме. Тука сме секој ден во годината и ќе покажеме дека не можат да нè уништат", изјавил таа вечер еден од организаторите, активистот Бобан Стојановиќ. Забраната за одржување на Прајдот во 2011 година повторно била предмет на одлучување од страна на Уставниот суд, а конечната одлука е донесена во корист на тужителите.

Конечно, од 2014 до 2019 година прајдовите се организираат редовно и бројот на учеснички/ци постепено расте. Од 2015 година, Белград добива и друг прајд, Транс-прајд, кој од 2016 година се организира како Гордост на Србија, Прајд на ЛГБТИ-луѓето. Оттогаш Белград има два прајда: еден мал и неформален јавен собир под името „Гордост на Србија", кој се одржува во јуни - месецот на гордоста, и еден есенски, официјален

прајд. Помалку очекувано, првиот прајд надвор од главниот град е организиран во умерено либералниот Нови Сад, главниот град на српската покраина Војводина.

Белградските прајдови покажале дека правото на јавно собирање на ЛГБТИ-луѓето зависи од политиката и дека политичката власт, а не правните и институционалните стандарди, ја носи одлуката за тоа колку еден ваков јавен собир ќе биде безбеден за неговите учесници/чки. Добрата вест стаса есента 2019 година, кога се дозна дека Белград ќе биде домаќин и организатор на Евро-прајд во 2022 година, како што било одлучено на годишната конференција на Европската асоцијација на организаторите на прајдови во Билбао, Шпанија. Преовладало мислењето дека Евро-прајд е попотребен во Белград отколку во Барселона, Лисабон или во Даблин, кои исто така се пријавиле за градови-домаќини.

Во втората деценија од новиот милениум биле организирани паради на гордоста во Црна Гора и во Албанија. Во 2013 година, во Црна Гора биле организирани два прајда. Во јули бил организиран првиот и единствениот прајд на море (анг. Seaside Pride) во приморскиот град Будва, со учество на неколку десетици учесници/чки, а во организација на здружението ЛГБТ Форум Прогрес. Судејќи според медиумските пишувања, овој собир оставил впечаток дека е организиран на спонтан и по малку хаотичен начин. Првиот прајд во Подгорица се случил во октомври истата година, во организација на здружението Квир Монтенегро. За разлика од случувањата во Будва, оттогаш па наваму подгоричката парада на гордоста се организира во континуитет секоја година, со одлично обезбедување од страна на полицијата, добра подготовка од организаторите, разновидна програма, без поголеми инциденти и со мал, но весел одзив од страна на ЛГБТИ-заедниците и пријателите/ките од другите држави на Западен Балкан.

И јавните собири во Албанија манифестираат поделба на активистичката сцена. Организациите Алијанса ЛГБТ (Алијанса против дискриминацијата на ЛГБТ) и Про-ЛГБТ го почнуваат тиранскиот (П)рајд, парада на гордоста на велосипеди, со неколку десетици учесници, а во 2014 година се организира и правата Парада на гордоста во форма на марш. Со текот на годините, парадата-марш и парадата на велосипеди прераснале во големи настани, со неколку стотици учесници/чки. Паралелно на тоа, слични собири, маршеви и фестивали организира и коалицијата собрана околу организацијата ПИНК Амбасада.

Следејќи ги позитивните случувања во соседството, во 2017 година и Приштина станува домаќин на првиот Прајд. Оттогаш, три години по ред, приштинскиот прајд претставува голем настан, без големо присуство на полицијата, а со голем одзив од страна на младите луѓе и самата ЛГБТИ-заедница. Три години по ред се организира еден од најотворените прајдови, со координација на сите три постојни ЛГБТИ-организации.

Во 2019 година се заокружува организирањето на сите прајдови на Балканот. Во Северна Македонија и во Босна и Херцеговина, како последни држави на слободна Европа, се организираат првите прајдови. Додека сараевската Поворка на гордоста најверојатно била и најголемата парада во овие шест западнобалкански земји, со околу 3.000 учесници/чки, и скопскиот прајд ќе остане запаметен по масовноста и по одличната организација, работата на полицијата, во интеракција со граѓаните/ките, без потреба прајдот да се претвори во резерват, заграден и оддалечен неколку градски блокови од остатокот на градот, како што беше случај со првите прајдови во Белград.



Картата ја отсликува состојбата до 2018 година

Белградските прајдови и прајдот на море во Будва покажале колку хулиганските и навивачките групи се подготвени на насилство, со цел да го искажат своето незадоволство од тоа што ЛГБТИ-луѓето излегуваат надвор од своите четири ѕида. Ретки се примерите за протести или јавни собири на некоја друга малцинска група кои биле напаѓани на олку брутален начин, па поради тоа биле случај за кој одлучувал советот за национална безбедност. Ситуацијата се смирила дури кон крајот на втората деценија од новиот милениум, со подобра контрола од страна на полицијата и поголем притисок од меѓународната заедница. Во сите држави, прајдовите биле дочекани со протести и со говор на омраза од политичарите, претставниците на главните верски заедници и одредени медиуми.

Последните години, на прајдовите сè почесто присуствуваат и високопозиционирани политичари/ки. Претседателот на Косово, Хашим Тачи, присуствувал уште на првиот прајд во Приштина, во 2017 година. Ана Брнабиќ, првата премиерка на Србија и втората лезбиска премиерка во светот, откако го презела водството со српската влада во јуни 2017 година, во септември истата година присуствувала на Парадата на гордоста. За жал, присуството на шефови на држави, премиерки, министерки и министри нема да има долгорочен ефект врз мерките што ги преземаат владите. Интересен случај е Црна Гора, каде што од 2012 година на прајдот никогаш не присуствувал премиерот или претседателот на државата, но владата на оваа држава веќе ја спроведува втората стратегија за унапредување на квалитетот на живот на ЛГБТИ-луѓето, а во 2020 година црногорскиот парламент донел закон за истополовите заедници. Очигледно е дека поддршката на политичарите/ките која е само формална, преку присуство на прајдовите, не значи задолжително и дејствување на владата.

Исклучително е важно да се истакне дека прајдовите имале и висока цена за самите организатори/ки. Дел од организаторите/ките се менувал низ годините, што нужно не е лошо, но одреден дел од нив, само поради видливоста за време на подготовките и одржувањето на парадата на гордоста, трпеле огромен притисок, со закани и со физичко насилство, па морале да ја напуштат својата држава. Таков е случајот со активистите/ките од Црна Гора, Србија, Косово и од Албанија, кои биле принудени да заминат во некоја од земјите на Западна Европа, Соединетите Американски Држави и Канада. Многу од нив побарале и азил.

Во текот на последните две децении се случуваат и голем број други јавни протести, како што се маршеви за 17 мај, Меѓународниот ден за борба против хомофобијата, или протести пред владата и пред другите институции. Интересно е тоа што понекогаш овие спонтани и помали собири на подобар начин успеале да испратат конкретни барања до владата, за разлика од прајдовите. Освен внатрешните желби и потребата да се организира првиот прајд, активистките и активистите трпеле и надворешен притисок. Активизмот не се сметал за целосен ако Парадата на гордоста не се одржува во главниот град. Од првиот белградски прајд во 2001 година, до првите прајдови во Скопје и во Сараево во 2019 година, поминале готово две децении. Важно ќе биде да се следи како натаму ќе се развиваат јавните собирања и со какви предизвици ќе се соочат во иднина, имајќи ги предвид новите десничарски тенденции во речиси сите земји од Западен Балкан. Сепак, 2020 година ќе биде запаметена како година кога не се одржаа повеќето прајдови, овојпат не поради закани од десничарските групи или неподготвеноста на државата да ги заштити собирите, туку поради пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19.

3.5 Законска заштита под надворешен притисок: Закони за забрана на дискриминацијата

Несомнено, најуспешниот пример за европеизација на Западен Балкан, во контекст на ЛГБТИ-луѓето, претставува процесот на визна либерализација, кој резултираше со усвојување закони за забрана на дискриминацијата. И без создавањето критична маса во самата професија и поголем притисок или влијание врз активистичкото движење, под притисок однадвор земјите од Западен Балкан усвојуваат дотогаш невидена правна рамка за заштита на малцинските групи, вклучително и на ЛГБТИ-луѓето.

Во периодот од 2008 до 2010 година, Европската комисија водела дијалог за визна либерализација со Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија и со Србија. Косово, коешто дури тогаш прогласило независност и било во процес на признавање од страна на меѓународната заедницата, во тоа време не беше дел од овој процес. Целта на овој дијалог беше симнување на овие земји од т.н. црна листа на држави за Шенген-зоната. Регулативата на Европската комисија налагала оценка на различните критериуми кои се однесуваат на нелегалната миграција, јавните политики и безбедноста, сè со цел земјите кои ќе добијат визна либерализација да не станат закана за внатрешната сигурност, ниту пак да предизвикаат неочекувани бранови на миграција. За да се укинат визите, Европската комисија во 2008 година им поставила многу јасен пакет услови на сите земји. Имено, секоја од земјите, покрај другите услови, морала да усвои и да спроведе рамковен закон кој забранува дискриминација по различни основи. Визната либерализација стапила на сила во 2009 година, и тоа за Србија, Македонија и за Црна Гора, и во 2010 година за Албанија и за Босна и Херцеговина, додека оценката за напредокот била повеќе втемелена на формалните услови. Во некои држави, ниту самите законски одредби не биле во согласност во стандардите на ЕУ, а оценките за спроведувањето на новоусвоените закони биле лоши. Интересно е тоа дека Црна Гора и Македонија добиле зелено светло за визна либерализација, иако законите за забрана на дискриминацијата не биле усвоени во нивните парламенти.

Табела: Процесот на донесување и измена на законите за забрана на дискриминацијата

Држава	Наслов и месец/година на усвојување на законот	Надлежно тело пред кое се поднесуваат поплаки	Основи што се опфатени
Албанија	Закон за заштита од дискриминација февруари 2010 год.	Комесар за заштита од дискриминација	Сексуална ориентација, родов идентитет
БиХ	Закон за забрана на дискриминацијата јули 2009 год. измени и дополнувања, август 2016 год.	Канцеларија на Народниот правобранител за човекови права	Сексуална ориентација, родов идентитет, полови карактеристики
Црна Гора	Закон за забрана на дискриминацијата јули 2010 год. измени и дополнувања, 2011, 2014 и 2017 год.	Заштитник на човековите права и слободи во Црна Гора	Сексуална ориентација, родов идентитет, интерсексуални карактеристики
Косово	Закон против дискриминацијата февруари 2004 год. Закон за заштита од дискриминација јуни 2015 год.	Канцеларија на Народниот правобранител	Сексуална ориентација, родов идентитет
Северна Македонија	Закон за спречување и заштита од дискриминација, април 2010 год. измени и дополнувања, 2014, 2015 и 2016 год. Закон за спречување и заштита од дискриминација, мај 2019 година (прогласен за неуставен во мај 2020 год.[9])	Комисија за спречување и заштита од дискриминација	Сексуална ориентација, родов идентитет (според Законот од 2019 год.)
Србија	Закон за забрана на дискриминацијата март 2009 год.	Комесар за заштита на еднаквоста	Сексуална ориентација, родов идентитет

9 За време на подготовката на книгата за печатење, во есента 2020 година, Парламентот на Северна Македонија повторно го усвоил новиот закон кој ги вклучува основите *сексуална ориентација* и *родов идентитет*.

Сите закони, освен законите во Македонија, вклучувале забрана на дискриминација врз основа на сексуалната ориентација и родовиот идентитет. Подоцна ќе стане јасно дека тоа не било случајно, бидејќи владата на ВМРО-ДПМНЕ предводена од Никола Груевски систематски работела на нееднаквоста на ЛГБТ-луѓето.

Фактот дека усвојувањето сеопфатни законски рамки за заштита на ЛГБТ-луѓето од дискриминација не е одраз на општествените промени и зголемената свест за потребата за заштита на оваа малцинска група го потврдува и јавниот дискурс во сите држави при разгледувањето на овие закони. Па така, во Босна и Херцеговина, претставниците на Меѓуверскиот совет на БиХ, невладина организација која ги собира четирите традиционални верски заедници, учествуваат во работната група за изработка на законот и придонесуваат за ширење дезинформации во врска со содржината на законот. На нивното барање дека законот треба да го дефинира бракот како заедница на маж и жена и дека законот ги „дискриминира" верските заедници, тогашниот влијателен босанскохерцеговски парламентарец Халид Гењац го дал следниов коментар: „Мислам дека, покрај сите стандарди кои настојуваме да ги обезбедиме во поглед на спречување на дискриминацијата на сите полиња и меѓу сите категории во општеството, внимание заслужува и спротивставувањето на Меѓуверскиот совет за можноста истополовите бракови да посвојуваат деца." Но, добро е познато дека законот воопшто не овозможува истополовите брачни парови да посвојуваат деца. Под влијание на верските заедници била изменета и терминологијата во законот, со што од нацртот на босанскохерцеговскиот закон се брише „сексуална ориентација" и наместо тоа се воведува „полова ориентација".

Во Македонија, под влијание на десничарските струи, дошло до целосно бришење на сексуалната ориентација од нацрт-законот. За разлика од првиот нацрт на кој работела владата, во финалната верзија која е испратена во парламентарна постапка и која е усвоена, веќе не се споменува сексуалната ориентација. Во Србија, влијанието на верските заедници, а особено на Српската православна црква, било толку големо што нацрт-законот е повлечен од парламентарна постапка, со цел да се спроведат консултации со верските заедници. Сите министри не се согласиле со оваа практика, а тогашниот надлежен министер, Расим Љајиќ, изјавил: „Во иднина, нека ни се каже законот прво да го испратиме до црквите, па потоа да оди во постапка. Во спротивно, може да ни се случи донесувањето на секој закон да биде проследено со вакви афери." Според него, овде станува збор за опасно дерогирање на демократските институции и менување на правилата. Албанија била единствената држава во која законот е усвоен без ниту еден глас против и без значајни спротивставувања. Тогашниот премиер Сали Бериша во 2009 година дури и најави признавање на истополовите бракови, но тоа никогаш не се случи.

Во последните неколку години доаѓа до позитивен развој на законската рамка. Босна и Херцеговина станува првата држава од Југоисточна Европа и една од петте држави во Европа која преку измени и дополнувања на Законот за забрана на дискриминацијата во 2016 година експлицитно забранила дискриминација врз основа на половите карактеристики, создавајќи сеопфатна правна рамка за заштита на интерссексуалците. Година дена подоцна, и Црна Гора го изменила својот закон, кој оттогаш вклучува забрана за дискриминација врз основа на половите карактеристики. По повеќе од година дена работа на новиот закон, во 2019 година, новата левоориентирана Влада на Северна Македонија и нејзиното парламентарно мнозинство овозможиле усвојување

на нов Закон за спречување и заштита од дискриминација, кој конечно експлицитно ги наведува сексуалната ориентација и родовиот идентитет. За жал, позитивната промена не траела долго, бидејќи во мај 2020 година Уставниот суд го потврдил она за што медиумите пишувале уште во 2019 година, а тоа е дека Законот бил усвоен без предвиденото мнозинство според Уставот и според Деловникот на Собранието на Северна Македонија. Тоа значи дека парламентарното мнозинство предводено од Социјалдемократскиот сојуз, кој во својата предизборна кампања ветил донесување закон и изградба на „едно општество за сите", не вложило доволно напори за да обезбеди мнозинство гласови за овој закон да биде уставен. Иако Уставниот суд не работи во вакуум, Законот се укинува, а Северна Македонија останува без важна законска рамка за заштита од дискриминација. Добра вест е тоа што пред изборите во јули 2020 година, сите важни политички партии се обврзале на итно усвојување на истиот законски текст веднаш по формирањето на парламентот по изборите.

Денес постои парадокс според кој земјите од Западен Балкан имаат подобри и посеопфатни закони за забрана на дискриминацијата отколку некои држави-членки на Европската Унија, но нивото на јавната поддршка на правата на ЛГБТИ-луѓето е значително под просекот на ЕУ. Истражувањето на американскиот Национален институт за демократија од 2015 година покажало дека 63% во Србија, 64% во БиХ, 69% во Црна Гора, 71% на Косово, 72% во Албанија и дури 79% од родителите во Македонија, доколку дознаат дека нивното дете е геј, би се обиделе да го лекуваат, физички да го казнуваат, да го исфрлат од домот или да престанат да комуницираат со него. Само 3% од испитаниците на Косово и 18% во Србија изјавиле дека имаат лична интеракција со ЛГБТИ-лице. Како и многу други пред него, и ова истражување покажало дека личното познавање на ЛГБТИ-луѓето ја зголемува шансата за генерално прифаќање на ЛТБТИ-правата.

Негативниот однос кон ЛГБТИ-луѓето се манифестира преку дискриминацијата што ја доживуваат. Истражувањето меѓу ЛГБТИ-луѓето, што го спровела Светска банка во 2018 година во сите земји од Западен Балкан, освен во Србија, покажало дека во сите земји меѓу 93% и 95% од ЛГБТИ-луѓето сметаат дека дискриминацијата врз основа на сексуалната ориентација е честа појава. Според ова истражување, меѓу 15% од испитаниците во Албанија и 25% од испитаниците на Косово во последните пет години се соочиле со нееднаков третман при вработувањето поради нивната сексуална ориентација. Меѓу 38% и 45% искусиле општ негативен однос кон ЛГБТИ-луѓето на работното место. Слични поразителни статистики можат да се најдат и во врска со искуствата на ЛГБТИ-луѓето во училиштата и на универзитетите.

Кога сите овие статистики ќе се согледаат и ќе се споредат со вистинскиот број случаи на дискриминација кои можеме да ги најдеме во судовите, тогаш наидуваме на парадокс. Од една страна, во истражувањата ЛГБТИ-луѓето пријавуваат висок степен на дискриминација, а од друга страна, во земјите од Западен Балкан речиси никој не оди пред суд. Стравот од последиците од аутирањето и виктимизацијата, неефикасноста на правосудството и бавните судски процеси, недостапноста на правната помош и ниското ниво на свест за конкретната законска рамка и за судските постапки, се само некои од причините зошто само мал број ЛГБТИ-луѓе се одлучуваат да поднесат тужба.

Најголем број пријави до вонсудските тела за еднаквост, како што се народните правобранители и комисиите/комесарите за еднаквост, поднесуваат невладините

организации. Еден од случаите кој доживеа голема видливост во регионот е одлуката на српската комесарка за еднаквост, Невена Петрушиќ, од 2014 година, според која министерот за надворешни работи на Србија, Ивица Дачиќ, мора да им се извини на претставничките од организацијата Лабрис, кои го пријавиле поради неговите дискриминаторски изјави дека хомосексуалноста не е нормална. Дачиќ се сретнал со претставничките на Лабрис во 2015 година, во канцеларијата на тогашната комесарка, но не изустил извинување. Во 2011 година, албанскиот комесар за заштита од дискриминација му дал препорака на парламентарецот Тритан Шеху, повикувајќи го во иднина да се воздржи од користење дискриминирачки јазик. Канцеларијата на Народниот правобранител во БиХ, во 2013 година донела практична препорака во врска со постапувањето на Универзитетот во Сараево околу реиздавањето на дипломите по медицинската потврда на родот и промената на личното име во случајот на едно транссексуално лице, а во 2012 година околу прекинувањето на дискриминаторска постапка при дарувањето крв во Федерацијата БиХ. Сепак, постапувањето на Канцеларијата на Народниот правобранител на БиХ не било секогаш осетливо кон ЛГБТ-правата. Им требале три години, откако група граѓански организации предложиле изработка на специјален извештај за состојбата со човековите права на ЛГБТИ-луѓето во 2013 година, за дури во 2016 година да изработат и да објават ваков извештај.

Случаите кои завршиле на суд се ретки, но важни. Косовскиот транс-активист Блерт Морина побарал косовските институции да ги променат името и ознаката на полот во личните документи, што му е овозможено со правосилна пресуда од 2019 година. Од 2017 година, пред судовите во БиХ се води случај на геј-пар кој склучил истополово партнерство и бара признавање на нивната заедница во БиХ. Времето ќе покаже како ќе постапуваат судовите во овој случај, кој како долгорочна последица треба да доведе до измена на законската рамка која го регулира брачното и семејното право.

За да ја елиминираат дискриминацијата, некои држави донесуваат и политики за елиминирање на дискриминацијата на ЛГБТИ-луѓето, во форма на владини програми, стратегии и акциски планови. Се разбира, најсветол пример за тоа е Црна Гора, која во 2019 година ја усвојува втората Стратегија за унапредување на квалитетот на животот на ЛГБТИ-луѓето за периодот 2019-2023. Стратегијата адресира прашања поврзани со прифаќањето на ЛГБТИ-луѓето во општеството, безбедноста и заштитата на човековите права на ЛГБТИ-луѓето, вработувањето и пристапот до работа, здравствената заштита, социјалната заштита и ЛГБТИ-туризмот. За спроведување на стратегијата, Црна Гора издвојува симболична сума од 250.000 евра годишно, а во националниот тим за следење на спроведувањето има и претставници од граѓанското општество и од ЛГБТИ-движењето во земјата. Албанија е втората земја која има специфична политика за ЛГБТИ, т.е. Национален акциски план за ЛГБТИ-луѓето за периодот 2016-2020, втор по ред, додека Косово спроведувало акциски план од 2016 до 2018 година, а другите земји немаат вакви политики. Уште во 2016 година, Сараевскиот отворен центар објавил предлог-план со мерки и активности, како пример за владата во БиХ, според кој таа треба да изработи акциски план. На таквиот план се работи со години, но босанскохерцеговскиот федерализам и општата оптовареност на политичкиот систем со етничките прашања довеле до тоа нацрт-акцискиот план за еднаквост на ЛГБТИ-луѓето никогаш да не биде ставен на дневниот ред во Советот на министрите на БиХ. Нов обид за изработка на акцискиот план е направен во 2020 година, во координација со Советот на Европа. Добри вести доаѓаат и од Северна Македонија,

каде што Владата, во соработка со организацијата Субверзивен фронт, од почетокот на 2020 година работи на подготовка на акциски план за унапредување на правата на ЛГБТИ-луѓето.

Иако законите и политиките нужно не го менуваат секојдневието на ЛГБТИ-луѓето, стратегиите и акциските планови создаваат рамка за дејствувањето на институциите. Црна Гора направила огромен исчекор кога станува збор за локализацијата на еднаквоста на ЛГБТИ-темите, за првпат спроведувајќи мерки во мали и рурални општини. Така, на пример, руралната Општина Колашин во 2019 година усвоила локален акциски план за унапредување на квалитетот на животот на ЛГБТ-луѓето. Слична е и ситуацијата во Албанија. Освен тоа, важен е и фактот дека акциските планови спровеле голем број обуки за полицијата, судиите, лекарите и другите јавни службеници, кои немало да се случат доколку не постоеја ваквите јавни политики. На крај, стратегиите и акциските планови ја олеснуваат и соработката на невладините организации со институциите, бидејќи ЛГБТИ-организациите имаат на што да се повикаат кога им се обраќаат на институциите и предлагаат соработка.

3.6 Законска заштита под надворешен притисок 2: Кривични дела од омраза и семејно насилство

2000-тите години носат уште една правна новина на Западен Балкан. Станува збор за кривични дела сторени од омраза или, едноставно, за криминал од омраза, според англиската синтагма *hate crimes*. Како што покажува историјата, во минатото се случувале различни форми кривични дела чијашто основа била припадноста или поврзаноста на лицето со одредена група. Од криминалот врз автохтоното население во европските колонии, па сè до прогонот на Евреите, Ромите и геј-лицата за време на нацистичка Германија или криминалите во војните на просторот на поранешна Југославија во 90-тите години, криминалот од омраза е застрашувачки дел од нашата историја. Тој се јавува во различни форми - од исламофобија и расизам, преку ксенофобија и шовинизам, па сè до хомофобија и антициганизам.

Законите кои воведуваат кривично гонење за кривични дела сторени од омраза се развиваат особено по Втората светска војна и во голем дел се фокусираат на прашањето за расната, етничката и националната припадност, религијата и бојата на кожата. Во модерната ера, Соединетите Американски Држави го предводат дефинирањето стандарди во врска со криминалот од омраза, но не смееме да заборавиме дека делото *предизвикување, поттикнување и ширење омраза* за првпат е регулирано во Федерална Народна Република Југославија во 1945 година, со донесувањето на Законот за забрана за предизвикување национална, расна и верска омраза и раздор. Набрзо по донесувањето на овој закон, делото *предизвикување национална, расна или верска омраза, нетрпеливост и раздор* е регулирано со Кривичниот законик на Федерална Народна Република Југославија. Кривичноправната регулација на ова дело била директна последица на препознавањето на неговата штетност за општеството и на потребата да се истакне важноста за санкционирање на ова дело од страна на самата држава. По распаѓањето на Југославија, одредбите за забрана за предизвикување национална, расна и верска омраза се пренесени во кривичните закони на државите

што настанале по нејзиното распаѓање. Албанија имала поинакво искуство поради радикалниот атеизам и секуларизам кои ги спроведувал комунистичкиот режим.

Декриминализацијата на хомосексуалноста ширум Европа и отстранувањето на хомосексуалноста од списокот нарушувања од страна на Светската здравствена организација изнеле на виделина еден друг проблем, а тоа се кривичните дела кои се засновани на хомофобија и трансфобија. ЛГБТ-луѓето веќе не биле апсени и казнувани поради истополови односи и лезбијките и геј-мажите можеби веќе не биле сметани за болни, но нивото на прифаќање во општеството нужно не се зголемило. Стравот од непознатото и предрасудите останале, а со тоа и насилството што го доживува оваа малцинска група.

На меѓународно ниво, посебна видливост имала кампањата за усвојување на таканареченото Метју-Шепардов закон за спречување на кривичните дела сторени од омраза во САД. Како одговор на крвничкото убиство на младото момче Метју Шепард во 1998 година, кое било мачено и убиено само поради неговата сексуална ориентација, започнала кампања долга 13 години, со цел да се измени и да се прошири постојното американско федерално законодавство кое ги регулира кривичните дела од омраза, за тоа да ги вклучи и прашањата за родот, сексуалната ориентација, родовиот идентитет и попреченоста. Измените на законот се изгласани дури во 2009 година.

На европскиот континент, важен чекор претставува одлуката на Министерскиот совет на ОБСЕ од 2003 година, со која се препознава опасноста на криминалот од омраза. Следната година, на Постојаното собрание, ОБСЕ носи одлука и ги повикува државите-членки да усвојат закони за забрана на дискриминација и криминализација на кривичните дела од омраза.

Присуството на ОБСЕ, преку мисии, во сите земји од Западен Балкан има позитивно влијание и врз измените на кривичните закони на овие земји, со цел постојните кривични одредби да се прошират и да ги вклучат сексуалната ориентација и родовиот идентитет, како основи врз кои може да се изврши кривично дело. Доколку се утврди дека личната карактеристика на лицето или групата всушност била мотивација за сторување на кривичното дело, тогаш тој факт мора да се земе како отежнувачка околност при изрекувањето на казната. Важно е да се нагласи дека и овие законски измени настапиле без поширока дебата во јавноста и притисок од страна на струката. Клучна улога одиграле граѓанските организации и меѓународните организации кои директно работеле со владите и со парламентите за да дојде до овие измени. Во некои случаи, измените се случиле дури и без притисок од граѓанските организации. Тој факт го потврдува и литературата која се занимава со европеизацијата на Западен Балкан. Законите се донесени без дебата, а сè со цел да се исполнат критериумите за членство во Европската Унија. Интересна ситуација се случила во Босна и Херцеговина каде што, под влијание на меѓународните институции, дошло до измени во две од трите федерални единици, додека Федерацијата БиХ го изменила својот кривичен закон дури шест години подоцна.

Табела: Законска регулација на кривичните дела сторени од омраза

	Година на измена на законот	Сексуална ориентација	Родов идентитет
Албанија	2013	X	X
БиХ			
Округ Брчко	2010	X	X
Федерација БиХ	2016	X	X
Република Српска	2010/2017	X	X
Црна Гора	2013	X	X
Косово	2012/2019	X	X
Северна Македонија	2018	X	X
Србија	2012	X	X

Фактот дека криминализацијата на кривичните дела сторени од омраза се случила повеќе поради влијание однадвор, а помалку поради внатрешни притисоци, ќе има огромни последици врз примената на овие одредби. Ретки се случаите на криминал чиишто мотиви за кривичното дело се документирани од полицијата и од обвинителството. И кога ќе дојде до пресуда, фактот дека кривичното дело е сторено поради сексуалната ориентација или родовиот идентитет на лицето или групата во повеќето случаи останува непрепознаен, па се изрекуваат казни без да бидат земени предвид овие отежнувачки околности.

По веќе споменатиот напад врз учесниците и учесничките на првата белградска Парада на гордоста во 2011 година, кривични дела од омраза врз ЛГБТ-луѓето, поврзани со правото на јавен собир, се случуваат и во другите земји. Претходно кажавме дека во 2008 година, во Сараево, хулигани и верски фундаменталисти го нападнале фестивалот Квир Сараево, првиот голем јавен настан на ЛГБТ-заедницата, организиран од Здружението Кју, на Академијата за ликовни уметности. Нападите не изненадуваат ако се земе предвид дека политичарите, медиумите и верските заедници воделе заедничка кампања против овој фестивал. По нападите, навредите и бркањето на учесниците и учесничките низ целиот град, фестивалот бил прекинат наредниот ден. Донесени се само две условни пресуди за сторените кривични дела и ниту еден од сторителите не поминал во затвор ниту еден ден. Во 2014 година, Уставниот суд на БиХ донел симболична одлука, врз основа на жалба поднесена од организаторките, во која се утврдува „дека постои повреда на правото на слободно собирање од член II/3.и) од Уставот на Босна и Херцеговина и на член 11 од Европската конвенција, кога јавните

власти, во согласност со позитивната обврска што произлегува од овој член, пропуштиле да ги преземат неопходните мерки за обезбедување мирен собир, организиран во согласност со законот, поради што дошло до насилство меѓу спротивставените страни, и пропуштиле да обезбедат јасна правна рамка за превентивно дејствување за негово спречување и одвраќање од исти или од слични дела." Овој настан длабоко се врежал во сеќавањата на ЛГБТИ-заедницата во БиХ. Во тоа време, единствената организација која работела на правата на ЛГБТИК-луѓето, Здружението Кју, постепено се повлекла од јавноста и во 2010 година престанала со активно дејствување.

Насилството на јавни настани во БиХ продолжило, а најлош пример за тоа е хулиганскиот напад на филмскиот фестивал Мерлинка во Сараево, во 2014 година. Иако собирот бил пријавен во полиција, полицијата не стасала навреме на настанот од вториот ден на одржувањето на фестивалот. Овојпат, организаторите/ките не се одлучиле за прекин на програмата, туку со поддршка од јавните личности од културата, уметноста, либералните и левите струи во политиката, следниот ден организирале продолжување на програмата. И овој настан ќе има свој епилог само пред Уставниот суд на БиХ, кој кон крајот на 2018 година донел одлука врз основа на жалбата поднесена од 10 лица и од Сараевскиот отворен центар поради повреда на слободата за собирање на ЛГБТИ-заедницата од страна на власта. Како и во случајот со пресудата на Уставниот суд на Србија, не е утврдена дискриминација врз основа на сексуалната ориентација и родовиот идентитет.

Слични напади се забележани и на Косово. Во 2013 година, на промоцијата на списанието *Косово 2.0* со наслов „Секс: ЛГБТ-животот на Косово и на Балканот", во кое се обработени теми поврзани со сексуалните и репродуктивните права, правата и активизмот на ЛГБТ-лицата, упаднале десничарски фундаменталисти со цел да го спречат одржувањето на собирот. Два дена подоцна била нападната и канцеларијата на здружението Либертас, кое тогаш дејствувало во Приштина. Нападот имал судски епилог во 2014 година, кога тројца мажи добиле казна затвор. Многубројни напади се случувале и во текот на организирањето прајдови и други јавни настани во Србија, Албанија и во Црна Гора.

Честа мета на напади се и здруженијата кои работат на правата на ЛГБТ-луѓето. Еден од таквите примери е серијата напади врз ЛГБТ Центарот за поддршка во Скопје, во 2012 и 2013 година, а во 2014 година е извршен напад и врз кафулето Дамар во Старата скопска чаршија, каде што се одбележувала двегодишнината од постоењето на ЛГБТИ-центарот. Сите овие напади останале целосно непроцесуирани, не само за време на владеењето на десничарската коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ, туку и под владеењето на партијата СДСМ, која е на власт од 2017 година.

Насилството предизвикано од хомофобија и трансфобија не се случува само за време на јавни настани или ЛГБТИ-собири, туку примарно и во приватната сфера, и на него се изложени поединките, поединците, паровите, мали групи ЛГБТИ-луѓе и нивните пријатели/ки и семејства. Некои од тие напади резултирале со желба и сила да се поттикнат промени во општеството, како што е нападот врз Здравко Цимбаљевић во 2010 година, во Црна Гора. Здравко тогаш донел одлука да се бори против насилството и дискриминацијата, станувајќи еден од основачите на организацијата ЛГБТ Форум Прогрес во Црна Гора и еден од тамошните први аутирани геј-мажи. Сепак, продолжените закани и притисоци го натерале овој активист во 2013 година да ја напушти државата и да побара азил во Канада, каде што живее и денес. Слични напади се забележани

и во други случаи, како што е скршениот колк на едно геј-момче во Мостар во 2012 година, нападот со нож врз геј-пар во станот што го изнајмувале во Приштина, во јули 2016 година, како и нападот врз една бездомна транс-жена во Албанија, во 2019 година. Здруженијата кои работат на правата на ЛГБТИ-луѓето секоја година документираат по десетици напади. Голем број од нив никогаш не се пријавени во полиција, додека оние кои се пријавени честопати не добиваат судски епилог.

Поради сè поголемиот број напади врз ЛГБТИ-луѓето, насилство и отфрлање од семејството, во неколку држави се отворени посебни засолништа за ЛГБТИ-луѓе. Во 2011 година, организацијата ЛГБТ Форум Прогрес во Подгорица воспоставила засолниште за полнолетни ЛГБТИ-луѓе и оттогаш до денес овој сервис за заедницата го користеле повеќе од 200 лица од Црна Гора и од регионот. Од 2013 до 2016 година, истата организација го водела и Центарот за ЛГБТИК-заедницата. Во 2014 година, во Албанија се основа Стреа, засолниште за ЛГБТИ-луѓе. Освен сместување, во Албанија се нудат и реинтеграциски активности, вклучително и обука и програма за вработување. Сите овие програми засега се финансираат од меѓународни партнери и со донаторски вечери. Освен тоа, во многу држави, во континуитет или на одредено време, дејствуваат drop-in или дневни центри, како и психолошки и правни советувалишта, каде што ЛГБТИ-луѓето можат да добијат поддршка. Интересен настан се случил во Северна Македонија во 2019 година, кога во собраниска постапка е испратен нов закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, кој како прв таков закон во регионот во делот за услуги ги наведува и услугите за жртвите на насилство врз основа на сексуалната ориентација и родовиот идентитет. Ова е позитивен пример во кој политиките и законите поврзани со родово-базираното насилство се развиваат на начин кој е инклузивен за ЛГБТ-луѓето. Во септември 2020 година Законот за спречување и заштита од насилство врз жените беше повлечен од собраниска процедура и повторно, со неколку интервенции, беше поднесен во ноември 2020 година и е веќе во постапка на усвојување.

Во сите горенаведени случаи, полицијата, обвинителството и судството покажале целосна непосветеност и неразбирање на овие кривични дела. Полицијата често не направила ниту соодветна проценка на опасноста, особено кога станува збор за јавни собири. Можеме да претпоставиме дека во некои случаи до пропусти не дошло случајно, туку како резултат на политички притисок, бидејќи постои политичка контрола врз управата и безбедносниот сектор од страна на партиите. Сепак, оваа ситуација се менува во последниве неколку години, поради значајниот притисок од граѓанските организации и нивните сојузници од меѓународната заедница. Прашањата за кривичните дела сторени од омраза сè повеќе стануваат дел од програмата за обука на полициските службеници. Така, на пример, во 2013 година Сараевскиот отворен центар започнува соработка со полицијата на Кантонот Сараево и за само една година основната обука за правата на ЛГБТИ-луѓето ја поминале повеќе од 1.000 полицајци. Одлична соработка е забележана и во Црна Гора, Албанија и на Косово. Од друга страна, полицијата во Србија со години не сакала да соработува со невладините организации, тврдејќи дека сите обуки ги спроведува сама или во соработка со меѓународните партнери. Во 2019 година Коалицијата МАРГИНИ, заедно со Центарот за обука при Министерството за внатрешни работи, подготви модул за постапување на полицијата со маргинализираните заедници (ЛГБТИ, сексуални работници/ки и луѓе кои употребуваат дроги), што е дел од редовната програма за обука на полициските службеници. Во периодот 2019-2020 година е реализирана обука со повеќе од 100 полициски службеници.

Евидентно е дека во однос на претходните напади на парадата и другите јавни собири, полициските сили напредувале, и денес сите полиции на Западен Балкан професионално ги обезбедуваат јавните настани. Тоа го покажуваат мирните прајд-протести во сите земји од Западен Балкан во текот на 2019 година, вклучително и првите паради во Скопје и во Сараево. Но, и натаму предизвик е процесуирањето на кривичните дела сторени од омраза, особено ако се спореди бројот на случаите што ги документираат невладините организации кои работат со ЛГБТИ-заедницата со бројот на судските пресуди. Обвинителствата и судовите мора да работат на намалување на длабоко вкоренетите хомофобија и трансфобија кај нивните вработени и да почнат да ги препознаваат сексуалната ориентација и родовиот идентитет како мотив за сторување криминал. Прашањето за соодветното процесуирање на криминалот од омраза, но и дискриминацијата на ЛГБТИ-луѓето, се признава како приоритет од меѓународните организации, особено во пресрет на 17 мај – Меѓународниот ден за борба против хомофобијата, бифобијата и трансфобијата, на што повикуваат во своите соопштенија, кампањи и состаноци во последните десет години.

3.7 Законска заштита под надворешен притисок 3: Права на трансродовите луѓе

Додека периодот на 90-тите и 2000-тите донесе декриминализација на истополовите односи, отстранување на хомосексуалноста од списокот нарушувања на Светската здравствена организација, како и заштита од дискриминација и криминал од омраза врз основа на сексуалната ориентација и родовиот идентитет, трансродовите луѓе остануваат да се третираат како луѓе со здравствено нарушување и без соодветно препознавање и одговор во правниот систем. Десеттата ревизија на Меѓународната класификација на болестите од 1990 година (МКБ-10) направила значајна реорганизација на класификацискиот систем, вклучувајќи нови родови дијагнози. Под нарушувања на однесувањето на возрасните и нарушувања на личноста се појавила нова категорија нарушувања на родовиот идентитет. Така, 1990 година отвора нова потреба за борба на транс-луѓето за достоинствен живот.

Психопатологизацијата на транс-идентитетот и на транс-животот имала големи последици врз транс-луѓето, особено врз транссексуалците, кои поминувале низ неверојатни предизвици – од непостоење на соодветна стручна поддршка од националните клинички центри, неможноста за промена на ознаката за полот во личните документи, па сè до присилната стерилизација и целосна медицинска транзиција, за да се стекнат со правото на промена на ознаката за пол. Транссексуалците живеат во правен вакум, во некои случаи дури и денес, без да бидат прифатени во општеството и со скратување на можноста за вработување, што довело до тоа многу транссексуалци да западнат во екстремна сиромаштија, поради што започнуваат со сексуална работа како извор на егзистенција, а во одредени случаи, поради социјалното исклучување и лошата економска и социјална положба, транс-луѓето извршуваат самоубиство.

Во таков општествен и правен контекст, по малку изненадува односот на Српската православна црква кон транссексуалците. Додека, од една страна, црквата ја нарекува

Парадата на гордоста - „парада на срамот" и „содомска реа", од друга страна таа се произнесува позитивно во однос на црковните венчавања на транссексуалците. Па така, во 2019 година, регионот го изненадува веста за крштевањето на еден транс-маж, Вук Аџиќ, кој е крстен во Српската православна црква во Подгорица. Црквата тогаш нагласила дека не станува збор за некаков нов тренд, туку за толкување од патријархот Павле, патријарх на Српската православна црква од 1986 година, според кое луѓето кои минале низ „целосна медицинска транзиција" имаат право на крштевање и на црковна венчавка. Се разбира дека транс-луѓето, кои отскокнуваат од востановениот хетеро-цисроден систем, наишле на ист третман. За разлика од ова, во 2009 година, Исламската заедница на БиХ на својата официјална веб-страница изнела јасен негативен став: „Доколку станува збор за промена на машки пол во женски и обратно, исламските правници немаат сомнеж дека тоа е строго забрането (харам) и дека претставува менување на природата во која Бог создал одредена личност. Исламот забранува и имитирање лица од спротивниот пол, а не пак менување на половиот идентитет."

Кога станува збор за медицинските практики и стандарди, Србија има најголемо искуство. Веќе кон крајот на 80-тите години, детскиот хирург и уролог д-р Саво Перовиќ собира тим лекари и лекарки кои „прават промена на полот по хируршки пат". Денес, во Белград работат повеќе тимови од областа на психијатријата, ендокринологијата и хирургијата, вклучително и Кабинетот за трансродови состојби во рамките на Клиничкиот центар на Србија. Во сензационалистичкото известување на медиумите во Србија, а и пошироко, Белград е претставен како источноевропски центар за медицински туризам во врска со хируршки интервенции за медицинска потврда на родот. Во Црна Гора работат специјализирани лекари и терапевти кои на транс-луѓето можат да им дадат совети, стручна помош и да им овозможат одредени медицински зафати во текот на процесот на приспособување, а терапевтска поддршка е достапна и во другите земји од Западен Балкан. Во 2019 и 2020 година, Сараевскиот отворен центар работел на голем број обуки за здравствените работници од Босна и Херцеговина, со надеж дека на тој начин ќе се унапреди пристапот на транс-луѓето до здравствените услуги, во обата ентитета на БиХ. До пред неколку години, сите медицински интервенции на Западен Балкан се правеле само во Белград или во земјите од Европската Унија, што постепено се менува со обезбедување одредени интервенции и во другите држави од Западен Балкан. За да добијат соодветна поддршка, транс-луѓето мора често да ги преминуваат границите, при што се изложуваат на постојано испитување и дискриминаторски однос, покривајќи ги сите трошоци што се поврзани со медицинската транзиција од сопствени приходи. По 2000-тите години, само Србија и Црна Гора ќе воведат (ко)финансирање на трошоците за медицинските зафати.

Во последните три децении, прашањето на трансродовоста главно се третира површно и сензационалистички, особено во медиумите, каде што во прикажувањето се користи поедноставен, често дискриминаторски и недоволно информиран пристап. Иницијативите кои биле насочени кон подобрување на позицијата на транс-луѓето главно биле поттикнати од невладините организации кои се занимавале со правата на ЛГБТИ-луѓето. Меѓу првите биле организациите Гејтен-ЛГБТ од Белград, ЛОРИ Риека, Женска соба од Загреб и Здружението Кју од Сараево. Во 2005 година во Загреб се организира првата регионална транс-конференција со наслов „Трансгресија на родот: За родова рамноправност не се доволни двајца". Денес ситуацијата е многу подобра, бидејќи постојат иницијативи и групи основани од страна на транс-луѓето и за транс-

луѓето. Во 2012 година е регистрирано друштвото ТрансАид Хрватска, а во 2013 година е иницирана регионалната мрежа Транс-мрежа Балкан. ЛГБТИК-организацијата Квир Монтенегро, исто така, помага во основањето на транс-групата за самоподдршка во Црна Гора, која во 2017 година прераснува во самостојно здружение Спектра, организација која се залага за трансродови, родово-варијантни и интерсексуални луѓе. Гејтен-ЛГБТ од Белград уште во 2006 година води група за самоподдршка на транс-луѓето, и во изминатите години тие во својата работа се фокусираат на правата на транс и на интерсексуалните луѓе. Во 2017 година, во Македонија се формира ТрансФормА – иницијатива за заштита и унапредување на правата на трансродовите луѓе.

Правниот дискурс на Западен Балкан посебно се менува по 2000-тите години, кога со усвојувањето на новите закони за личните имиња и законите за матичните книги и јавните регистри конечно е овозможена безусловна промена на личното име и ознаката за пол во личните документи, но само со стерилизација и реконструкција на гениталните органи или, како што често стигматизирачки се нарекува, со целосна медицинска транзиција. Дотогаш, транс-луѓето или немале можност за промена на ознаката за пол или тоа се правело полулегално, како што било случај во Србија, каде што сите случаи на правно признавање на родот морале да се прават само во една белградска општина, каде што биле заведувани како грешка при доделувањето на полот при раѓање. Во Албанија, законодавството и денес не дава можност за промена на името и ознаката за полот, а на Косово промената е можна, но само со судска одлука. Како што кажавме претходно, во Северна Македонија сè уште не е создадена соодветна правна рамка за промена на ознаката на полот во личните документи и покрај пресудата од Европскиот суд за човекови права во случајот *Икс против поранешната југословенска Република Македонија.* Иако недоволно јасен, постоечкиот закон не ја забранува промената на ознаката за пол, па во 2011 година на еден транс-маж му беше дозволена промена на ознаката за полот, а во 2017 година со пресуда на Управниот суд на Република Македонија правно им го призна родот на две транс-жени, врз основа на што им беше сменета ознаката за пол во матичната евиденција.

Во Србија, прагматичен исчекор е направен во 2018 година, со усвојувањето на новиот закон за матичните книги, а врз основа на пресудата од Уставниот суд. Според новите законски одредби кои се применуваат од 2019 година, промената на ознаката за полот е можна со психијатриски наод, година дена по започнувањето на хормонската терапија, и без хируршка интервенција.

Табела: Преглед на правата на трансродовите лица

	Промена на личното име	Промена на ознаката за полот во личните документи	Здравственото осигурување ги покрива трошоците за транзиција
Албанија	-	-	-
БиХ			
Округ Брчко	X	X	-
Федерација БиХ	X	X	-
Република Српска	X	X	-
Црна Гора	X	X	X (*де факто* 100 % од трошоците)
Косово	Со судска одлука	Со судска одлука	-
Северна Македонија	X	-	-
Србија	X	X	X (65 % од трошоците)

Сепак, во сите земји на Западен Балкан трансродовоста и натаму се третира како медицинско нарушување и без медицинска документација, без оглед на тоа дали станува збор за наод од психијатар (како што е случај во Србија) или, дури, за известување за стерилизација и реконструкција на гениталните органи (во другите земји), не е можно усогласување на личните документи со личниот родов идентитет. Ваквата практика е целосно спротивна на пресудите од Европскиот суд за човекови права во Стразбур, но и спротивни на добрите практики што се усвојуваат во државите од Европската Унија, кои започнале со усвојувањето на Законот за родовиот идентитет, родовото изразување и половите карактеристики на Малта, во 2015 година. Важно е да се нагласи дека Европскиот суд за човекови права утврдил дека државите членки мора да ги обезбедат сите услови за медицинска нега на транс-луѓето, односно да им овозможат операција за медицинска потврда на родот, хормонска терапија и други потребни зафати, и дека промената на ознаката за полот во личните документи никако не смее да биде условена со стерилизација или со слична интервенција.

Со оглед на правната занемареност на ова прашање, ЛГБТИ-активистичкото движење во регионот активно се застапува за промена на пристапот. Увидувајќи дека не можат да чекаат државата да направи нешто, во Србија уште во 2012 година се објавува модел-закон за признавање на правните последици од промената на полот и утврдување на транссексуализмот. Модел-законот произлегол од соработката меѓу партнерските

организации Центар за унапредување на правните студии, Гејтен-ЛГБТ и АИРЕ-центарот. За изработка на модел-законот биле ангажирани професорите Саша Гајин и Јелена Симић, адвокатките Тања Дробњак и Виолета Кочић Митачек, како и активисти/ки од организацијата Гејтен-ЛГБТ, Милан Ѓурич, Кристијан Ранѓеловић и Славољупка Павловић. Овој прв нацрт-закон го поддржал прагматичниот приод за воведување каква било регулација на правните последици од медицинската потврда на родот, па затоа доживеал неколку промени, вклучително и последната верзија од 2015 година, која во целост се заснова на принципите на самоопределување и целосна депсихопатологизација. Последната верзија вклучува и правно постапување во случај на интерсексуалци. Во 2019 година, претседателот на Либерално-демократската партија, Чедомир Јовановић, го поднел законот во парламентарна постапка во Собранието на Србија, но тој сè уште не е ставен на дневен ред пред парламентарците. За разлика од предлогот на невладините организации, кој се заснова на целосна депсихопатологизација, Србија изгласала правни измени на Законот за матичните книги, кои ќе им овозможат на транс-лицата промена на ознаката за полот, но и натаму само со медицинска дијагноза.

По примерот на развојните настани во Србија, во 2016 година Сараевскиот отворен центар развива модел-закон за родовиот идентитет за Босна и Херцеговина, при што се дефинира посебен рамковен закон на ниво на државата БиХ и посебни закони на ниво на федералните единици (Република Српска и Федерација БиХ), имајќи на ум дека различни правни прашања се регулирани на различни нивоа на власта во асиметричниот федерализам во БиХ. Истата година, во Црна Гора, Институтот за правни студии во соработка со организациите Јувентас и Квир Монтенегро, го развива црногорскиот модел-закон за родов идентитет. Новата национална Стратегија за унапредување на квалитетот на животот за ЛГБТИ-луѓето за периодот 2019-2023 предвидува воведување рамка за правно признавање на родот, па така набрзо може да се очекува владата да работи на ова прашање. Целосната еднаквост, барем во правна смисла, останува предизвик за третата деценија од третиот милениум.

3.8 Освојување на јавниот простор: Поп-култура, медиуми и уметност

По 2000-тата година, во јавната сфера се отвора сè поголем простор за ЛГБТИ и квир-темите. Во јавниот живот има сè повеќе аутирани ЛГБТИ-луѓе кои им даваат надеж на (младите) неаутирани луѓе дека може да се живее по сопствена мерка. Од геј и лезбискиот активизам кон крајот на 20 век, на почетокот од 21 век во сите земји од Западен Балкан се развива ЛГБТИ-активизмот, па и движењето, какви што го познаваме денес.

Сè повеќе се освојува општествено-културниот простор – сè повеќе ЛГБТИ-луѓе сакаат да зборуваат за сопствениот живот во свое име, или се појавуваат уметници и уметнички, различни видови уметност, кои имаат потреба да зборуваат за искуствата и за потребите на овие заедници. Ликовите во играните филмови и серии се инспирирани од ЛГБТИ-луѓето, се снимаат документарни филмови за тоа што значи да се биде ЛГБТИ, на свој начин со тоа се занимаваат и театарот, книжевноста и музиката. Се појавуваат специјализирани весници, а Интернетот, преку форуми, сајтови за запознавање и

ЛГБТИ веб-страници, станува своевидно прибежиште, но и важно место за артикулација на движењето.

И балканските земји имаат свои квир-претставници/чки на Евровизија, светскиот годишен фестивал на забавна музика, и исклучително популарен квир-настан, кои се или отворено ЛГБТИ или самата заедница ги препознава како дел од својата култура, без оглед на нивната сексуална ориентација. Најголем успех остварила српската пејачка Марија Шерифовиќ, која победила и ја донела Евровизија во Белград, а забележителни беа и настапите на *Сестре* од Словенија, како и на пејачот Дин од БиХ.

Исто така, со фестивали се зазема и културниот простор, а како резултат на сето тоа, и преку работата на одредени здруженија на директна сензитивизација на новинарите/ките, уредувачките политики на сè поголем број медиуми заземаат афирмативен став и постепено со ЛГБТИ-темите сè помалку се занимаваат на сензационалистички, а сè повеќе на општествено одговорен начин. Значи, по 2000-тата година се случуваат важни културни промени во јавниот простор, а ЛГБТИ-идентитетите, темите и проблемите сè повеќе влегуваат во светот на популарната култура, но и на класичната уметност.

Додека радиото сè уште било важен извор на информации, кон крајот на 2000 година почнува со емитување емисијата за сексуални различности „Гејминг", во склоп на серијалот со наслов „Луѓе со нас", и тоа на - во тоа време - исклучително слушаната радиостаница *Београд 202*, што се емитува еднаш неделно во ноќен термин, сè до крајот на 2004 година.

Иако од денешна перспектива е јасно кој од фестивалите имал долготрајно и посилно влијание врз сензитивизацијата на јавноста и збогатувањето на културниот простор, овде ќе споменеме три фестивали со слично име, за да можеме да ги споредиме пристапите и нивните опфати. По примерот на фестивалите во Европа и во светот, фестивалите Квир Загреб, Квир Белград и Квир Сараево се основани со цел да се промовира културата и уметноста, борбата против хомофобијата и трансфобијата, и спротивставување на хетеронормативните и патријархалните вредности на национализмот, милитаризмот, мачизмот и шовинизмот.

Во 2003 година, здружението Домино го почнува фестивалот Квир Загреб, со идеја за деконструирање на хетеронормативната теорија и практика во хрватското и во блиските општества. Како најголем квир-фестивал во Средна и во Источна Европа, за време на своето десетгодишно постоење Квир Загреб собрал повеќе од стотина изведувачи/ки од регионот и од светот, а преку промоција и прикажување на квир-уметнички содржини, посебно внимание е ставено и на продукцијата на квир-знаење и уметност. По 2012 година, активности се спроведуваат во текот на целата година под име "Сезона на Квир Загреб".

Година дена по загрепскиот, се јавува и Квир Белград, со цел зајакнување на луѓето, забава и промоција на квир-политики. Станува збор за активистички колектив кој во своите десет години активно работење имал бројни акции. Некои од главните активности биле и годишните квир-фестивали, пет на број, а некои од нив биле од затворен тип поради екстремистичките закани со насилство, учествувањето во кампањи, мрежи, голем број акции и иницијативи, како и со објавување публикации за фестивалот.

Првиот голем јавен ЛГБТИ-фестивал во БиХ бил организиран од Здружението Кју во 2008 година, под името Фестивал Квир Сарево. Најавата за настанот и неговото

отворање го покажале нивото на хомофобија во босанскохерцеговското општество. По случаен избор на датумот, фестивалот се одржал за време на празникот Рамазан, што наводно ги разлутило различните фактори и во деновите пред неговото одржување наишол на отпор од страна на политичките партии, религиските лидери, медиумите, разните десничарски и националистички групи. Со овој фестивал, Здружението Кју сакало да ги прикаже животните приказни на ЛГБТИ-луѓето – нивното секојдневие, љубов, врски, пријателства, семејства, активизам и стравови. Организацискиот тим на фестивалот подготвил петдневна програма, вклучително и изложби, филмови (документарни и играни), тркалезни маси и перформанси, со цел вклучување на квир-теоријата, уметноста и културата во сараевскиот културен мејнстрим. По нападите на отворањето, првиот фестивал Квир Сарево бил прекинат веќе наредниот ден. Следната, 2009 година е одржан вториот фестивал, кој пред јавноста ги претставил уметничките дела преку билборди, ТВ-спотови и филмови, и на тој начин зборувал за состојбата во општеството. Ширум БиХ биле поставени билборди „Бакнеж, разговор?" и "Љубопитност". Фестивалот Квир Сараево е запаметен како симбол на макотрпната активистичка борба.

Во 2009 година е одржан и првиот интернационален фестивал на квир-филмови Мерлинка, во организација на Геј-лезбискиот инфо-центар (ГЛИЦ), а во соработка со Младинскиот дом на Белград. Овој повеќедневен фестивал сè уште трае, примарно поради посветената работа на српскиот новинар и активист Предраг Аздејковиќ, и тој станал традиционална филмска квир-манифестација чијашто цел е промоција на играниот и документарниот квир-филм, уметност и култура. Во 2013 година, Сараевскиот отворен центар го организира фестивалот Мерлинка во Сараево, а во Тузла фестивалот Мерлинка го организира Тузланскиот отворен центар. Фестивалот Мерлинка имал и неколку изданија во Црна Гора.

Сепак, се чини дека квир-книжевноста, пред другите уметности, влегла во мејнстримот на културното поле на Западен Балкан. Дека тоа е можно потврдува и примерот на писателката Сузана Тратник, исклучително призната словенечка писателка, со оглед на тоа дека пишува и објавува лезбиска и квир-книжевност веќе 25 години, а нејзините книги се преведени на дваесетина јазици. Во 2002 година, во Србија се појавува книгата „Стакленик – Дневник на поинаков заводник" од Урош Филиповиќ и го свртува вниманието на јавноста бидејќи е првата книга која сосема експлицитно зборува за животот на геј-мажите. Книгата „Берлински пешкир" на Дражен Илинчиќ (2006) се смета за првиот хрватски геј-роман. Во БиХ се појавиле неколку романи чијшто главен лик е геј-маж – „Шумски дух" од Горан Самарџиќ (2004), романсираната автобиографија „Од двете страни на љубовта" од Едина Алажуза Калимера (2007), како и „Михаел" на Селма Кешетовиќ (2010). Во 2009 година, Лидија Обрадовиќ ја напишала книгата „Да се биде геј во Србија", во чијшто фокус е хомофобијата во оваа земја.

Кон крајот на 2012 година, Лабрис од Србија ја објавува збирката кратки лејзбиски приказни (42 приказни од 21 авторка) од просторот на поранешна Југославија, под името „Пристоен живот". Македонската книжевност е збогатена со збирката лезбиски приказни од Ирена Цветковиќ „Оргазмични писма" (2007), како и со романите на Александар Алексов, „Отсјајот од сенките на виножитото" (2014) и на Петар Андоновски, „Лето" (2020). Во последните години на регионално посебно познати и наградувани станале и босанскохерцеговските писателки Лејла Каламујиќ со збирката приказни „Викајте ме Естебан" (2015), Ламија Бегагиќ со збирката приказни „Еднонасочно" (2010), романот „Во зона" (2017) и книгата приказни „Подобри ние" (2020). Романите

на писателот Бојан Кривокапиќ – „Пролетта се спрема за пат" (2017), и на писателката Драгослава Барзут – „Хартиени дискотопки" (2017) излегуваат истата година кога излегува и споменатиот роман на Ламија Бегагиќ, со што квир-книжевноста станува доста присутна во книжевниот живот.

И здружението Квир Монтенегро од 2017 година распишува регионални конкурси за најдобра кратка приказна, која како тема ја обработува егзистенцијата на ЛГБТИ и издава збирки со најдобрите приказни. Една од најпознатите и најнаградуваните босанскохерцеговски авторки, Тања Ступат Трифуновиќ, преку романот за лезбиската љубов „Откако си купив лебед" (2019), покажала дека ЛГБТИ-темите дефинитивно веќе не се надвор од главните текови на книжевноста во регионот. Во јануари 2020 година, албанскиот активист Кристи Пиндери објавил книга со мемоари под наслов „1997". Меѓу другото, книгата изобилува со описи на болни искуства од сексуално и од други форми на насилство на коишто авторот бил константно изложен за време на своето растење во родниот град. „1997" е првата книга напишана од отворен геј-маж во Албанија и првата книга што се занимава со прашања како што се сексуалното насилство и злоупотребата на деца во Албанија.

Ќе додадеме дека поезијата во сите земји на Балканот е можеби најбогатиот жанр кога станува збор за ЛГБТ-мотивите. Многу песни се објавени во зборници и списанија, а вистинско поетско богатство може да се најде и на Интернет и по блоговите, кои честопати се проследени и со квир-уметнички фотографии.

Начинот на ширење и популаризација на квир-теоријата кој останува во сенка, иако неговиот придонес е немерлив, е преку академската сфера. Конкретен пример за влијанието на една, во голем дел, научна конференција, беше веќе споменатата регионална конференција посветена на транс-прашањата „Трансгресија на родот: За родова еднаквост не се доволни двајца", која се одржа 2005 година во Загреб. Имено, пред неа во земјите од поранешна Југославија прашањето за трансродовоста било третирано површно, а малиот број иницијативи кои биле насочени кон подобрување на позицијата на транс-луѓето доаѓале од невладините организации кои се занимавале со правата на ЛГБТИ. Оваа конференција е зачеток на едно сеопфатно и сериозно занимавање со прашањата за транс-луѓето, иако требало да поминат неколку години додека не почнат да се основаат организации кои конкретно ќе се занимаваат со прашањата на транс, интер и родово-варијантните луѓе.

Натамошно ширење на ЛГБТИ-темите на полето на науката, историјата и филозофијата овозможил Центарот за квир-студии од Белград, единствениот специјализиран центар од овој тип на Западен Балкан, кој во 2010 година го издавал *КТ Магазинот*, списание за квир-теорија и култура, чијшто главен уредник бил Душан Маљковиќ. Целта на списанието била популаризација, видливост и пошироко општествено и академско етаблирање на квир-теоријата и културата; научно, филозофско и уметничко истражување на (не)хетеронормативноста, историјата на сексуалноста и социјалните конструкции за полот и родот, како и општественото прифаќање на различноста на легитимните сексуални практики и родовите/половите изразувања. Напоменуваме дека научните дела за квир-теоријата и конкретните ЛГБТИ-теми нашле свое место во голем број научни и феминистички зборници, и на тој начин придонеле за ширење на квир-мислата.

На свој начин, за ширење на квир-мислата придонесува и најдолготрајното списание *Оптимист,* кое излегува во Србија, а издавач е гореспоменатиот Геј-лезбиски инфо-центар. Првото издание е објавено во јуни 2011 година, а во август 2020 година излегува 55-тото издание. Списанието излегува на секои два месеца и бесплатно се дистрибуира по геј кафе-баровите и клубовите, невладините организации и културните центри ширум Србија, но и на Западен Балкан. Содржината на сите изданија е достапна на нивната страница. Списанието има и неколку црногорски изданија. Пред него, во Нови Сад излегувало списанието *Дечко,* на уредникот Атила Ковач. Ова списание било пуштено во комерцијална продажна, на киосците во Србија, Црна Гора и во БиХ.

На Западен Балкан се снимени голем број играни и документарни филмови кои зборуваат за прашањата и за животот на ЛГБТИ-луѓето. Иако не можеме да ја претставиме целата продукција, ќе наведеме неколку филмови за кои сметаме дека имаат посебно значење. Голема популарност во целиот регион има хрватскиот игран филм „Фини мртви девојки" од 2002 година, на Далибор Матаниќ. Филмот „Go West" од 2005 година, во режија на Ахмед Имамовиќ, е првиот босанскохерцеговски игран филм кој преку ЛГБТ-тема зборува за геј-пар кој бега од војната во Сараево. Српскиот игран филм „Парада" (2011) на режисерот Срѓан Драгојевиќ се занимава со тематиката за хомофобијата во транзициското општество и се појавува во време кога во Белград со години се работело на организирање на Парадата на гордоста. Јасмила Жбаниќ, најнаградуваната режисерка од регионот, го снимила играниот филм „Love Island" (2014) во кој се појавува бисексуална јунакиња. Македонската режисерка Софија Теодор го снимила филмот „She is all that" (2009), а Ана Јакимска краткиот филм „Неонски срца" (2019).

Особено вредни се документарните филмови, бидејќи токму тие им дале простор на темите за кои не станувало збор во другите уметности – пред сè тоа е јавното излегување како геј, како исклучително важен процес низ кој минува секое ЛГБТИ-лице. Транссексуалноста и реалниот живот на транс-жените и мажите биле во фокусот на многу филмови. Ги наведуваме следниве документарни филмови, бидејќи секој од нив ги поместуваше границите. Ги групиравме географски, а не според мотивите, а списокот, иако е обемен, не е сеопфатен.

Филмот „Квир Сараево Фестивал 2008" (БиХ, 2009), во режија на Маша Хилчишин и Ќазим Дервишевиќ, зборува за првиот фестивал Квир Сараево, за време на кој (септември, 2008) се случиле напади врз учесниците/чките на фестивалот. Во 2010 година, Елма Исламовиќ го снимила документарниот филм „Тоа е наше дете", во кој се аутираат неколку босанскохерцеговски ЛГБТ-луѓе, а во 2016 година го снима филмот „Неизговорено", во кој се појавува група ЛГБТИ-луѓе, додека во фокусот е приказна за една лезбијка и нејзиното семејство. „Со љубов, вашите деца" (БиХ, 2012), во режија на Оквир, е филм кој ја следи приказната и семејните искуства на пет ЛГБТ-луѓе од БиХ. „Да шетаме за љубов, бејби" (БиХ, 2020), во режија на Берина Џемаиловиќ, и „Нека биде што пошарено" (БиХ, 2020), во режија на Адо Хасановиќ, се два филма кои зборуваат за првата Поворка на гордоста во Сараево.

Ќе наброиме и неколку филмови од Хрватска, кои се гледале и биле прикажани во земјите од Западен Балкан. Дека Парадата на гордоста е голема тема покажуваат и хрватските документарни филмови „Gay Pride 2002 Zagreb" (2002), во режија на Хрвое

Мабиќ, за првата загрепска Парада на гордоста, како и „11 Јуни – Првиот сплитски прајд" (2011), во режија на Томислав Ладишиќ. Како многу успешна хрватска документаристка ќе ја спомнеме и Дана Будисављевиќ и нејзиниот автобиографски филм „Животот не е песна на Хаваите" од 2012 година.

Филмот „Менталитет" (Србија и Црна Гора, 2001), во режија на Стефан Орландиќ, зборува за првата Парада на гордоста во Белград, која е прекината со напад врз учесниците/чките и ескалација на насилството. „Изгледа дека ве вознемирив со нешто, господа" (Србија и Црна Гора, 2005), во режија на Слаѓана Новаковиќ, зборува за исповедта на таткото на претепаното момче, Игор Добричиќ, кое учествувало во белградската Парада на гордоста во 2000 година. „Јас кога бев клинец, бев клинка" (Србија, 2013), во режија на Иван Тодоровиќ, е филм за животот на една транс-жена, Гоца, во Белград. „Живот под маска" (Србија, 2016), во режија на Александар Принцип, е филм за пет ЛГБТ-луѓе кои од помали средини доаѓаат во Белград во обид да престанат да живеат „под маска" и без криење да бидат она што се. „Кога ќе излезам... биди тука" (Србија, 2016), во режија на Живоин Челиќ, зборува за јавното излегување од перспектива на десет луѓе чиишто искуства се разликуваат. „Just Vivaldi" (Србија, 2016), во режија на Тијана Стојковиќ, го обработува аутирањето со цел да ги охрабри ЛГБТ-луѓето. „Криминал од омраза" (Србија, 2016), во режија на Петар Петровиќ, е филм за дискриминацијата и насилството врз ЛГБТ-популацијата во Србија, а филмот „Сомнеж на ангелите" (Србија, 2017), во режија на Бранислав Принцип, ја донесува приказната за Дејан Небригиќ, убиен во 1999 година, геј-маж кој бил мировен активист, писател, театарски критичар и основач на првата ЛГБТ-организација во Србија.

„Call me Barbara" е македонски филм од 2013 година, во режија на Ана Јакимска, за македонската пејачка Фифи која во филмот зборува за нејзиниот живот и за предизвиците што им ги наметнува балканското општество на трансродовите луѓе. „СкаНдал" е првиот албански документарен филм од 2014 година, во режија на Елтон Бајаку и Ериона Чами, кој зборува за албанската ЛГБТ-заедница и во кој ЛГБТ-активистите/ките за првпат јавно истапуваат и храбро зборуваат за своите акции, движења и за историјата на борбата на ЛГБТ-луѓето за видливост во општеството за време на комунистичкиот режим, но и во современа Албанија. Насловот на филмот е игра на зборови, Ска (не) Ндал (стоп), и тој во целост, како повеќето други набројани филмови, може да се изгледа на *Јутјуб*.

Музиката е уметност преку која најбрзо и најлесно се шири квир-културата. Хрватскиот бенд *Лолабрицида* е препознаен од ЛГБТИ-заедницата на Западен Балкан како квир, а тие станале широко познати со песната „Мој дечко је геј". Новосадското ди-џеј дуо *Маргита е мртва* често користело ЛГБТ-теми во своите нумери. И босанскохерцеговското електро-трио *Старки* во своите песни посветувало внимание на квир-теми. Сараевскиот бенд *Карне* ја снимил песната „Нема геј-параде". Но и самата ЛГБТИ-заедница дала свои ѕвезди, како што е српската диџејка и уметница Соња Сајзор.

Во сите земји од Западен Балкан, медиумите дале голем придонес во ширењето на хомофобијата и трансфобијата, со текстови за ЛГБТИ-луѓето и на ЛГБТИ-темите, напишани на сензационалистички, неточен, непроверен, недоверлив, неетички и непрофесионален начин. Сепак, во последните години ситуацијата насекаде значително се подобрува. Така, на пример, во Албанија, каде што човековите права на ЛГБТИ воопшто не биле тема во албанските медиуми во претходните години, ситуацијата се менува по

2010 година, што е резултат на директната работа на ЛГБТ-здруженијата со медиумите. Сè поголем број медиуми пренесуваат соопштенија за јавноста на ЛГБТ-здруженијата или објавуваат интервјуа со ЛГБТ-активисти/ки. Со следење и анализа на пишувањата во медиумите за ЛГБТИ-темите се занимавале многу организации и аналитичари/ки во регионот. На пример, осум години по ред Сараевскиот отворен центар известува за добри и лоши практики во медиумското известување. Сите извештаи и анализи лесно можат да се најдат на Интернет. Го свртуваме вниманието и на анализата на македонските медиуми што ја направиле Ирена Цветковиќ и Славчо Димитров. И здруженијата во Србија, Црна Гора и во Албанија континуирано ги следат медиумските известувања.

И покрај сеопштата хомофобија, одредени ЛГБТИ-лица се појавувале во медиумите и зборувале за проблемите со кои се соочува заедницата. Во босанскохерцеговската јавност, преку гостувања во ТВ-дебати (во 2008 година, но и претходно) зборувала Светлана Ѓурковиќ. Познат пример за јавно аутирање е и оној на книжевницата и активистката Мима Симиќ во 2007 година, во квизот на хрватската национална телевизија „Кој сака да биде милионер", каде што се претставила како лезбијка. Ова јавно аутирање одекнало ширум Западен Балкан. Како што известува порталот LGBTI.ba, за време на 2013 година Бобан Стојановиќ, геј-активист од Србија, бил еден од учесниците во српското реалити-шоу „ВИП Големиот брат", а „како главен мотив за влез во куќата на Големиот брат ја истакнал желбата да покаже дека геј-луѓето се сосема нормални, обични луѓе. Истакнувајќи дека целта на неговото учество била подигање на свеста во јавноста и прикажување на една од маргинализираните групи во вистинско светло, Бобан Стојановиќ укажал на фактот дека, освен за стекнување популарност и евтина забава, реалити-шоу може да послужи и како средство за едукација на јавноста, за промовирање толеранција и прифаќање на различностите."

Кристи Пиндери истакнува дека албанските организации не ги сметале медиумите за противник, туку како алатка за унапредување на нивната ЛГБТ-мисија, а бидејќи медиумите биле целосно несвесни за прашањата на ЛГБТ-луѓето, здруженијата напорно работеле на нивната едукација. Дека јавните настапи носат голем ризик и непријатност покажува и примерот на Џени Карај, една од највидливите албански активистки, која поради своите телевизиски настапи во емисиите „ZonëeLirë" или „Top Show" морала да се справи со силни хомофобични напади од јавни личности кои ја обвинувале дека преку пропагирање на геј-темите работи на слабеење, дестабилизација и уништување на албанското семејство.

Значи, и телевизијата, како традиционален медиум во кој најтешко се влегува, на крајот почнала да отстапува простор за ЛГБТИ-темите. Во информативните емисии и во вестите, преку прилози кои со текот на годините станувале сè покоректни, како што покажуваат анализите и истражувања, но и преку ликови во популарни ТВ-серии, емисии од форматот на ток-шоуа и квизови. Хомосексуалноста ретко се прикажува во балканските, претежно хумористични серии, но кога има ЛГБТ-ликови тие се прикажани стереотипно. Сепак, како два позитивни примера ги издвојуваме македонските серии „Преспав" (која се емитува од 2016 година) и особено „Фамилија Марковски" (која се емитува од 2017 година), во која секојдневните проблеми, како што се неприфаќањето во семејството или насилството, се прикажуваат без стереотипизирање.

На крајот, иако земјите од Западен Балкан не можат да се пофалат со квир-придонес во деветтата уметност, хрватската уметница Хелена Јанечиќ, која е регионално позната и призната, во својот стрип ја креирала првата лезбиска суперхероина Хорни Дајк. Хероината со индикативно име се јавува на последните страници од *КвирЛист*, списание за квир-култура во Хрватска, регионот и во светот. Списанието го објавува издавачката куќа Домино во 2008 година, а последното 23-то издание излегло во 2010 година. Од последните страници на тоа списание, Хорни Дајк се преселила во изложбениот простор, па така таа се појавува на две изложби во текот на 2011 година: „Згодни жени го спасуваат светот" и „Хорни Дајк на работ на конвенцијата", за на крај да се најде меѓу кориците на истоимениот стрип-албум на здружението Домино. Иако во нашите општества овој вид уметност е целосно занемарен, таа има своја публика, па затоа се надеваме на уште некоја ЛГБТИ-јунакиња/јунак.

Библиографија

Myrvete Bajrami/Vlora Krasniqi (2012): LGBT pokret na Kosovu, u Aida Spahić i Saša Gavrić (priredili): Čitanka LGBT ljudskih prava, Sarajevo: Sarajevski otvoreni centar.

Bojan Bilić i Marija Radoman (priredili, 2018): Sestrinstvo i jedinstvo. (Post)jugoslo(a)venski lezbe(i)jski aktivizam. Novi Sad: Meditteran Publishing.

Kevin Moss (2011). Queering Ethnicity in the First Gay Films From Ex-Yugoslavia, in: Feminist Media Studies12(3)

Jelisaveta Blagojević i Olga Dimitrijević (priredile, 2004): Među nama. Neispričane price gej i lezbejskog života. Beograd: Hartefakt Fond.

Jack Dreschner (2015): Queer diagnoses revisited: The past and future of homosexuality and gender diagnoses in DSM and ICD, u International Review of Psychiatry, October 2015; 27(5): 386–395.

Piotr Godzisz (2019): The Europeanization of anti-LGBT hate crime laws in the Western Balkans, u Crime Law Soc Change, 71, 291–306.

Institucija ombudsmana za ljudska prava (2016): Specijalni izvještaj o pravima LGBT osoba u Bosni i Hercegovini. Banja Luka.

Afrim Krasniqi,(2014): Albanian transition: the contrast between eastern mentality and European identity, u Interdisplinary Journal of Research and Development. Vol (I). 2014-62.

Marina Lazëri (2014): Renegotiating Albanian Identity: European Transformations, Utrecht University. Unpublished paper.

Tatjana Rosich i Jasna Koteska (2015, priredile): Representations of Gender Minorities in Media: Serbia, Macedonia and Montenegro, Belgrade: Fakultet za medije i komunikacije.

Marija Savić (2011): Istorija LGBT aktivizma u Srbiji u Saša Gavrić/Lejla Huremović/Marija Savić (priredili): Čitanka lezbejskih i gej ljudskih prava. Sarajevo: Sarajevski otvoreni centar i Fondacija Heinrich Boell.

UNDP (2017): Being LGBTI in Eastern Europe. Serbia Country Report, достапно на: https://www.eurasia.undp.org/content/rbec/en/home/library/democratic_governance/being-lgbti-in-eastern-europe--albania-country-report.html

Интервјуа и онлајн списанија:

Dačić uputio izvinjenje "Labrisu" (2015): https://www.b92.net/info/vesti/index.php?yyyy=2015&mm=02&dd=21&nav_category=12&nav_id=960488

Ipak je uspelo: Parada ponosa održana u centru grada (2013): https://www.telegraf.rs/vesti/839740-iznenadjenje-gej-parada-u-23h-ispred-vlade-srbije

Ko je odgovoran za prebijanje učesnika - razbijanje gej parade (2001): ttp://www.b92.net/specijal/gay-parada/tema_dana.phtml

Marija Arnautović (2009): Zakon o zabrani diskriminacije diskriminira vjerske zajednice? https://www.slobodnaevropa.org/a/zakon_diskriminacija_vjerske_zajednice/1750335.html

Na rubu konvencije (2012): https://www.stripovi.com/recenzije/horny-dyke-hody-dom-1-horny-dyke-na-rubu-konvencije/1490/

Piro Rexhepi (2018): Albanias layered homophobia. https://prishtinainsight.com/albanias-layered-homophobia/

Povorka ponosa se neće održati (2009): https://www.b92.net/info/vesti/index.php?nav_id=382249&dd=19&mm=09&yyyy=2009

Povorka srama (2009): http://www.spc.rs/sr/povorka_srama

Predrag Tomović (2019): Transrodnost prihvatljiva SPC-u, ali ne i homoseksualnost. https://www.slobodnaevropa.org/a/transrodnost-prihvatljiva-spc-u-ali-ne-i-homoseksualnost/30257896.html

Prvi trans Prajd u Beogradu (2015): https://www.slobodnaevropa.org/a/prvi-trans-Prajd-u-beogradu/27258868.html

Spor oko Zakona o zabrani diskriminacije (2009): https://www.rts.rs/page/stories/sr/story/9/politika/48182/spor-oko-zakona-o-zabrani-diskriminacije-.html

Stav SPC o promeni pola (2009): www.b92.net/info/vesti/index.php?yyyy=2009&mm=08&dd=17&nav_category=206&nav_id=376687

The Commissioner for Protection against Discrimination recommends to the Albanian Parliamentarian to avoid discriminatory language and statements against the LGBT community in Albania (2011): https://tgeu.org/pink-embassy-wins-the-case-against-the-member-of-the-albanian-parliament/

Zdravko Cimbaljević šest godina od odlaska iz CG: U Kanadi sam ono sto jesam, želim i osjećam (2019): https://www.vijesti.me/vijesti/drustvo/405699/zdravko-cimbaljevic-sest-godina-od-odlaska-iz-cg-u-kanadi-sam-ono-sto-jesam-zelim-i-osjecam

Веб-страница:

https://www.ndi.org/LGBTI_Balkans_poll

4. ЛГБТИ-ПРАВАТА ВО ТРЕТАТА ДЕЦЕНИЈА ОД НОВИОТ МИЛЕНИУМ: ПРЕДИЗВИЦИ, ПРЕЧКИ, ПОТЕНЦИЈАЛ

4.1 Идентитетски политики

Еманципаторските опфати на идентитетските политики стануваат важна тема во академските дискусии, како во социолошките, така и во феминистичките и во квир-дискусиите. На актуелното прашање - дали идентитетските политики го уриваат социјалниот капитал на групните идентитети, бидејќи станува збор за достигнувања на либерално-демократското граѓанство, кое прави непосакувано намалување на политичкото поле за дејствување - не можеме да одговориме, бидејќи целта ни е во кратки црти да ги претставиме основите на идентитетските политики, преку неколку важни прашања од современата политичка квир-мисла.

Ќе се вратиме на почетокот на приказната за идентитетите. Како резултат на општествените промени, пред сè на индустријализацијата и урбанизацијата, како и на преобмислувањето на филозофските поими кои се однесуваат на личноста, во 19 век почнале да се развиваат социолошки концепти за субјект, индивидуален идентитет и структура, кои ги обликуваат животите на поединците/ките. Се сметало дека идентитетот на поединецот е врзан за одредена општествена класа, одредена група занимања, местото од каде што потекнува, националноста, итн. Спротивно на тоа, современото разбирање на индивидуалниот идентитет и на општеството ја губи својата ригидност, станува одредено од краткорочноста и задачата за континуирано трагање, преобмислување и промена. За целосно да го поедноставиме она што сликовито го опишува францускиот филозоф Мишел Фуко, до 19 век во дискурсот не постоеле идентитети како *хомосексуалец*, исто како што не постоеле ниту *хетеросексуалци.* Постоеле само однесувања и односи во кои луѓето влегувале, а кои се сметале за неприфатливи или прифатливи. Овие неприфатливи однесувања почнале да ги добиваат своите имиња паралелно со развивањето и освојувањето на моќта од страна на различни области од општеството – закон, медицина, затвори и лудници. Сите тие пропишувале што е нормално и дозволено однесување, па тогаш „настанале" хомосексуалците, како спротивност на оние кои живеат според пропишаните норми, т.е. хетеросексуалците. Според Фуко, општествата се карактеризираат со моќ на казнување и надзор, т.е. однесувањето на поединците сè повеќе се разгледува, се следи и, кога треба, се казнува. Тие техники произлегуваат од затворите и од болниците, но во меѓувреме се прошириле и на многу аспекти од општеството.

Со подемот на новите општествени движења во 60-тите и 70-тите години од 20 век, идентитетот станува политичко прашање. Идентитетската политика, како што се нарекува, се занимава со разликите меѓу групи луѓе и можностите за изразување на тие разлики. За првпат, идентитетските политики нагласуваат колку е важно да се слушнат и други гласови, особено гласовите на угнетените и маргинализираните групи, како што се геј-мажите и лезбијките, и да се одредат како оние кои се борат за „признавање на достоинството" или за еднакво јавно признавање на етничките, верските, сексуалните, родовите или другите идентитети. Феминизмот имал исклучително важна улога во јавните дебати за идентитетските политики, преку феминизмот на разлики, што во почетокот на 1980 година во своето дело го најавила Ненси Хартсок. Идентитетските политики ги обележале црнкинките, припадниците на работничката класа, геј-мажите и лезбијките.

Во теоретските кругови со векови се пишува за тоа колку и во кои аспекти биолошката припадност на машкиот или на женскиот пол условува различност, како што е сексуалната ориентација, половите карактеристики или родовиот идентитет. Родот подразбира општествено конструирање на биолошкиот пол на жените и на мажите, и тој се однесува на голем број различни очекувања кои се врзуваат за социјалната улога на жените и на мажите, и во приватниот и во јавниот живот. Тоа значи дека општествените очекувања формираат обрасци на однесување и дејствување кои се карактеризираат како типично машки или како типично женски. Сепак, општествената, политичката и правната реалност околу нас ни покажуваат дека секое лице има право на сопствен родов идентитет и почитување на таа одлука, бидејќи родовиот идентитет не мора да биде во согласност со полот припишан при раѓањето и не мора да има врска со сексуалната ориентација.

За сите оние кои се заинтересирани за богатото поле на квир-теоријата, неизбежно име е американската теоретичарка Џудит Батлер, а во нејзината перспектива за родот клучно е неговото разбирање како дискурзивна практика која е и општествена матрица и перформациски гест, бидејќи има моќ да го прекине синџирот на општествените повторувања и да се отвори кон нови реалности. Квир и феминистичките теории кои, поттикнати од практиката и од реалноста, ги отфрлиле традиционалните разбирања на сексуалноста и на родот како преодредени од полот, им овозможиле на ЛГБТИ-луѓето да создаваат своја реалност и да се зајакнуваат преку процеси на самоидентификација. Исто така, станало јасно дека нема големи или мали приказни и дека сите искуства се еднакво вредни, што било особено важно за ЛГБТИ-луѓето, како и тоа дека хомосексуалноста е само еден вид сексуалност, исто како хетеросексуалноста, бисексуалноста, асексуалноста, итн.

Мноштвото идентитети ги повлекло и прашањата за почитувањето и за новите општествени одговорности. Психологијата примарно го користи терминот *идентитет*, за да опише посебен идентитет, додека социологијата го користи за да го опише општествениот идентитет. Во социологијата, терминот *преговарање за идентитетот* го означува процесот во кој едно лице преговара со општеството за значењето на сопствениот идентитет. Во таа смисла, идентитетот може да се објасни како резултат на дијалектичките односи меѓу поединецот и општеството, при што „општествените процеси се вклучени како во формирањето, така и во одржувањето на идентитетот [...] и обратно, идентитетите што произлегуваат од заемното дејствување на организмот,

поединечната свест и од општествената структура реагираат на дадената социјална структура, одржувајќи ја, модифицирајќи ја, па дури и преобликувајќи ја."[10]

Од друга страна, идентитетските политики донеле промени и во доживувањето на внатрешниот живот на ЛГБТИ-луѓето. За да се разберат практиките кои ЛГБТИ-луѓето ги имаат во текот на својот живот, неопходно е да го разбереме нивното разбирање за себеси и значењето на тие практики во нивниот секојдневен живот. Тоа значи дека треба да се прифатат и да се разберат мноштвото изрази на идентитетот, што е резултат на активниот однос на лицето и на општеството. Секое ЛГБТИ-лице има право да го одреди своето тело и своите сопствени идентитети, што вклучува и слободно изразување на родовиот идентитет и на сексуалната ориентација, без стигматизација на половите карактеристики, како и право да се бара од општеството да го почитува тоа. Сепак, последниве години, во рамките на одредени феминистички групи кои повикуваат на укинување на родот, се појавуваат гласови кои ја напаѓаат транс-заедницата, толкувајќи ги транс-луѓето како закана за жените и, генерално, за извојуваните женски права. Трансфобичните говори се најприсутни во онлајн просторот, иако форми на ТЕРФ-активизам (радикален феминистички активизам кој ги исклучува транс-луѓето, анг. trans-exclusionary radical feminist) постојат долго време, уште од 70-тите години.

За жал, ригидните општествени класификации на полот, родот и на сексуалната ориентација, настојуваат да го потиснат искажувањето на каква било различност надвор од нормираните обрасци на однесување и дејствување. Сè додека општеството во кое живееме е конзервативно на ваков начин, знаењата што ги нудат теориите за обмислување на идентитетите даваат упориште и охрабрување за ЛГБТИ-луѓето да го живеат својот живот онака како што се чувствуваат и како што сакаат.

4.2 Нови форми на организирање на ЛГБТИ-движењето

Дали на Западен Балкан постои ЛГБТИ-движење? Ако постои, кои се луѓето или организациите што го водат? На Западен Балкан постои ЛГБТИ-движење. Неговиот начин на организирање и дејствување се менувал со текот на времето, како што покажува и овој краток историјат, а неговите зачетоци се следат кај поединци и поединки – лица кои се поврзувале меѓу себе, прво создавајќи неформални, а потоа и формални сојузништва, и дејствувајќи во различни општествени и културни области. Како што движењето станувало повидливо и активистички побројно, работата на намалувањето на насилството и хомофобијата, како и на општата сензитивизација, почнувала да се шири во различни сфери на општеството – образование, право, бирократија; од акции на улица до обука за полицијата, од перформанси до работа со обвинителствата.

Како што објаснува теоријата, општествените движења многу воопштено можат да се одредат како форма на колективно дејствување, со одреден степен на организирано користење на стратегиите и тактиките кои се карактеризираат со насоченост кон

10 Цитирано според Бергер и Лукман (1992 год.), стр. 201

постигнување промени или давање отпор кон некоја општествена промена.[11] Прашањето за идентитетот е клучно кога станува збор за новите општествени движења. Законите на капиталистичката економска репродукција, административниот систем и севкупната бирократизација на општеството го прават животот потежок, а дејствувањето за и преку движењата им дава на луѓето чувство на припадност, идентитет и смисла. Општествените движења користат неконвенционални форми на општествено дејствување, нови структури на организирање и со своето учество го предизвикуваат и го менуваат политичкиот живот во своето опкружување и пошироко. Според нас, женското движење е најзначајното општествено движење, кое е и класично и ново движење насочено не само кон придобивките од системот, туку и кон нов политички квалитет и сензибилитет, како и кон промена на политичките парадигми од доминантните идеолошки провениенции. Истакнатата босанскохерцеговска истражувачка Златиборка Попов-Момчиновиќ одлучно го покажала тоа во својата книга за женското движење во БиХ. ЛГБТИ - движењето - како во светски, така и во балкански рамки - настанало како движење во рамки на движење, отпор во рамки на отпор, борба во рамки на борба.

Сепак, последниве години се случуваат промени во смисла на формите преку кои движењето дејствува и ја менува реалноста на ЛГБТИ-луѓето. Имено, иако по 2000-тите години ЛГБТИ-движењето во голем дел го водат невладини организации, се забележуваат и нови начини на организирање и дејствување, како и неколку нови области во кои почнува да се работи.

Иако за тоа стана збор претходно, уште еднаш споменуваме колку е значајна работата на документирањето на случаите за различни видови насилство врз ЛГБТИ-луѓето. Во спрега со ова е и работата со полицијата, центрите за социјална работа, обвинителството и судовите, бидејќи на почетокот на овој процес се случувало ЛГБТИ-луѓето, кога биле жртви на насилство и тоа го пријавувале во полиција или во центрите за социјална работа, тоа да им донесе повеќе штета отколку корист, поради хомофобијата што била длабоко вкоренета во институционалните системи на сите држави за кои станува збор во оваа книга. Исто така, се развиваат едукација, советувања и соработки со експертите/ките од различни гранки на медицината, психологијата и, генерално, од здравството. Па така, од 2007 година во Северна Македонија дејствува веќе споменатата Коалиција за сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници – Маргини, која се занимава со следење на состојбата со сексуалните и со здравствените права на луѓето кои употребуваат дроги, сексуалните работници/чки, луѓето кои живеат со ХИВ и ЛГБТИ-луѓето. Преку оваа работа, тие се залагаат за правно зајакнување на маргинализираните заедници и за подобри политики и практики на институциите кон нив.

За важноста на документирањето на личните приказни нè потсетува и Квир-архивот, кој го собира и го води Здружението Оквир од 2018 година, со цел да направи архива на историјата на ЛГБТИКА во БиХ и во регионот. Квир-архивот собира лични приказни и сеќавања поврзани со безбедноста, родот, сексуалноста, културата, идентитетите и човековите права на лезбијките, геј-мажите, бисексуалните, транс, интерсекс, квир и асексуалните луѓе од 90-тите години до денес.

---

11 Парафразирано според Дејвид А. Сноу и други, како и според зборникот што го уредил Берч Бербероглу, стр.17.

Еден од примерите за новото здружување и важен момент за регионалниот активизам е основањето на организацијата ЕРА – ЛГБТИ, која собира повеќе ЛГБТИ-организации активни во државите на Западен Балкан и во Турција. Врз основа на искуствата од долгогодишната соработка која ги надминува границите, организацијата е основана кон крајот на 2015 година, а денес работи благодарение на, меѓу другото, директната финансиска поддршка од ЕУ. Освен обезбедување услуги и поддршка на своите организации-членки, ЕРА се занимава и со истражувачка работа и со лобирање, координира различни иницијативи во регионот, особено кога станува збор за меѓународното застапување пред ОН, ЕУ и институциите на Советот на Европа. Ваквиот начин на дејствување има поинаков вид видливост и влијание за време на процесот на застапување и затоа претставува новитет во движењето. Ретки се други подрегиони во Европа кои имаат формална регионална организација за застапување за правата на ЛГБТИ-луѓето.

Без навлегување во мотивите на ваквото организирање, можеме да кажеме дека и парламентарците се организираат на нови начини кога станува збор за решавање на прашањата на ЛГБТИ-луѓето, што го покажува и примерот од Северна Македонија, каде што во 2018 година е формирана интерпартиска парламентарна група која почнала да работи на унапредување на правата на ЛГБТИ-луѓето. Тоа е првата ваква парламентарна група во регионот. Во првиот состав, во периодот 2018-2020, ја сочинуваа 13 членови/ки од различни политички партии кои работеле на унапредување на правата на ЛГБТИ-заедницата, користејќи ги расположливите механизми на Собранието за градење општество во кое сексуалната ориентација и родовиот идентитет нема да бидат пречка за целосно остварување на човековите права и слободи. Во новиот парламентарен состав од септември 2020 година продолжи да функционира интерпартиската парламентарна група со променет состав, а во неа до моментот на пишување на оваа книга членуваат десет парламентарци од различни политички партии. Во Западна Европа и во Северна Америка, парламентарните лоби-групи се покажале како добар механизам. Важно ќе биде, особено кога зборуваме за правната рамка за истополовите заедници и бракови или за правата на интерсексулците и правното признавање на родот, ЛГБТИ-движењата да имаат свои сојузници во парламентите во регионот.

Уште една современа тема и следната правна битка што треба да се извојува насекаде на Балканот се однесува на прашањето за брак и родителство на ЛГБТИ-луѓето. Со децении се прават истражувања кои потврдуваат дека секое одговорно лице, без оглед на родот, полот и сексуалната ориентација, може да биде добар родител. Дека борбата е можна, иако макотрпна, потврдуваат и примерите од соседните Хрватска и Црна Гора. Во Хрватска, веќе со години работи здружението Семејства на виножитото, кое ги здружува и се залага за правата на истополовите и на другите нехетеронормативни семејства. Симболичен регионален придонес во борбата за правото на родителство имала и нивната детска сликовница со наслов „Моето семејство на виножитото", објавена во 2018 година, што исто така претставува нов начин на дејствување, кој тешко можел да се замисли пред само десет години. Целта на сликовницата е да се зајакне социјалната интеграција на децата кои имаат истополови родители, како и да се промовира толеранција и почитување на различностите. Сликовницата е наменета за деца на претшколска возраст и прикажува слики од животот на две деца кои имаат истополови родители. Во Црна Гора, како што веќе нагласивме, во 2020 година е донесен закон за истополови заедници. Иако со овој закон хетеросексуалните бракови и истополовите

животни заедници не се изедначуваат, тој отвора можности за ново организирање на ЛГБТИ - заедницата со цел, во следниот период, на недискриминаторски начин да се регулира прашањето за старателството, посвојувањето и родителството во рамките на истополовите заедници. Да се надеваме дека новите начини на дејствување ќе овозможат во иднина обете реалности – институционалната и животната – да се спојат.

4.3 Поголема видливост, поголемо прифаќање?

Неспорен факт е дека во последните децении ЛГБТИ-луѓето и темите стануваат сè повидливи во јавниот простор. Како што покажавме во претходните поглавја – преку медиумите, културата, бројните видови уметност, активизмот и правото – во мејнстрим просторот се произвеле наративи за хомосексуалноста, бисексуалноста, трансродовоста и сродните теми. Како што ни покажува практиката, поголемата видливост со себе носи и позитивни и негативни последици, ЛГБТИ-луѓето излегуваат од рамките на стереотипните слики во кои биле врамени од страна на традиционалното општество. Животот, потребите и проблемите на ЛГБТИ-луѓето се покажуваат во сета своја разноликост и посебност и, генерално гледано, општеството станува посензитивизирано и посвесно. Од друга страна, секоја индивидуална приказна на секоја поединечна лезбијка, геј-маж, бисексуално лице, транс-маж или жена, или интерсексуално лице, ја носи својата страна на личната приказна, која неретко покажува дека цената на поголемата видливост не е мала.

Во земјите од Западен Балкан се направени голем број истражувања за потребите, прашањата и предизвиците со кои се соочуваат ЛГБТИ-луѓето во нивниот секојдневен живот. Истражувањето што прво го набројуваме е најсеопфатното истражување направено досега, а го спровела Светска банка во 2018 година. Во истражувањето учествувале 2.300 ЛГБТИ-луѓе од Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово и од Македонија, но и од Хрватска и Словенија. Извештајот што е резултат на тоа истражување, со наслов „Живот на маргините: резултати од анкетата за искуствата на ЛГБТИ-луѓето во Југоисточна Европа", дава детален приказ на собраните одговори и покажува каква е состојбата во врска со дискриминацијата, исклученоста од општеството и насилството. И ова истражување го потврдило она го покажале сите претходно спроведени истражувања – секој трет испитаник бил жртва на насилство во последните пет години. Трансродовите луѓе се уште поранливи, бидејќи половина од испитаниците искусиле насилство. Се упатува и на последиците што таквите искуства ги предизвикуваат врз луѓето кои доживеале насилство и се објаснува дека насилството скапо ја чини државата и влијае врз севкупниот општествен трошок. И покрај законодавството кое забранува дискриминација врз основа на сексуалната ориентација и родовиот идентитет, кошто постои во повеќето земји опфатени со истражувањето, речиси половина (49%) од испитаниците – што значи секое второ лице – изјавиле дека биле дискриминирани или вознемирувани во претходните 12 месеци. Бројот на трансородови луѓе кои искусиле дискриминација е уште поголем, односно 80% од испитаните транс-луѓе искусиле ваков вид насилство. Дискриминацијата е присутна во образовните системи, но и во работната средина, и тоа во сите држави, што – меѓу другото – ги спречува ЛГБТИ-луѓето во целост да ги покажат своите потенцијали и да дадат сопствен придонес во развојот

на општеството. Ова истражување, во духот на мисијата на Светска банка и за разлика од другите, сугерира дека почитувањето и ефикасната заштита на човековите права на ЛГБТИ донела конкретни придобивки - не само за ЛГБТИ-луѓето, туку и за економијата на секоја од државите, но и за регионот во целина.

Понатаму, во истражувањето се предлага агенциите и заводите за статистички податоци во секоја од државите опфатени со истражувањето да почнат редовно да собираат податоци поврзани со ЛГБТИ-луѓето, зашто само така ќе се обезбедат доказите потребни за изработка на сеопфатни политики и програми за решавање на проблемите, бидејќи донесувањето политики втемелени на докази носи придобивки и за ЛГБТИ-луѓето и за општествата.

Генерално, сите истражувања спроведени на Западен Балкан покажуваат дека, во просек, секое трето ЛГБТИ-лице доживеало некаков вид насилство. Понатаму, кога станува збор за односот кон хомосексуалноста, жените се потолерантни од мажите, образованите од помалку образованите лица, оние кои живеат во урбани средини од оние во руралните средини, како и младите од постарите. Сепак, генерално гледано, иако - преку културата, медиумите, научните студии, школството – прифатеноста на хомосексуалноста во последните 30 години расте, и иако законите ги признаваат потребите и правата на ЛГБТИ-луѓето, а медицината и психологијата не ја сметаат хомосексуалноста за болест, поширокатa јавност бавно ги менува своите ставови.

Во последните десетина години, во земјите од Западен Балкан се направени повеќе истражувања кои, меѓу другото, покажуваат и степен на социјална дистанца од ЛГБТИ-луѓето. Иако се направени во различни земји и во различно време, огромно мнозинство показатели се многу слични и не постојат значајни промени во размислувањето на граѓаните/ките.

Издвојуваме неколку национални примери. Во истражувањето од 2011 година за перцепцијата на младите во Албанија за ЛГБТИ-луѓето се наведува дека тие се главно отворени кон различни општествени групи, но имаат силни предрасуди за хомосексуалноста. Младите мажи покажале поголем степен на хомофобија (67%) од младите жени (46 %), што е случај и со испитаниците во другите земји. Луѓето од руралните средини покажале повисок степен на антипатија (58%) од граѓаните на Тирана (45%), а само 8% од сите испитаници, на пример, би поздравиле сосед кој е геј. Анкетата од 2012 година го поставила прашањето: „Дали геј-мажите и лезбијките треба да живеат слободно, онака како што сакаат", на кое повеќе од половина од испитаниците одговориле негативно. Веќе споменатото регионално истражување што го спровел американскиот Национален демократски институт открива дека дури 65% од испитаните ЛГБТИ-луѓе во Албанија биле дискриминирани поради нивната сексуална ориентација или родовиот идентитет. Истото истражување открило дека речиси половина од испитаниците би се обиделе да го лекуваат сопственото дете ако е лезбијка или геј, а 58 % од испитаниците изјавиле дека не би гласале за политичка партија која се залага за правата на ЛГБТИ-луѓето.

Истражувањето на јавното мислење во БиХ на темата хомофобија, меѓу другото, е направено во 2013 година, на репрезентативен примерок, со цел да се утврди степенот на хомофобија во босанскохерцеговското општество и тоа даде бројни индикативни наоди. Меѓу другото, истражувањето покажало дека доколку испитаникот/чката познава ЛГБТИ-лице, тоа во голема мера ги одредува неговите или нејзините ставови.

Па така, уште на првото прашање кое се однесува на сензитивизирањето на свеста за проблемите на ЛГБТИ-луѓето, гледаме дека одговорот „нема став" е најзастапен токму кај оние кои не познаваат ниту едно хомосексуално лице (дури 2/3 од испитаниците), а најмалку (23%) кај оние кои имаат ЛГБТИ-лице за пријател/ка. Главните резултати од истражувањето покажале дека, генерално, постои низок степен на знаење за ЛГБТИ-луѓето – мал број луѓе ги познаваат проблемите со кои се соочува оваа популација, како и законската регулатива во оваа област. Охрабрувачки е податокот дека над 90% од испитаниците не би извршиле физичко или вербално насилство врз оваа популација, а дури 3/4 од испитаниците би помогнале на жртва на насилство. Кога станува збор за социјалната дистанца, се покажало дека степенот на одбивање на испитаните облици на социјална интеракција – соседски, деловни и пријателски односи – е сепак поголем од степенот на нивното прифаќање. Истражувањето покажало дека ЛГБТИ-луѓето се најмалку прифатливи како пријатели, потоа како шефови на работа, па како колеги и на крај како соседи. Пријателските односи со ЛГБТИ-луѓето во кои едно лице влегува со сета своја личност се најмалку прифатливи за испитаниците и испитаничките.

Бројот на самоубиства меѓу ЛГБТИ-луѓето е посебно сериозен проблем, а главна причина за тоа е неприфаќањето. Особено е страшно тоа што постојат забележани обиди за самоубиство меѓу исклучително млади ЛГБТИ-луѓе, кои имале само 13 години кога се обиделе сами да си го одземат животот поради неподносливиот притисок од средината. Колку што ни е познато, докторската дисертација „Суицидно однесување кај хомосексуално ориентираните момчиња" на психологот Јелена Срдановиќ Мараш од 2013 година е единственото истражување направено на ова тема во Србија, па и пошироко. Еден од страшните податоци е и тоа дека речиси секое десетто геј-момче на возраст меѓу 18 и 26 години размислува за самоубиство или има разработен план за самоубиство и е во непосреден ризик.

Наодите од HBSCM-студијата – Однесувања поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст (11, 13 и 15 год.) спроведена во 2018 во Северна Македонија, покажуваат дека ЛГБТ - момчињата до својата 13-та и 15-та година, се четирипати почесто изложени на физичко и двапати повеќе на емоционално насилство во домот, во споредба со нивните хетеросексуални врсници. ЛГБТ-момчињата се повеќе од петпати (во просек) почесто жртви на сексуална злоупотреба отколку хетеросексуалните момчиња. Овие наоди ги издвојуваат ЛГБТ-момчињата од Северна Македонија како најранлива подгрупа во рамките на веќе маргинализираната ЛГБТ-заедница. ЛГБТ-момчињата, наспроти девојчињата, покажуваат знаци на многу повисока чувствителност со далеку поизразени психосоматски симптоми отколку нивните хетеросексуални врсници, што ги приближува до типично „женскиот" профил на однесување и психосоматски реакции на високо стресни ситуации.

Ваквите реакции на ЛГБТ-момчињата се одразуваат на нивното физичко здравје (пад на имунитетот) и на нивното социјалното здравје (повлекување, самоисклучување и изолација), како и на менталното и емоционалното здравје (депресија и самоубиствени идеи). Загрижувачки се разликите во пропорциите на ЛГБТ и на хетеросексуалните млади, особено меѓу момчињата, во степенот на лоши чувства и безнадежност (депресивни расположенија), односно барање решение во посегнување по сопствениот живот, како одговор на сопствената позиција и искуства.[12]

---

12 http://coalition.org.mk/wp-content/uploads/2019/11/margini_neednakvosti_final.pdf

Сепак, Интернетот им овозможил на ЛГБТИ-луѓето да не се чувствуваат осамени и изолирани од опкружувањето, им понудил сигурен простор да го искажат она што се и да најдат поддршка, им помогнал да дојдат до скапоцени информации и го направил нивното секојдневие поквалитетно. Интернетот е голема тема и во многу работи му помогнал на ЛГБТИ-активизмот, но и на емотивниот и еротскиот живот на ЛГБТИ-луѓето. Од друга страна, сеприсутен е и трендот на насилство што го доживуваат ЛГБТИ-луѓето во онлајн просторот.

Тука сакаме да споменеме и едно истражување на професорка од Универзитетот во Скадар (Албанија), која во текот на 2015 година ги испитувала ставовите за хомосексуалноста меѓу студентите/ките по психологија и социјална работа. Таа сакала да го направи истражувањето бидејќи ја интересирал ставот на албанските студенти/ки на темата, имајќи предвид дека позитивниот став на овие две професии е исклучително важен за ЛГБТИ-луѓето. Воедно, тоа било и првата научна студија од ваков вид во Албанија. Тргнувајќи од поимите одредени во теоријата деценции претходно, таа потсетува дека хетеросексизмот е идеологија што ја признава само хетеросексуалноста, како нормален начин на живеење, наспроти кој постои сексуална девијација – хомосексуалноста. Хетеросексизмот постои и на ниво на културата, како и на ниво на поединци/ки. На културно ниво, геј-мажите и лезбијките не се прифатлив модел, па затоа хетеросексизмот има свои алатки за борба против нив – хомофобија, укинување на правата, говор на омраза и насилство. Сево ова, преку различни институции, влијание и врз личните ставови на поединците/ките, кои ја продолжуваат хомофобијата во недоглед, преку бројни психолошки, когнитивни, вербални и други дејствија. Нејзиното истражување покажало дека студентите/ките, генерално, имаат лош став и голем број предрасуди за хомосексуалноста, но и дека студентите/ките по психологија сепак имаат попријателски став кон хомосексуалноста, за разлика од оние кои студираат социјална работа. Еден од показателите во студијата е и тоа дека постарите студенти/ки имаат поголеми предрасуди за хомосексуалноста за разлика од помладите. Повикувајќи се на бројни студии, авторката истакнува дека хомофобијата во некоја заедница може значително да се намали доколку ЛГБТИ-луѓето јавно зборуваат на панели, преку запознавање со работата на ЛГБТИ-организациите и лицата кои ги водат, преку работа на себеси и преку психодрама или, едноставно, преку познавање на ЛГБТИ-луѓето.

На крајот, со сето она што е напишано во ова поглавје се поврзува и темата за миграција и азил. Иако речиси сите земји од Западен Балкан веќе 10 години имаат уредено законодавство во врска со прашањето за заштита од дискриминација врз основа на сексуалната ориентација и родовиот идентитет, вистинските потреби и околности во коишто живеат ЛГБТИ-луѓето се далеку од уредени. Сите претходни години, Австрија, Белгија, Данска, Франција, Германија, Канада, САД и други земји одобрувале азил на ЛГБТИ-луѓе од земјите на Западен Балкан. ЛГБТИ-луѓето кои побарале азил го прават тоа бидејќи во практиката не можат да добијат соодветна заштита во својата држава, па се одлучуваат да бараат азил, зашто чувствуваат психички тешкотии, поради психичкото и физичкото насилство што го трпат поради својата сексуална ориентација, родовиот идентитет или половите карактеристики. Голем проблем и натаму останува отфрлањето од средината и дискриминацијата при вработувањето или на работното место. Конкретно, во текот на 2019 година, Сараевскиот отворен центар, на пример, добил осум прашања од ЛГБТИ-луѓе за можностите за добивање азил за нив и/или за нивните партнери во земјите од ЕУ или во Соединетите Американски Држави или Канада,

врз основа на сексуалната ориентација, и забележал два случаја на лица од БиХ кои ја напуштиле државата и добиле азил во Германија и во САД. Ситуацијата не е значително поинаква ниту во другите држави од Западен Балкан. Секако, важно е да се нагласи дека азилот е последниот облик на заминување и дека многу поголем дел од ЛГБТИ-луѓето емигрира преку вработување во Западна Европа, склучување истополови брачни заедници и стрејт-бракови, но и на различни други начини, во надеж дека остатокот од животот ќе го поминат во средина каде што нивниот ЛГБТИ-идентитет ќе биде помалку важен.

4.4 Љубов е љубов: Истополови заедници и бракови

Освојувајќи ја слободата, ЛГБТИ-луѓето сè повеќе се аутираат и живеат во согласност со својата сексуална ориентација, родовиот идентитет и половите карактеристики. Во таа полуслобода, сè повеќе геј и лезбиски парови живеат заедно, а под влијание на развојот во Западна Европа во јавниот простор се разговара за истополовите бракови. Без навлегување во полемика и објаснување на причините, бидејќи тоа би нè оддалечило од темата на ова поглавје, сепак треба да споменеме дека бракот не е прашање на целата заедница, особено не на левичарските и на феминистичките групи, кои се генерално критични кон институцијата брак.

Потребата е реална, имајќи на ум дека истополовите бракови секојдневно се соочуваат со дискриминаторски ситуации, поради неможноста за болничка посета во случај на сместувања во ургентните одделенија, каде што пристап имаат само членовите/ките на семејството, до суштински прашања како што е заедничкото купување стан, осигурување на партнерот или наследување пензија или имот. Дискусијата за истополовите заедници не е нова тема. Тоа го покажуваат документите, како што се првите весници на лезбиската организација Лабрис од 1995 година. Кога државите од Западна Европа ги изгласале законите за истополови заедници, а подоцна и за брачна еднаквост на геј и на стрејт-браковите, тогаш и ЛГБТИ-движењето на Западен Балкан, особено во последните десет години, се одважува да го постави ова прашање како приоритет за застапување.

Ветер во грб на активистите/ките ќе им даде веќе споменатата Препорака CM/Rec(2010)5 на Комитетот на министрите при Советот на Европа од 2010 година, која меѓу стандардите го поставува и прашањето за заштитата на истополовите вонбрачни заедници, со гаранција на истите права како и кај хетеросексуалните вонбрачни заедници. Пресудите на Европскиот суд за човекови права, на пример, во случајот *Олиари и др. против Италија* од 2015 година ќе ги зајакнат барањата. Иако Европската комисија се воздржувала од вклучување на прашањето за истополовите заедници во своите годишни извештаи за напредокот на земјите од Западен Балкан, тој став се менува, па е сè поочигледно дека ова прашање се вклучува во различни извештаи и до државите од Западен Балкан се испраќа индиректна препорака да работат на правната регулација на истополовите бракови.

Како и во случајот на веќе споменатиот модел-закон за родовиот идентитет, граѓанските организации во регионот се одлучуваат за самостојно пишување на модел-

законите. Првиот закон е направен во Србија во 2010/2012 година. Модел-законот за регистрирање на истополовите заедници бил изготвен со цел да се отвори дијалог за идните законски решенија поврзани со обезбедувањето целосна еднаквост на геј и на лезбиските парови во остварувањето на правата поврзани со брачните и со семејните односи. Предложените решенија требало да послужат како почетен работен материјал, врз чијашто основа, примарно во соработка со организациите посветени на правата на ЛГБТИ-луѓето, би можело да се размислува за напредни, односно за соодветни нормативни решенија. Првиот модел-закон е направен во соработка со партнерските организации на Центарот за унапредување на правните студии, Лабрис и АИРЕ-центарот.

Владата на Србија се обврзала да изработи владин модел-закон за регистрирање партнерство меѓу лица од ист пол. Тоа било предвидено со Акциски план за спроведување на Стратегијата за превенција и заштита од дискриминација за периодот 2014-2018, но со пишувањето на тој закон воопшто не се ни почнало, и не била формирана работната група. И покрај фактот дека дури и српската премиерка Ана Брнабиќ живее во истополова заедница и дека во таква заедница расте дете што го родила нејзината партнерка, ова прашање сè уште не е ставено на дневниот ред на владата. Опозициски пратеник Чедомир Јовановиќ во парламентарна постапка поднел нацрт-закон за регистрирање на истополовите заедници, но истиот воопшто не бил разгледуван на дневниот ред на Собранието во Белград.

И во Босна и Херцеговина се изработени модел-закони за животните заедници на лицата од ист пол – еден за Федерацијата БиХ, а друг за Република Српска, со оглед на тоа дека областа на брачните права е во надлежност на ентитетите. Овие модел-закони се направени во 2016 година, во соработка со босанскохерцеговските и хрватските експерти Наталија Петриќ, Борис Крешиќ, Гордан Босанац, Горан Селанец и Федра Иџаковиќ, и истите се претставени на стручната конференција во Сараево. Во 2016 година, барање за регулирање на ова прашање е испратено и преку активистичката протесна акција до сите парламентарци/ки во Парламентот на Федерацијата БиХ, по повод 17 мај, но до денес парламентот не презел никакви мерки. Подоцна ќе покажеме како оваа тема сепак завршила на дневниот ред на Владата на Федерацијата БиХ.

Во Албанија, прашањето за истополовите партнерства се дискутира од 2009 година. Тогашниот премиер Сали Бериша изјавил дека ќе го поддржи усвојувањето на законот, но тој никогаш не бил изработен. Во 2013 година, народниот правобранител Игли Тотозани најавил законска иницијатива на оваа тема, но и од тоа не излегло ништо. Уставот на Албанија не нуди дефиниција за брачните заедници, туку го дефинира правото на склопување брак како универзално право, без полови одредници.

Слична е и ситуацијата на Косово. Уставот го овозможува правото на брак за сите. Во 2014 година, тогашниот претседател на Уставниот суд, Енвер Хасани, на едно предавање изјавил дека уставните одредби се многу јасни и дека секој има право на брак. Овој став е пренесен во медиумите и многу граѓани/ки мислеле дека истополовите бракови се навистина можни.

Со сигурност најнегативен развој се случува во Македонија, каде што во 2013 година, под власта на десничарската партија ВМРО-ДПМНЕ и нејзините коалициски партнери, започнала кампања со цел во Уставот бракот да се дефинира како заедница на еден маж и една жена. Првичниот обид не успеал, бидејќи немало двотретинско парламентарно мнозинство. Овој предлог бил повторно активиран во 2015 година и вклучувал обврска

законите кои ја регулираат брачната заедница, семејните прашања и вонбрачната заедница да се усвојат со двотретинско мнозинство. Поради недостиг на двотретинско мнозинство во последниот круг на гласање, уставните измени сепак не биле донесени.

Црна Гора потврдува дека на оваа тема може да ѝ се пристапи поразлично и афирмативно. Во 2018 година, по неколку години застапување од страна на граѓанските организации, владата утврдила нацрт-закон за животно партнерство на лица од ист пол, и го проследила до парламентот. Владата успешно се спротивставила и на притисоците што доаѓале од верските заедници, особено од Српската православна црква, која барала прашањата за старателството над децата да бидат целосно исклучени од нацрт-законот. Законот ја поминал парламентарната постапка, но во јуни 2019 година не го добил потребното мнозинство, поради недостиг на гласови од претставниците на малцинските етнички заедници кои биле дел од владејачката коалиција. Негативниот став на пратениците/чките од малцинските партии тогаш бил поздравен и од црногорско-приморскиот митрополит Амфилохие, кој на претставниците/чките на Бошњаците, Хрватите и Албанците им испратил и писмена честитка. Владата и ЛГБТИ-движењето не го прифатиле неуспехот и набрзо повторно се обиделе. Законот е усвоен во вториот обид, во јули 2020 година. Со тоа, малата Црна Гора го направила она што не успеала да го направи ниту една западнобалканска држава – им овозможила на истополовите парови да склучуваат заедници признати со закон.

Усвојувањето на законот за истополови партнерства во Хрватска во 2014 година беше од големо значење за државите од Западен Балкан, бидејќи тој овозможи партнерства да склопуваат и лица кои не се државјани/ки на Хрватска и оние кои немаат престој во оваа земја. За неколку десетици парови од просторите на поранешна Југославија овој закон отвори можност да склучат истополови заедници, па таа можност ја искористија многу парови од БиХ, Србија и од Македонија. Некои од нив одлучиле во своите земји да поведат стратегиски парници пред домашните судови, со цел признавање на нивните заедници склучени во Хрватска. Во 2017 година, таква судска постапка покрена една геј-двојка во Босна и Херцеговина, која - заедно со другите случаи - доведе до тоа, во 2018 година, Министерството за внатрешни работи на Федерацијата БиХ да се обрати до Владата на Федерацијата БиХ со информација за зачестена појава на вакви случаи. Како резултат на тоа, Владата на Федерацијата БиХ го задолжила Министерството за правда да формира работна група што ќе работи на ова прашање. Оттогаш се поминати две години, а работата на ова прашање започна дури во 2020 година. Сепак, се чини дека Владата на Федерацијата БиХ е далеку од подготовка на нацрт-закон што би се разгледувал во парламентот.

Иако Црна Гора поставила високи стандарди и очекувања со усвојувањето на законот за истополовите заедници, изгледа дека само тужби пред уставните судови, а можеби и пред Европскиот суд за човекови права, ќе ги натераат другите држави да се одважат за конечно законски да го регулираат прашањето на истополовите заедници. Не го очекуваме ниту тоа дека политичките партии од левиот спектар ќе се одважат самостојно да предложат закони за истополови заедници во парламентот. Сè уште не е отворена значајна дискусија за целосно изедначување на геј и на лезбиските бракови со стрејт-браковите.

4.5 Демедикализација на трансродовоста и на небинарните идентитети

Во текот на изминатите три децении се случија позитивни промени кога станува збор за декриминализацијата на истополовите односи, Светската здравствена организација ја депсихопатологизира хомосексуалноста, создадена е правна заштита од дискриминација, како и заштита од кривични дела врз основа на сексуалната ориентација и родовиот идентитет. Сепак, за целото време транс-луѓето и натаму остануваат пациенти/ки на медицински третман.

Историска промена се случила во 2019 година. На 72-то собрание на Светската здравствена организација, во мај 2019 година, е усвоена 11-тата ревизија на Меѓународната класификација на болестите (МКБ-11), според која родовиот идентитет веќе не се третира како прашање на сексуалното и на репродуктивното здравје. По тој повод, една експертка од Светската здравствена организација го изјавила следново: „[Родовиот идентитет] е отстранет од списокот нарушувања на менталното здравје, затоа што се стекнавме со подобро разбирање дека тука не станува збор за ментално здравје. Таквото третирање на родовиот идентитет предизвикуваше стигма." За да го отвори патот кон оваа промена, Светската професионална асоцијација за здравјето на трансродовите луѓе (WPATH) во 2010 година започнала кампања со цел депатологизација на трансродовоста, односно транссексуалноста. Иницијативата се однесувала на отстранување на „нарушувањето на родовиот идентитет" и на укинување на практиката дека транс-луѓето мора да добијат психијатриска дијагноза за да ги остварат основните човекови права.

Имајќи го предвид отпорот, незнаењето и целосното занемарување на транс-правата од страна на државните власти во земјите од Западен Балкан, ќе треба да се следи начинот на кој, по оваа одлука, ќе се менуваат политиките, законодавството и практиките во врска со правната регулација на правото на промена на личното име и ознаката за полот во матичните книги и во личните документи, но и медицинската поддршка на транссексуалците, кога станува збор за, на пример, хормонална терапија и хируршки зафати. Ни се чини дека транс-прашањата се маргинализирани и кога станува збор за дневните редови на локалните активистички движења, но и на меѓународните фактори. Добро поместување претставува поголемата видливост на транс-луѓето во годишните извештаи на Европската комисија за сите земји од Западен Балкан. Па така, во извештајот за Албанија за 2019 година се истакнува фактот дека дури 10 транс-луѓе ја напуштиле државата и побарале азил во странство, а знаеме дека тоа не се случува само во Албанија. Времето ќе покаже дали ова ќе биде доволно за да се изврши притисок врз националните власти, со цел поцелосна регулација на транс-прашањата, на пример, преку усвојување, како што беше споменато претходно, сеопфатни закони за родов идентитет, кои се засноваат на принципите на самоопределување и депсихопатологизација.

Со оглед на тоа дека небинарното определување на идентитетот е потреба на одреден број луѓе во рамките на ЛГБТИ-заедницата – оние кои веќе не прифаќаат да се вклопат во ригидниот машко-женски систем, посебен предизвик ќе биде општественото и правното прифаќање на небинарните идентитети, бидејќи правните и политичките системи, како и државната администрација на Западен Балкан, сè уште функционираат врз основа на принципот на бинарност.

4.6 Нови букви кон ЛГБТ: И за интерсексуалноста

Од своите почетоци во 90-тите години, ЛГБТ-активизмот се темели на инклузивно разбирање на полот, родот, сексуалната ориентација и родовиот идентитет, па така, од почетокот низ активизмот се провлекува и прашањето на интерсексуалноста, укажувајќи на фактот дека и прашањето за полот не е нужно бинарно. Светлана Ѓурковиќ, една од основачките на Здружението Кју од Сараево, првата ЛГБТИК-организација во БиХ, уште на почетокот на 2000-тите години учествувала во изработката на активистички едукативни материјали, кои ги издала загрепската организација Женска соба во 2006 година со наслов „Креација на полот? Родот?". Сепак, сè до неодамна ЛГБТ-активизмот на повеќето организации се фокусирал само на прашањата поврзани со хомосексуалноста и трансродовоста, што делумно може да се разбере.

И на европско ниво, прашањето за правата на интерсексуалците не било видливо тематизирано. Дури во 2012 година се основа ОИИ Европа, (Европска организација интерсекс интернационал), која ги собира активистите/ките од цела Европа. Долгогодишниот активист од Белград, Кристиан Ранѓеловиќ, како единствено лице од Западен Балкан, работи во оваа организација како член на управниот одбор.

Ова прашање добило значајна видливост меѓу активистите/ките и експертите за човекови права во 2015 година, кога Комесарот за човекови права при Советот на Европа ја објавил публикацијата под наслов „Човековите права и интерсексуалните луѓе", која следната година била преведена на босански/хрватски/српски јазик и за првпат е објавена на Балканот во издание на Сараевскиот отворен центар. Оваа организација е една од првите ЛГБТ-организации која во својата мисија и визија го внела прашањето за интерсексуалноста, покажувајќи им на интерсексуалците дека вратата на оваа организација е отворена и за таа заедница, и им обезбедила повеќе од формална декларативна поддршка преку едноставно додавање на буквата И во акронимот ЛГБТ. Оттогаш, па до денес, Сараевскиот отворен центар активно се застапува за вклучување на половите карактеристики во законодавната рамка, т.е. во измените и дополнувањата на Законот за забрана за дискриминација во БиХ. Како што наведовме и претходно, во 2016 година БиХ станала првата земја од Западен Балкан, а и пошироко, која експлицитно ги забранила сите форми на дискриминација, во сите сфери на животот, врз основа на половите карактеристики.

Гореспоменатиот Кристиан Ранѓеловиќ, како долгогодишен активист на организацијата Гетен од Белград, бил меѓу првите интерсексуалци на Западен Балкан кои зборувале за својот живот и за искуствата во медиумите. По примерот на малтешкиот закон

од 2015 година, Гетен во својот модел-закон за родовиот идентитет ги вклучил и прашањата кои се важни за интерсексуалците. Во 2017 година во Белград се основа организацијата XY Спектрум, посветена на правата на интерсексуалците и на транс-луѓето. Освен трансродовоста, и здружението Спектра од Подгорица, во својата работа се посветува на прашањата за интерсексуалноста. Нивната работа ја поддржуваат странски донатори и партнери, а позначајно е тоа што ги поддржува и Владата на Црна Гора, што уште еднаш позитивно ја издвојува оваа држава од другите држави на Западен Балкан.

Посебен предизвик што го носи иднината е тоа што повеќето ЛГБТИ-организации на Западен Балкан допрва треба да изградат квалитети врски со заедницата на интерсексуалците, интегрирајќи ги потребите на интерсексуалците во својата работа, преку создавање специфични сервиси за поддршка.

Сепак, најголем предизвик останува прашањето за правна регулација на правата на интерсексуалците. Бинарниот пристап кон полот - на Западен Балкан, како и во голем дел од Европа - во случај на раѓање интерсексуалните деца, не дозволува правното доделување на полот да се направи подоцна, туку веднаш по раѓањето на бебињата им се доделува пол. Уште поголеми последици врз животот на интерсексуалните лица имаат често непотребните медицински третмани. Колку што ни е познато, само во Белград постои мултидисциплинарен медицински тим кој е специјализиран за работа со интерсексуални бебиња. Генерално, во медицинската струка владее голема стигма. Повеќето медицински експерти/ки го одбиваат терминот *интерсексуалност,* а интерсексуални лица и натаму ги нарекуваат со надминатиот и денес погрден термин *хермафродити*. Сараевскиот отворен центар отворил јавна дебата во оваа област, објавувајќи на почетокот на 2017 година, меѓу другото, „Препораки за унапредување на правниот и на медицинскиот пристап кон интерсексуалните луѓе во БиХ". Сепак, земјите од Западен Балкан се далеку од промена на односот на медицината и правото кон оваа заедница, а борбата за остварување на правата на интерсексуалните луѓе е на самите почетоци.

4.7 Политичка хомофобија: Стара десница, нови напади

Имајќи на ум дека на овие простори и зборот *идеологија* главно се сфаќа како нешто негативно, конзервативните струи, некои верски заедници и групи, како и националистичките политички партии, преку додавање идеологија на секако омразениот збор – *gender* или *род* – во таканастанатиот термин виделе непријател против кој мора да се борат.

Терминот *родова идеологија* се користи за спротивставување на женските и ЛГБТ-права, како и на учењата што ги деконструираат есенцијалистичките и натуралистичките претпоставки за родот и за сексуалноста, како што тврдат словенечкиот социолог Роман Кухар и неговиот колега Давид Патернот. Противниците на родовата идеологија ја прогласуваат идејата за родовата еднаквост како идеологија и на тој начин го поткопуваат и го спречуваат нејзиното остварување. Родовата идеологија се обвинува дека претставува сериозна закана за општеството, затоа што го нарушува

биолошкиот и антрополошкиот темел на семејството. Исто така, родовата идеологија се обвинува дека има скриена политичка стратегија – да кова заговор со кој ќе ја преземе моќта и ќе ги наметне девијантните вредности на малцинството врз обичните луѓе. Полскиот социолог Елзбиета Королчук нагласува дека светата војна против родот, како транснационален феномен, се води во име на спасување на децата, семејството, па дури и на цивилизацијата, и вклучува јавни прогласи, протести, медиумски кампањи, собири и антиродови обуки. Королчук смета дека оваа војна треба да се толкува како сведоштво за недовршеноста на (феминистичката) револуција.

Иако наведуваме само еден од многубројните примери, станува збор за парадигматичен дискурс и сите звучат речиси исто: „Под велот на науката, ни се нуди родова идеологија" е напишано на страницата на една бискупија во Хрватска, „зад која се крие наметнување неприфатливи сексуални модернизми во нашата култура". Понатаму во текстот пишува дека најголемата трагедија на родовата идеологија е тоа што „таа создава родови според сексуалната ориентација, или дури настраност. Постои цел спектар родови идентитети: лезбиски, геј, бисексуален, транссексуален, како основни идентитети кои подоцна се развиле во нови поими: педо, анимал, плури... Според карактерот: педофил е род, што значи дека сам се декларирал не како маж, туку како педофил. Човек кој општи со животните е 'анимал', човек кој живее во инцестна врска (со роднина по крв) е 'инцести'." Освен што е лошо артикулирана, аргументацијата е неповрзана, и токму онаква каква што ја нудат сите противници на вредностите кои ги подразбира квир и феминистичкото конструирање на родот – во само еден скок од ЛГБТИ-идентитетот се стасува до педофил. „Родот (родовата идеологија) се занимава со квазинаучни истражувања: да се создаде ново општество што ќе биде родово освестено. Сведоци сме дека родовата идеологија тукутака не се проширила низ Европа, а сега и во Хрватска. Ветер во грб ѝ даваат нејзините промотори, политичката елита на власт." Понатаму се вели дека на мала врата во образованието се воведува „порнографско – промискуитетен – педофилски менталитет, со цел поттикнување еманципација и ослободување на родот, како биолошки и дар од Бога".[13] Загрижени се дека постојат заложби за смена на улогите на жените и на мажите, преку создавање хаос во општеството и уништување на семејството. Сѐ што е наведено тука сме го слушнале безброј пати – педофил, хаос и уништување на семејството.

На Западен Балкан не постои формален однос меѓу ЛГБТИ-заедницата и традиционалните верски заедници. Истражувањата што ги направил Сараевскиот отворен центар во 2012 и во 2017 година покажале дека повеќе од една петтина од испитаниците веруваат во Бог. Можно е бројот на овие луѓе во реалноста да биде многу поголем. Се разбира, религискиот идентитет е еден од неколкуте темелни и одредувачки идентитети на една личност. Секое ЛГБТИ-лице кое се аутирало прво пред себе, а потоа пред средината, и кое верува во повисока свест или во Бог, има тежок пат да најде спокој за својата душа и за своето тело. За среќа, некои верски групи со текот на времето се либерализирале, каков што е случајот со одредени протестантски заедници или реформаторското движење во јудаизмот, а некои од нив ги одобруваат истополовите бракови, додека други заедници примаат ЛГБТИ-луѓе како свештеници. На сите кои веруваат можеме да им го поставиме прашањето: Ако сексуалната ориентација,

13 Сите цитати се преземени од следната веб-страница:https://www.biskupijakrk.hr/gender-ideologija/

половите карактеристики и родовиот идентитет се предиспозиции дадени од Бога, кои сме ние да им судиме и со омраза да одговориме на божјата волја?

Сепак, кога станува збор за бракот, учењата на монотеистичките религии се сведуваат на прокреациско гледање на сексуалноста, бидејќи заедницата на маж и жена треба да обезбеди потомство и затоа сите тие, па дури и да се само најтврди струи, хомосексуалноста ја гледаат како на грев. Религијата е силно поврзана со уверувањето дека хомосексуалноста е прашање на избор. Муфтискиот совет на Исламската заедница во Босна и Херцеговина има едноставен став: „Во изворите на Исламот (Куран и Сунет), хомосексуализмот несомнено се квалификува како грев и разврат (ел-фахише) и како таков е забранет (харам)". Сите имами ширум земјата го пренесуваат овој заклучок, бидејќи „Исламот ги афирмира бракот и семејството, поттикнува на формирање брак и зачувување на вредностите на бракот, потомството и семејството, како основни клетки на човечкото општество".

Српската православна црква е непомирлива кога станува збор за хомосексуалноста. Тие не се радикални како ним блиската Руска православна црква која, на пример, го поздравила Законот за забрана на хомосексуалната пропаганда од 2000 година, но ја окарактеризирала легализацијата на истополовите бракови во западните земји како знак на апокалипсата. Вообичаените соопштенија на Синодот на Српската православна црква, по повод одржаните и неодржаните паради на гордоста, се движат од изјави кои повикуваат на „љубов за грешникот и осуда на гревот", до оние кои ја означуваат „хомосексуалноста како болест и морална девијација". Заради гротескните паралели, потсетуваме дека пред неколку години меѓународните организации за човекови права ја повикале Владата на Русија да ги истражи наводите за злоставување и убивање хомосексуалци во Чеченија, според наводите дека чеченските власти ги држат во таен затвор и ги мачат мажите за кои се сомневаат дека се хомосексуалци. Властите во Чеченија ги негирале ваквите наводи, а портпаролот на чеченскиот претседател изјавил дека во Чеченија „нема геј-луѓе". Истата реченица ја изјавил и еден српски политичар во 2007 година, кој со децении се наоѓа на врвот на политичкиот живот во Србија, а снимката може да се најде и на *Јутјуб,* кој вели: „Во Јагодина нема хомосексуалци". Оттогаш наваму, Драган Марковиќ Палма дал бројни тврдења полни со говор на омраза, а во меѓувреме е прогласен за виновен според одлуката на Апелациониот суд во Белград за дискриминација на ЛГБТ-луѓето, по жалбата поднесена од Геј-стрејт алијансата. Тогаш изјавил дека нема да го смени својот став за хомосексуалците и тоа ветување го одржал до денес, бидејќи не ја почитува ниту премиерката на неговата земја, која е лезбијка.

Уште еден случај во Србија е решен на суд. Имено, во 2012 година тамошниот Уставен суд донел одлука за забрана на ултрадесничарската организација Отачествено движење Образ, чиишто основни идеи и начела се темелат на омраза и нетолерантност кон сите малцинства во општеството, како и на директна повреда на човековите и на малцинските права и предизвикување национална и верска нетрпеливост. Една од причините за забраната биле бројните насилни акции на Образ, вклучително и организираните напади на ЛГБТ-луѓето и на полицијата за време на Парадата на гордоста во Белград, во 2010 година, кога се повредени околу 140 лица, како и заканите упатени кон активисти/ки од ЛГБТ-организациите и кон организаторите/ките на Парадата на гордоста.

Занимлива тема е и односот на одредени свештеници на православната црква кон трансродовоста. Веста дека транс-маж од Црна Гора бил крстен во црква во 2019 година

се проширила во регионот, иако и претходно имало слични примери. Имено, со децении Српската православна црква се води од толкувањето на зборовите на патријархот Павле од 1986 година - дека луѓето кои го промениле полот со медицинска оправданост ги имаат сите права за користење на даровите на Црквата Христова, од крштевање до причест, со тоа што се обврзани навремено да го известат свештеникот и да поднесат валидна медицинска документација. Како што наведува *Радио Слободна Европа* во своето известување, хетеронормативната и строго-бинарата трансродовост е прифатена бидејќи црквата смета дека промената на полот од медицински причини е оправдана, за разлика од „пропагандата и оправдувањето на истополовите односи и безумната родова идеологија на коишто бевме сведоци во последните децении и кои се, без сомнеж, грев." Поради оваа недоследност на Српската православна црква, митрополитот Амфилохие во Црна Гора може да крштева транс-маж, а истовремено, во своите јавни настапи, со години да зборува изразено негативно за правата на ЛГБТИ, а во 2013 година, во отворено писмо до организаторите на Парадата на гордоста во Подгорица, да им порача дека „дрвото што не дава плодови се сече и се фрла во оган". Поради ставовите кои се комбинација на невистини и омраза, ЛГБТИ-луѓето кои се верници често избегнуваат да одат во црква. Данијел Калезиќ од Квир Монтенегро вели: „Дел од ЛГБТ-заедницата се луѓе кои се верници, но поголем број од нив или ја избегнуваат црквата, бидејќи не чувствуваат дека таа е безбедна средина за искажување на нивниот верски идентитет, или одат во црква или на некое друго место за молитва, но таму на ниеден начин не ја искажуваат својата сексуална ориентација или родов идентитет. Тоа е последица на големиот говор на омраза на кој сме директно изложени, конкретно од страна на СПЦ, во последните десетина години."[14]

Десницата е итра и опасна. Добар пример за оваа теза е првата српска премиерка Ана Брнабиќ. Имајќи го предвид и секојдневното насилство што минува неказнето и нецелосните закони кои не ги заштитуваат правата на ЛГБТИ-луѓето во Србија, очекувано е да се постави прашањето: Како е можно лезбијка да стане првата премиерка во Србија? Времето покажало дека овој избор не бил многу еманципаторски и дека станува збор за потег насочен кон јавното мнение во Европската Унија, бидејќи почитувањето на правата на ЛГБТИ-луѓето е еден од клучните критериуми за да се оцени степенот до кој една земја е цивилизирана и може да стане членка на ЕУ. Времето покажало дека српската влада немала во план подобрување на правата на малцинските групи, па така сè што е поврзано со мандатот на премиерката е нешто слично на *пинквошинг* – лицемерен феномен чијашто цел е површно да се промовира одредена заедница, држава, компанија или производ, како пријателски настроен(а) кон ЛГБТИ-луѓето, претставувајќи се како прогресивна, а со тоа всушност само се свртува вниманието од длабокото и систематското загрозување на бројни други права на различни групи луѓе.

Некои од актуелните дебати што ги претставивме овде ја потврдуваат мислата дека минатото никогаш не завршува и дека на малку видоизменет начин останува составен дел и на нашата сегашност. Во нашиот случај – старите напади преоблечени во новото руво на десничарските иницијативи се составен дел и од денешните предизвици на ЛГБТИ-луѓето, заедницата, активизмот и движењето.

---

14 Цитирано според следнава веб-страница: https://www.slobodnaevropa.org/a/transrodnost-prihvatljiva-spc-u-ali-ne-i-homoseksualnost/30257896.html

Библиографија

Amar Numanović (2017): Brojevi koji ravnopravnost znače 2. Analiza rezultata istraživanja problema i potreba LGBTI osoba u Bosni i Hercegovini u 2017. godini. Sarajevo: Sarajevski otvoreni centar.

Berch Berberoglu (priredio, 2019): *The Palgrave Handbook of Social Movements, Revolution, and Social Transformation*, Palgrave Macmillan.

Bojan Bilić i Sanja Kajinić (priredili, 2016): Intersectionality and LGBTI Activist Politics. Multiple others in Serbia and Croatia. London: Palgrave Macmillan.

Boris Krešić et al. (2017): Izvan zakona: Pravna regulacija životnih zajednica parova istog spola u Bosni i Hercegovini. Sarajevo: Sarajevski otvoreni centar

Damir Banović et. al. (2016): Trans*formacija prava – modeli pravnog regulisanja prilagodbe spola u BiH. Sarajevo, Sarajevski otvoreni centar/Fondacija Friedrich Ebert.

David A. Snow et al. (2004): *The Blackwell Companion to Social Movements*. Maiden: Blackwell Publishing

Dennis Altman i Jonathan Symons (2016): Queer Wars. Cambridge: Polity Press.

Elzbieta Korolczuk (2014): The War on Gender from a Transnational Perspective – Lessons for Feminist Strategizing. Berlin: Heinrich Böll Stiftung

Eszter Kováts i Maari Põim (2015). Gender as Symbolic Glue: The Position and Role of Conservative and Far Right Parties in the Anti-gender Mobilization in Europe. Brussels: Fondation for European Progressive Studies and Friedrich-Ebert Stiftung Budapest

Fatbardha Osmanaga (2015): Student's attitudes toward homosexuality, u European Scientific Journal. Vol. 11 Issue 23, 170-183.

Francis Fukuyama (2018): Identity: the Demand for Dignity and the Politics of Resentment. New York: Farrar, Straus and Giroux.

Izvještaji UNDP projekta „Being LGBTI in Eastern Europe" za BiH, Srbiju, Sjevernu Makedoniju, Albaniju: https://www.eurasia.undp.org/content/rbec/en/home/library/democratic_governance/being-lgbti-in-eastern-europe--albania-country-report.html

Lejla Huremović i Jasmina Čaušević (2018): Ka pozitivnim praksama: Izvještavanje medija u 2017. godini o LGBTI temama u Bosni i Hercegovini. Sarajevo: SOC, dostupno na https://soc.ba/ka-pozitivnim-praksama-izvjestavanje-medija-u-2017-godini-o-lgbti-temama-u-bosni-i-hercegovini/

Jasmina Čaušević (2013): Brojevi koji ravnopravnost znače. Analiza rezultata istraživanja potreba LGBT osoba u Bosni i Hercegovini. Sarajevo: Sarajevski otvoreni centar.

Jelena Poštić, Svetlana Đurković, Amir Hodžić (2006): Kreacija spola? roda? Zagreb: Ženska soba, dostupno na http://zenskasoba.hr/hr/podrucja-rada/aktivnosti/izdavastvo/kreacija-spola-roda/

Jelisaveta Blagojević i Olga Dimitrijević (priredile, 2004): Među nama. Neispričane price gej i lezbejskog života. Beograd: Hartefakt Fond.

Judith Butler (1999): Gender Trouble, Feminism and the Subversion of Identity. New York: Routledge

Judith Butler (2000): Nevolje s rodom. Zagreb: Ženska infoteka.

Maya Lloyd (2005): Beyond Identity Politics: Feminism, Power & Politics. London: SAGE Publications.

Michael Haralambos i Martin Holborn (2002): Sociologija, teme i perspective. Zagreb: Golden marketing, 2002.

Mišel Fuko (1997): Nadzirati i kažnjavati: nastanak zatvora. Novi Sad: Izdavačka knjižarnica Zorana Stojanovića.

Natalija Petrić et.al. (2017): Izvan zakona: Pravna regulacija životnih zajednica parova istog spola u Bosni i Hercegovini. Sarajevo: Sarajevski otvoreni centar.

Peter L. Berger i Thomas Luckmann (1992): Socijalna konstrukcija zbilje: rasprava o sociologiji znanja. Zagreb: Naprijed.

Radenko Jotanović et.al. (2016): Pravna regulacija životnih zajednica istog spola u Hrvatskoj, Sloveniji, Srbiji i Bosni i Hercegovini. Sarajevo: Sarajevski otvoreni centar.

Robert Rhodes-Kubiak (2015): Activist Citizenship and the LGBT Movement in Serbia: Belonging, Critical Engagement, and Transformation. New York: Palgrave Macmillan.

Roman Kuhar i David Paternotte (2017, priredili): Anti-Gender Campaigns in Europe – Mobilizing against Equality. London/New York: Rowman & Littlefield.

UNDP (2017): Intersex Research Study. Albania, BiH, FYR of Macedonia and Serbia. Istanbul/New York,

World Bank Group (2018): Life on the Margins: Survey Results of the Experiences of LGBTI People in Southeastern Europe. Washington, D.C.

Zilka Spahić Šiljak (2012, priredila): Propitivanje ženskih, feminističkih i muslimanskih identiteta. Postsocijalistički kontekstu u Bosni i Hercegovini i na Kosovu. Sarajevo: CIPS.

Zlatiborka Popov-Momčinović (2013): „Ko smo mi da sudimo drugima?" Ispitivanje javnog mnijenja o stavovima prema homoseksualnosti i transrodnosti u Bosni i Hercegovini. Sarajevo: Fondacija Heinrich Böll – Ured za BiH.

Zlatiborka Popov-Momčinović (2013): Ženski pokret u Bosni i Hercegovini: artikulacija jedne kontrakulture. Sarajevo: Sarajevski otvoreni centar.

Zygmunt Bauman (2000): Liquid Modernity. Cambridge: Polity Press.

Интервјуа и онлајн написи:

Die Morina (2017): Kosovo Rights Activists Seek Clarity on Gay Marriage. https://balkaninsight.com/2017/07/04/kosovo-s-same-sex-marriage-laws-shrouded-in-ambiguity-07-03-2017/#gsc.tab=0

Islamska zajednica uputila vrlo vazan apel vjernicima u BiH zbog gay parade u Sarajevu (2019): http://www.bhdijaspora.net/islamska-zajednica-uputila-vrlo-vazan-apel-vjernicima-u-bih-zbog-gay-parade-u-sarajevu/

Jana Kujundžić (2019): Jačanje transfobnih glasova unutar feminizma. https://www.libela.org/sa-stavom/10562-jacanje-transfobnih-glasova-unutar-feminizma/?fbclid=IwAR3dyHlhPWGGwijQSXuAEJbTnylK__0qX0mTVzwok0UaArqzgyX0kxLsSSQ

Kristian Ranđelović o svom interseks iskustvu (2019): https://www.transserbia.org/interseks/1558-kristian-randelovic-o-svom-interseks-iskustvu

LGBT mladi i samoubistva: sa 13 je napisao roditeljima oproštajno pismo (2020): https://noizz.rs/big-stories/lgbt-mladi-samoubistva/kwck4g7

Predrag Tomović (2019): Transrodnost prihvatljiva SPC-u, ali ne i homoseksualnost. https://www.slobodnaevropa.org/a/transrodnost-prihvatljiva-spc-u-ali-ne-i-homoseksualnost/30257896.html

Transgender no longer recognised as 'disorder' by WHO (2019):https://www.bbc.com/news/health-48448804

Веб-страници:

http://www.okvir.org/kvir-arhiv-poziv-za-ucesce-licne-price-lgbtiqa-osoba/

https://www.biskupijakrk.hr/gender-ideologija/

https://www.dugineobitelji.com/slikovnica/

https://www.lgbti-era.org/content/albania

ПОГОВОР

Оваа книга е пишувана во текот на 2020 година, кога се одбележуваат 30 години откако Светската здравствена организација ја отстрани хомосексуалноста од списокот болести. Се надеваме дека успеавме да ги прикажеме промените и напредокот што е постигнат и кој денес навистина го живееме. Свесни сме дека за многу наши ЛГБТИ пријателки и пријатели промените не биле доволно брзи и дека не остариле многу од новостекнатите права, но следејќи го развојот, контекстуално и во одредена временска отсечка, тој е евидентен и не може да се порекне.

Во последните 30 години, правниот систем на Западен Балкан престана да ги смета ЛГБТИ-луѓето за болни и престана да ги казнува и да ги прогонува. Сите држави кои ги опфативме во оваа книга развиле различен систем на правна заштита од насилство и дискриминација, а Црна Гора отишла и еден чекор понатаму, усвојувајќи закон за истополови заедници. Иако за многумина е невидлива, се случила важна трансформација, благодарејќи на храброста и упорноста на ЛГБТИ-активистите/ките. Од друга страна, и процесот на демократизација и европеизација на овој регион има големо влијание врз тоа во блиска иднина ЛГБТИ-луѓето да бидат прифатени како рамноправни граѓани и граѓанки, без оглед на сеприсутноста на опасните предрасуди кои се дел од сите општества на Западен Балкан.

Сепак, во 2020 година ЛГБТИ-заедниците на Западен Балкан се соочуваат со нови предизвици. Надворешното влијание слабее, особено влијанието на Европската Унија, која ја потресуваат внатрешни проблеми – од Брегзит, преку КОВИД-19, до мигранти и бегалци – и сето тоа паралелно со засилената поделба меѓу либералните и конзервативните струи. Десницата е организирана и силна, а нејзините претставници/чки директно го напаѓаат постигнатата рамноправност и правата на ЛГБТИ-луѓето, служејќи се со аргументи како што се родовата идеологија, одржувањето на традиционалните вредности и зачувувањето на семејството. Сето тоа видливо се прекршува врз животите на луѓето во државите од Средна Европа.

Општествата на Западен Балкан се изморени од бесконечните интеграциски процеси. Без да се навлегува во полемика за тоа кој носи поголема одговорност за незавршувањето на процесите што ги спроведува Европската Унија, во сопствените животи чувствуваме дека нема напредок. Во таква атмосфера, државите од Западен Балкан станаа подрачја од каде што заминуваат граѓаните и граѓанките, вклучително и ЛГБТИ-луѓето. Се чини дека полесно се преживува во Западна Европа. Во процесите од политичко-идеолошкиот спектар доминираат десничарски и популистички струи. Во такви околности, повеќето луѓе не го гледаат како проблем занемарувањето на унапредувањето на правата на ЛГБТИ-луѓето. Се отвораат нови прашања – дали активистичките движења се во состојба, преку старите начини на борба, да извршат доволно голем

притисок врз политичките фактори, дали треба да развиваат нови стратегии за борба и зошто надворешните партнери се задоволуваат со мали промени?

ЛГБТИ-движењето има важна задача во следниот период – не само да се избори за целосна еднаквост кога станува збор за истополовите заедниците, правата на транс-луѓето и интерсексуалците, туку и да го задржи постојното ниво на права што е постигнато. Неопходни се нови форми на активизам и борба, нови стратегии за активистичко и политичко здружување и дејствување, за годините кои доаѓаат да не ни донесат рушење на воспоставениот систем на вредности и конкретна деградација во сите сфери на животот.

Хронологија на настаните: ЛГБТИ низ поновата историја

1951 Социјалистичка Југославија, и покрај намалувањето на казните, со новиот Кривчен законик и натаму ги криминализира машките истополови односи.

1973. Група психијатри од Австралија и од Нов Зеланд донесуваат одлука според која хомосексуалноста веќе не е болест. Прва таква одлука во светот.

1974 Американската асоцијација на психијатри ја отстранува хомосексуалноста о Дијагностичкиот и статистичкиот прирачник за ментални нарушувања (ДСМ-II).

1977 Словенија, Хрватска, Црна Гора и социјалистичката автономна покраина Војводина ја декриминализираат хомосексуалноста.

1984 Во Љубљана се организира првиот фестивал на геј и лезбиски филм, денес најстариот филмски фестивал на ЛГБТИ во Европа.

1986 Излегува единствената југословенска книга која се занимава исклучиво со хомосексуалноста, „Во рамките на сопствениот пол", од сексологот Маријана Кошичек.

1990 На 17 мај завршува 43-тото собрание на Светската здравствена организација во Женева: хомосексуалноста веќе не се смета за нарушување.

1991 (Социјалистичка Република) Босна и Херцеговина ја декриминализира хомосексуалноста. Се основа Аркадија, првото геј-лезбиско здружение во Србија, кое дури во 1994 година ќе добие дозвола за формално регистрирање во Министерството за правда.

1994 Србија ја декриминализира хомосексуалноста.

1995 Албанија ја декриминализира хомосексуалноста. Желимир Желник го снима филмот „Задник од мермер", во кој главната улога ја игра транс-жената Вјеран Миладиновиќ Мерлинка.

Се основа Лабрис, најстарата лезбиска организација во Србија и на целиот Западен Балкан, која работи и денес.

1996 Македонија ја декриминализира хомосексуалноста.

1998 Се отвора веб-сајтот www.Gay-Serbia.com, а по него и многу други веб-страници во сите земји од регионот, коишто ќе им овозможат на ЛГБТИ-луѓето безбеден простор за размена и за запознавање.

1999 Белградскиот активист Дејан Небригиќ е убиен од поранешен партнер.

2001 Обидот за организација на првата Парада на гордоста во Белград е прекинат со напад од десничарки групи.

2003 Привремената управа на ОН на Косово (УНМИК) усвојува привремен Кривичен законик со кој се потврдува декриминализацијата на хомосексуалноста.

Вјеран Миладиновиќ Мерлинка е убиена, а за нејзиното убиство никогаш никој не е осуден.

2004 УНМИК го донесува првиот закон за сузбивање на дискриминацијата на Косово, а воедно и првиот закон на Западен Балкан кој експлицитно забранува дискриминација врз основа на сексуалната ориентација.

2005 Почнува одбележувањето на Меѓународниот ден за борба против хомофобијата (IDAHO).

2007 Српската пејачка Марија Шерифовиќ победува на Евровизија. Уште тогаш се поврзува со ЛГБТИ-заедницата, а подоцна и самата ќе се аутира како жена која љуби жени.

2008 Психијатриската секција на Српската лекарска комора потврдува дека хомосексуалноста не е болест.

Обидот да се организира уметничкиот фестивал Квир Сараево завршува со напад и прекинување на фестивалот веднаш по неговото отворање.

Започнува процесот на визна либерализација, кој во 2009 и 2010 година ќе резултира со усвојување закони за забрана на дискриминацијата во Албанија, БиХ, Црна Гора и Србија, со кои се забранува дискриминација врз ЛГБТИ-луѓето.

2009 Албанскиот премиер Сали Бериша најавува правно признавање на истополовите бракови, што не се остварува.

2010 Советот на Европа ја усвојува Препораката CM/Rec(2010)5 на Комитетот на министрите од државите-членки за мерките за сузбивање на дискриминацијата врз основа на сексуалната ориентација или родовиот идентитет.

Во Белград се организира Парада на гордоста, прва која не е забранета или насилно прекината.

2012 Во Тирана се одржува првиот (П)рајд, парада на гордоста на велосипед, по која овој град ќе стане препознатлив во целиот регион.

2013 Десничарски групи упаѓаат на промоцијата на списанието *Косово 2.0* во Приштина.

2014 Хрватска усвојува закон за регистрирање истополови заедници, што ќе им овозможи на многу двојки од Западен Балкан да склопуваат бракови, без признавање во нивните држави.

2016 БиХ станува првата држава во Југоисточна Европа која, преку измени во законот за забрана на дискриминација, воведува експлицитна забрана на дискриминација на интерполовите лица.

2018 Во Македонија се основа интерпартиска група на парламентарци/ки чијашто цел е застапување за унапредување на човековите права на ЛГБТИ-луѓето.

2019 На 72-то собрание на Светската здравствена организација се усвојува 11-тата ревизија на Меѓународната класификација на болестите (МКБ-11), според која родовиот идентитет веќе не се смета за нарушување, туку се третира како прашање на сексуалното и репродуктивното здравје.

Европскиот суд за човековите права во Стразбур донесе одлука во случајот *Икс против поранешната југословенска Република Македонија,* клучна пресуда кога станува збор за правното признавање на родовиот идентитет.

Во Сараево и во Скопје се организираат првите паради на гордоста, а воедно и последните први паради во некои од главните градови на Западен Балкан.

2020 Уставниот суд на Северна Македонија го укинува законот за сузбивање на дискриминацијата донесен во 2019 година, со што државата неколку месеци остана без правна рамка за сузбивање и забрана на дискриминацијата.

ЗА АВТОРОТ И АВТОРКАТА

Саша Гаврић (1984) е активист, застапувач и експерт кој работи на полето на човековите права, родовата еднаквост и демократското владеење. Во 2007 година завршил студии по политички и управни науки на Костанца (Германија), кога ја почнува и својата професионална кариера во областа на културната дипломатија, работејќи во Гете институтот во Сараево. Паралелно со неговиот прв работен ангажман, Саша завршува постдипломски студии по меѓународни односи и дипломатија на Факултетот за политички науки во Сараево. Како еден од основачите, од 2011 година раководи со Сараевскиот отворен центар, организација што ќе стане една од централните граѓански организации во БиХ, особено во областа на застапувањето, човековите права, сузбивањето на дискриминацијата, родовата еднаквост и правата на ЛГБТИ-луѓето. Во 2018 година ја напушта БиХ за да работи во мисијата на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) на Косово, а потоа и во Северна Македонија. Од јули 2020 година работи како експерт за родова еднаквост во Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР) при ОБСЕ, во Варшава. Во текот на својата кариера соработувал со агенциите на Обединетите нации, германски и американски политички фондации и европски чадор-организации, како што се Европското женско лоби, а се стекнал и со значајно новинарско и издавачко искуство, објавувајќи повеќе од 50 книги и научни написи, како автор, коавтор, истражувач или уредник/коуредник. Неговите професионални и истражувачки интереси се однесуваат на политичките системи на Западен Балкан, институционалните механизми за унапредување на човековите права и родовата еднаквост, интеграцијата на родовите перспективи во јавните политики, родовата рамноправност и политичкото учество, како и механизмите, активизмот и политиките за човековите права на ЛГБТИ.

Јасмина Чаушевиќ (1976) дипломирала книжевност и јазик на Филолошкиот факултет во Белград, а во 2008 година се стекнува со магистерска титула по општествени науки во областа на родовите студии на Универзитетот во Сараево. Пред дваесет години, благодарение на белградската лезбиска организација Лабрис и на теоретичарката и поетесата Дубравка Ѓуриќ, ја открива феминистичката епистемиологија и книжевна критика, како и квир-литературата. Била уредник и автор и работела како коавтор на голем број студии и истражувања, меѓу кои е особено горда на „Начините за надминување на дискриминацијата во јазикот во образованието, медиумите и правните документи", заедно со Сандра Злотрг (2011, Сараево: Здружение за јазик и култура Лингвисти и ЦИПС Универзитет од Сараево). Заедно со Саша Гаврић го уредила „Поимникот на ЛГБТИ-културата" (2012, Сараевски отворен центар, Фондација Хајник Бел). Се јавува како уредник на „Забележани. Жените и јавниот живот во Босна и Херцеговина во 20 век" (2014, Сараевски отворен центар, Фондација Цуре). Држи предавања и работилници на теми поврзани со родовата еднаквост и широкото поле на феминизмот и квир-студиите.

Во последните пет години била координаторка на академско-активистичката образовна програма „Феминистичко школо на Жарана Папиќ" при Сараевскиот отворен центар. Во фокусот на нејзините интереси се историјата, културата и правата на жените и на ЛГБТИК-луѓето, како и феминистичката лингвистика.